**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**

***ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ***

***Институт за историја***

# МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 – 1903 ГОДИНА

**(магистерска работа)**

**ментор**
**проф. д-р Кочо Сидовски**

**изработил**
**Наташа Симоновска**

**Скопје, 2006**

# ПРЕДГОВОР

По сугестија на мојот ментор проф. д-р Кочо Сидовски и секако по моја желба произлезе изборот на оваа магистерска тема: „Македонија во политиката на Велика Британија во периодот од 1875 – 1903 година“. Особен предизвик претставуваше истражувањето на изворниот архивски материјал кој во Државниот Архив на Република Македонија е донесен од Public Record Office (Државен Архив на Обединетото Кралството Велика Британија и Северна Ирска) во Лондон, од фондот Foreign Office (Министерство за надворешни работи на Велика Британија), а во ДАРМ се чува на микрофилм во Фондот – Foreign Office (Министерство за надворешни работи на Велика Британија).

Нормално, сето ова истражување дополнето и со проучувањето на соодветната литература придонесе да се комплетира сликата за политиката на една голема сила како што била Велика Британија кон Македонија. Голем беше интересот да се спознае поблиску со таа политика и тоа во еден мошне бурен период во македонската историја. Имено, почнувајќи од Големата источна криза (1875 – 1878) македонскиот народ почнал поорганизирано и порешително да чекори на патот кон своето ослободување од неколку вековното османлиско ропство. Но таа борба на македонскиот народ не вродувала со плод, а во решавањето на Источното прашање европските држави тргнувале од сопствените интереси на ова подрачје. Така на пример, Велика Британија, тргнувајќи од својот интерес да ги осигура копнените и морските патишта за Индија, а исплашена од продорот на руското влијание во Империјата и руското претендирање за излез на топлите морињa, била за зачувување на интегритетот на Империјата. Во таа смисла таа била против ослободителните стремежи на поробените балкански народи, а во тој контекст и на македонскиот народ, затоа што тие го поткопувале интегритетот и ја слабееле Империјата. Оваа политика Велика Британија ја преферирала се до деведесеттите години на XIX век кога се појавила зголемена опасност од германскиот продор на Истокот и во Империјата. Во овој период Велика Британија постепено почнала да излегува од „сјајната изолација“ и активно да се вмешува во решавањето на Источното прашање.

Во тој контекст таа ја напуштила и политиката на зачувување на статус квото на Османлиската Империја и почнала да ги поддржува националноослободителните движења на македонскиот и другите се уште неослободени балкански народи, а се со цел да го спречи германскиот продор на Истокот.

# ВОВЕД

Со длабока социјално – економска, општествено – политичка и воена криза која се заканувала по нејзиниот опстанок Османлиската Империја зачекорила во XIX век.Кризата имала соодветни реперкусии на внатрешен план а секако и на надворешен и тоа особено се одразило во неуспешното водење на војни на Империјата со своите главни непријатели во овој период а тоа биле: Русија и Австрија. Тоа, пак, од своја страна значело прекин на приливот на приходи што со себе го носело освојувањето на нови територии. За да ја наполни испразнетата државна каса централната власт почнала да воведува нови и да ги зголемува старите даноци, а воедно да спроведува и една политика на давање на државната земја под закуп на лица кои однапред давале големи суми на пари, но со тоа таа постепено ги губела трајно своите извори на приходи. Борбената способност била на едно незавидно ниво во услови на десеткувана спахиска војска и недисциплинирани јаничари на кои бавењето со трговија им бил поголем предизвик отколку водењето војни.

Со цел да се спречи започнатиот процес на распаѓање на државата, почнувајќи уште од крајот на XVIII век, султаните започнале да воведуваат извесни реформи со кои требало да се постигне економско јакнење на државата, нејзино воено издигнување и јакнење на централниот државен апарат.

Во првата половина на XIX век биле донесени два значајни акта од оваа ера на реформи позната во историјата како „танзиматска ера", кои ветувале многу, но, сепак, се останало само мртва буква на хартија барем во поглед на христијаните и подобрувањето на нивната состојба. Реформите биле со ограничен карактер и ред сé се однесувале на военото зацврстување на државата и зацврстување на државниот апарат. Во нив не биле предвидени аграрни реформи со кои би се подобрила состојбата на селаните, не го спречувале процесот на претворање на државната земја во приватна, не предвидувале ограничување на огромните поседи кои во вид на вакафи биле во рацете на муслиманското духовенство.[1] Исто така не

[1] Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје 1989, 31.

предвидувале укинување на протекционистичката политика на западно европските држави. Имено, во средината на XIX век, Империјата практично била полуколонија на западноевропските држави и тоа главно на Велика Британија и Франција. За нив Империјата била богат извор на суровини и пазар за пласман на своите индустриски стоки. Тоа од друга страна влијаело разорно врз домашната економија.

Во тој процес на претворање на Империјата во полуколонија најслаба позиција имала Русија заради нејзиниот се уште доминантен феудален поредок кој му стоел на патот на капиталистичкиот развој, а тоа, пак, ѝ пречело да биде соперник на економското влијание на западните држави. Тоа било и причина за слабата дипломатска положба на Русија во Цариград, за разлика од онаа што ја имале британската и француската дипломатија. Затоа, пак, Русија ги имала симпатиите на покорените христијански народи во Империјата – Срби, Грци, Бугари, Македонци, Црногорци – кои во неа гледале сила која можела да им помогне во ослободувањето од османлискиот јарем.

Рускиот царизам на ова подрачје имал за цел да осигура господство над протоците (Босфорот и Дарданелите) и да добие излез на „топлите“ мориња (Средоземието), што би довело до економско јакнење на цела Јужна Русија, би ги засилило нејзините економски врски со средоземието и би ѝ гарантирало заштита на нејзиното црноморско крајбрежје. Во овие нејзини намери таа имала големи непријатели во лицето на Велика Британија и Франција на кои им одговарало постоењето на една слаба Османлиска Империја која би била бариера против рускиот излез на средоземието.

Особено на Велика Британија не и одговарало руското присуство на ова подрачје, затоа што таа планирала да завладее со османлиските провинции на Блискиот Исток и да воспостави господство над патиштата за Индија.

Постоеле две спротиставени линии во решавањето на Источното прашање: едната била за поделба на Империјата, а таа ја застапувала Русија, а другата била за

зачувување на статус квото, која ја поддржувале Велика Британија, Франција и Австрија.[2]

Како и секогаш јаболкото на раздорот бил Балканскиот Полуостров. Овие две линии во решавањето на Источното прашање јасно дошле до израз за време на Кримската војна (1853 – 1856) која се водела меѓу Русија од една и Империјата и нејзините сојузнички: Велика Британија, Франција, Австрија, Сардинија и Прусија од друга страна. Русија доживеала катастрофален пораз во оваа војна, а на Парискиот мировен договор со кој била окончана војната, таа била лишена од бројни територии. Велика Британија, Франција и Австрија потпишале согласност со која ја гарантирале целоста на Империјата во границите одредени со договорот во Париз.

Во овој период поради големите воени расходи Империјата го побарала и првиот надворешен заем од Велика Британија и Франција, со што уште повеќе се вплеткала во мрежата на зависност од западниот капитал, а врв на сето тоа било основањето на „Банк Отоман“ во Цариград, со странски капитал.

Во наредниот период, сé до следната голема Источна криза во 1875 година, Големите сили настојувале да ја принудат Портата доследно да ги спроведе ветени те рефиорми, со што би се подобрила положбата на христијанското населениеНа внатрешен план кризата се рефлектирала на тимаро-спахискиот csстем на чии што основи почиваше големината на Империјата. Зголемената потреба за парични средства и вишокот производи за пазарите ги натерало спахиите се повеќе натуралната рента и ангаријата да ги претвораат во парични, а земјата која им ја доделувала државата со обврска да служат војска да ја претвораат во приватна сопственост – чифлик. Во процесот на претворањето на државната земја во приватна и претворањето на спахиите во чифликсајбии, тие престанувале да ја вршат најважната функција, а таа била воената. Истовремено тој процес бил придружен со масовно обезземјување на селаните кои сега или останувале на стариот имот и ја обработувале земјата под услови кои им ги диктирал

---

[2] Ристо Поплазаров, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот (1850 – 1878), Скопје 1978, 11.

чифликсајбијата, или преминувале кај друг феудален господар.[3] Економската состојба на овие селани – чифлигари била далеку потешка отколку на баштиниците затоа што тие биле подложени на двојна експлоатација, односно од една страна имале даночни обврски кон спахијата, а од друга страна кон чифликсајбијатате реформи, со што би се подобрила положбата на христијаните.

Сите промени на социјално – економски и општествено – политички план секако дека имале соодветен одраз и врз состојбата во Македонија која се уште била дел од Империјата, поточно дел од румелискиот ејалет, чие седиште од 30-те години на XIX век било во Битола. Процесот на создавање на чифлици, кој во Македонија започнал уште во XVI век, во XIX век ја достигнал својата кулминација.[4]

Тогаш биле создадени и најголемиот број чифлици, а во прилог на тоа одела анархијата во државата кога во различни делови од Македонија речиси целосно самостојно владееле паши.

Чифигарскиот систем во суштина бил завршен процес на обезземјување на македонските селани, а положбата на чифлигарите била мошне тешка. И положбата на слободните селани била тешка затоа што тие биле постојано тероризирани од разни разбојнички банди кои крстосувале низ земјата. Сето тоа било причина македонскиот селанец се почесто да се префрла во градовите каде што се чувствувал посигурен. Така во XIX век дошло до промена на етничката структура на македонските градови и до зголемување на македонскиот елемент наспроти доминантниот османлиски. Со тек на време македонскиот елемент почнал да стекнува позначајни позиции во внатрешната и надворешна трговија, а особено во областа на занаетчиството, една од основните гранки на градското стопанство.

По ликвидирањето на тимаро – спахискиот систем кое во Македонија завршило во 1864 година, во областа на аграрно – производните односи истовремено егзистирале и облиците на натурално – стопанисување, но имало и зародиш на капиталистички елементи.

---

[3] Историја на македонскиот народ, том II, Скопје 1969, 8.

[4] Историја на македонскиот народ, т. III, Скопје 2003, 12.

Ограничените реформи кои ги спроведувала Империјата не довеле до подобрување на положбата на македонскиот народ. Единствена придобивка од тие реформи, со кои требало Империјата да добие европски лик, за Македонија била модернизацијата на патната мрежа, поставувањето на првите телеграфско – поштенски линии, а особено трасирањето на првите железнички линии преку кои Македонија била поврзувана со европските центри.[5] Со тоа се зголемил обемот на увозната и извозната трговија од Македонија и тоа особено преку нејзиното најзначајно солунско пристаниште.

Процут доживеале и панаѓурите како средишта на трговската размена, како и македонското занаетчиско производство.

Во меѓувреме продолжила и добила на интензитет и борбата на македонскиот народ против османлискиот јарем која во првата половина на XIX век се уште имала форма на ајдутски отпор. Меѓутоа, веќе од втората половина на XIX век, почнале првите манифестации на организиран вооружен отпор. Прва таква манифестација било востанието на Џами (Цами) Караташо во 1854 година кое избувнало во јужниот дел на Македонија, на Халкидик, кое имало јасни слободољубиви цели и тенденција да се прошири и во внатрешноста на Македонија.

Но, дури во 70-те години на XIX век македонското национално движење влегло во својата повисока развојна фаза, кога требало да се решава прашањето за државноста. Сега за прв пат како основна движечка сила во македонското национално – ослободително движење се јавува македонското селанство водено и организирано од носителите на вооружената борба – средната граѓанска буржоазија и македонската интелигенција.

Паралелно со ова македонскиот народ водел борба и за културно – просветна еманципација од Цариградската Патријаршија. Тоа резултирало со изградба на сопствени цркви, општински училишта во кои се воведувала современа настава и барања за воведување на македонскиот, т.е., црковно – словенскиот јазик на местото на грчкиот јазик во училиштата и богослужбата. Подоцна ова движење

---

[5] Ibidem, 46.

од антипатријаршиско се претворило во антиегзархиско по создавањето на бугарската егзархија во 1870 година која набрзо започнала да се бори за проширување на својата црковна власт, не само во бугарските епархии, туку и во епархиите во Македонија и Србија, и да го наметнува бугарскиот јазик во богослужбата и во училиштата.

# ГЛАВА I
# ГЕНЕЗА НА БРИТАНСКИОТ ИНТЕРЕС КОН МАКЕДОНИЈА

## 1. Најстарите британско – македонски врски до 1875 година

### *1.1. Политички односи*

Поволната географска и геополитичка поставеност во средиштето на Балканскиот Полуостров, а со тоа и на крстопатот меѓу Истокот и Западот, придонело Македонија да биде во центарот на вниманието на многу земји уште од дамнешни времиња.

Во таа смисла Велика Британија не правела исклучок, а нејзиниот интерес во текот на вековите непосредно бил поврзан со нејзиниот интерес кон Истокот, Блискиот Исток и Балканскиот Полуостров воопшто. Корените на британскиот интерес кон Македонија треба да се бараат длабоко во средниот век и тоа биле пред сѐ забележувањата на хроничарите. Така првото споменување врзано со Македонија било во една хроника од 725 година. Поодредени показатели содржела хрониката на Ненио од раниот IX век (Eulogium Britannie Sive Historia Britonum) со нагласување: „Macedonia, provincia Europae“.[6]

Првите, пак, контакти на Британците со македонското тло биле поврзани со преминувањето на британски дружини низ Македонија во византиска служба. Поконкретно, британското навлегување било во врска со норманските завладувања кога во 1081 и 1082 година навлегле во Јужна Македонија, го зазеле градот костур и други македонски градови.[7] Вториот бран на британско навлегување во Македонија бил во врска со Крстоносните војни.

---

[6] Христо Андонов Полјански, Македонското прашање, Скопје 1990, 218.

[7] Ibidem, 219.

Османлиските завладувања на Балканот го свртеле вниманието на британските официјални власти и биле во центарот на вниманието во нивната коресподенција со другите европски земји. Така во коресподенцијата меѓу Велика Британија и Франција од 1528 година се третирале токму овие завладувања, а меѓу другото се земала во предвид и Македонија.[8]

Во првите векови од османлиското освојување на балканските земји на Британците им била оневозможена посетата на овие земји. Но веќе од крајот на XVI и почетокот на XVII век тоа се променило и Британците продолжиле да доаѓаат на Балканот, а со тоа воедно и во Македонија.

Кога во првите децении на XVIII век бил забележан обид на македонските првенци да ја покренат Европа за ослободување на Македонија од османлиското господство, истовремено бил забележан и британски интерес за настаните во Македонија, за планираното востание и поддршка за истото од западноевропските земји.[9]

Индустриската револуција во Велика Британија во XVIII век и забрзаниот капиталистички развој придонеле уште повеќе да се зголеми нејзиниот интерес кон Османлиската Империја и секако и кон Македонија како дел од Империјата. Тоа бил пред сè економски интерес т.е. потребата за суровини и евтина работна рака во Империјата, а истовремено и пазар за пласман на британските индустриски стоки. Но Велика Британија во овој период во однос на Империјата активно се ангажирала и на политички план. Имено, таа му се придружила на европскиот концепт кој бил активиран околу наследството и опстанокот на империјата. Во 1736 година во Лондон и во Даблин била објавена шемата на кардиналот Алберони за разделба на земјите на Империјата, а во таа шема била вклучена и Македонија.[10]

Зголемениот интерес на Велика Британија кон Македонија и тоа пред се на економски план резултирал со отворање на првите британски конзулати. Во 1718

---

[8] Ibid., 221.

[9] Id., 223.

[10] I., 226 – 227.

година[11] бил отворен британски конзулат во тогашниот најзначаен македонски економски и политички центар, градот Солун. И покрај тоа што главната насока во работата на конзулатот била да се следи стопанската состојба во Македонија, тој не се дистанцирал и од следењето на политичките прилики во Македонија. Британските дипломатски претставници во Македонија всушност биле главни спроводници на британската политика.

Во екот на Наполеоновите војни кога настојувала да го елиминира француското влијание од Балканот, Велика Британија пројавила поактивна политика на ова подрачје. Така во 1804 година Џон Мориер бил назначен за британски генерален конзул на Албанија, Мореја и соседните територии.[12] Тој меѓу другото добил задача да ги испитува балканските подрачја и да работи на елиминирање на француското влијание. Во јурисдикцијата на овој конзулат влегувал дел од Румелија во чиј состав влегувала и Македонија. Поради тоа во центарот на вниманието на споменатиот конзул меѓу другото била и Македонија. Натамошните наполеонови успеси на Балканот барале дополнителни британски иницијативи.

Една таква иницијатива била специјалната доверлива мисија на Вилијам Мартин Лик, познат британски политички и воен стручњак, археолог, филолог и истражувач.[13] Во неговата мисија која се одвивала од февруари 1805 до февруари 1807 година и потоа повторно од есента 1808 до крајот на 1809 година била опфатена и Македонија. Тој требало да ја испита тогашната современа состојба во Македонија, нејзината стратешка важност, комуникационите потенцијали, политичката раздвиженост и нејзиното културно наследство. Во врска со политичката состојба во Македонија, Лик, во својот осврт го нагласувал господството одметничките и другите паши и нивните полусамостојни територии во Македонија: Али Паша Јанински во југозападниот дел, Исмаил – бег во Серес,

---

[11] Во Предговорот на „Британските конзули во Македонија“, Скопје 2002, 11, пишува дека првиот британски конзулат во Македонија, поточно во Солун бил отворен во 1715 година.

[12] Христо Андонов Пољански, Op.cit., 230.

[13] Христо Андонов Пољански, Одбрани дела, Мисијата на Вилијам Мартин Лик во Македонија, т. III, Скопје 1981, 9.

Ибраим – паша од Скадар и во солунскиот крај. Притоа тој дал податоци и за македонското население кое страдало од феудалната експлоатација на споменатите бегови. Иако во другите делови тој повеќе вршел дипломатска мисија покрај истражувачката, во Македонија повеќе вршел истражување, сондирање на теренот и прибирање на автентичен материјал од интерес. Особено значајни се трудовите во кои Вилијам Мартин Лик видно место и оддавал на Македонија и нејзината политичка и стопанска историја.[14]

Нови, позначајни содржини, британскиот интерес кон Македонија добил по 1835 година кога на чело на британскиот конзулат во Солун застанал Чарлс Блант и сè до 1851 година јуриздикцијата на овој конзулат ја опфаќала целата територија на Македонија. Оваа година бил отворен британски конзулат во Битола, а веќе во 1854 година и британски вице – конзулат во Скопје.[15]

Британските дипломатски претставници биле главни спроводници на политиката на својата држава и по нејзина инструкција грижливо ги следеле политичките настани во Македонија. Нивните извештаи биле богати со податоци за разновидни аспекти од животот на македонскиот народ, но посебно место се оддавало на начините за стекнување на соодветни британски позиции во Македонија.

Особен интерес кон Македонија и македонското прашање пројавил и британскиот државник Вилијам Еверт Гледстон (1809 – 1898).[16] Неговиот интерес бил поистакнат за време на Источната криза предизвикана со Кримската војна (1853 – 1856). Притоа тој се интересирал за стопанските ресурси на Македонија и трговската трансакција со истите. Сепак, неговата улога како заштитник на јужнословенските народи дошла до израз од 1875 година па натаму, за да во 1897 година се појави неговиот познат став: „Македонија на Македонците“.

[14] Ibidem, 42.

[15] Христо Андонов Полјански, Македонското прашање..., 230 – 231.

[16] Христо Андонов Полјански, Одбрани дела, Мисијата...., 177.

## *2.2. Економски односи*

Велика Британија во принцип била заинтересирана за стопанските прилики во Османската Империја, а во тој контекст и за Македонија како дел од неа. Драгоцени податоци за природните богатства на Македонија содржеле записите на британските патописци.

Резултат на тој интерес било отворањето на филијала на Левантската компанија (Levant Company; Turkey Company)[17] во Солун за Македонија.[18] По нејзино настојување во 1718 (1715) година бил отворен првиот британски конзулат во градот Солун. Во периодот по Кримската војна па сѐ до 1912 година Солун, Битола, Серес, Скопје, Прилеп, Велес и Струмица биле значајни центри за снабдување на населението со увозни стоки. Особено значајно било солунското пристаниште со општобалканско значење кое уште оддамна го привлекувало вниманието на странските владеачки и трговски кругови. Британскиот конзулат во Солун го следел стопанското движење во Македонија, ја ускладувал британската трговска размена на ова подрачје, британскиот поморски сообраќај. Биле поставени и британски посредници во трговијата, а бил направен и обид за востановување на трговска куќа: абот.[19]

Интересот на европските земји за развитокот на трговијата во Македонија било условено од потребите на европската текстилна индустрија од суровини со кои Македонија располагала. Најпрво со посредништво на Британската левантска компанија започнал износот на македонскиот памук за Европа преку море.[20]

Европските трговци во Македонија претежно внесувале индустриски производи и колнијални стоки. Така на пример, британскиот увоз го сочинувале:

---

[17] Левантинска (левантска) трговија е онаа која европските земји ја воделе со земјите од Истокот и воглавно била во рацете на медитерантските градови Венеција, Ѓенова, Пиза, Марсеј, Барселона и Дубровник. Левантската трговија изгубила на значење од крајот на XV и почетокот на XVI век. Преку посредство на Левантот европските земји доаѓале до мирудии, памук, свила, боја и др. суровини.

[18] Христо Андонов Полјански, Македонското прашање..., 224.

[19] Ibidem, 227.

[20] Данчо Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија, Скопје 1967, 52.

квалитетни платна, индиски памучни ткаенини, олово, челик, железарија, зачини итн. Со засилениот стопански капиталистички развој Велика Британија во XIX век го зголемила интересот за ова подрачје и веќе во средината на векот отворила уште два конзулати во Македонија и тоа еден во Битола и уште еден во ранг на вицеконзулат во Скопје. Извештаите на британските дипломатски претставници изобилуваат со податоци за стопанските особености на Македонија.

Значајни податоци содржел годишниот извештај на британскиот конзул во Битола, Џон А.Лонгворт, испратен до британскиот државен секретар за надворешни работи на Велика Британија – лорд Џон Расел на 26-ти јануари 1853 година.[21] Во извештајот меѓу другото конзулатот соопштувал дека и покрај обилноста на жетвата британската трговија во битолско во овој период била на едно ниво на стагнација поради безредието кое владеело во финансиите и платежниот систем на земјата. Напорите што ги вложувала османлиската влада да ја задржи вредноста на деградираната валута имале тешки последици по трговијата во овие делови на Империјата каде странската, пред сé австриската, валута била основно платежно средство наместо законското – пијастерот.[22] Со цел да се забрани циркулирањето на странски или невалидни пари банката во Цариград поставила специјални царински службеници т.н. мубанциси кои требало да ги задржуваат таквите пари.[23] Конзулот уште од самото свое доаѓање во Битола настојувал да го држи што подалеку од митото и корупцијата трговскиот суд во Битола составен од видни трговци на чело со османлиски претседател – шахбендер, но во последно време тоа било сé потешко.

Во екот на Кримската војна (1853 – 1856) трговијата во солунско била во една состојба на депресија, но дека притоа британскиот увоз не претрпел големи штети, соопштувал британскиот конзул во Солун, Чарлс Блант. Дури напротив, британската трговија на ова подрачје и во овој период била во подем. Прв чекор во таа насока бил директниот увоз на британски производи во Солун и сé помалку користење на обиколните и скапи канали преку Трст и Белград. Трговците во

[21] Британски документи за историјата на македонскиот народ, том III, Скопје 1982, 189.

[22] Пијастер или грош била парична единица во Османлиската Империја.

[23] Ibidem, 190.

Солун по примерот на грчките трговски куќи во Цариград почнале да формираат сопствени пунктови во Манчестер, Велика Британија.[24]

За британската трговија во Солун за 1853 година детални информации содржело писмото кое британскиот конзул во Солун, Чарлс Блант го испратил до британскиот државен секретар за надворешни работи, грофот Кларедон на 30-ти август 1854 година.[25] Од извештајот што следел во прилог на тоа писмо можело да се забележи опаѓање на вредноста на увозот, а подобрување на вредноста на извозот за посочената година. тоа било резултат на несигурноста и стравот кој владеел поради војната[26] и недоволните мерки за јавна безбедност. Профитите за увоз на британските преработки и производи како и претходните години биле намалени поради покачувањето на размената и покачените рати во вредноста на странските пари кои повеќе циркулирале од парите на земјата.

Британскиот конзул во Битола, Џ.А.. Лонгворт, на неколку наврати во своите дописи до британскиот амбасадор во Константинопол му ја потенцирал важноста од отворање на вицеконзулат во Скопје заради потребите на британската трговија. Имено, Скопје бил од големо значење за британската увозна трговија не само затоа што бил пазар на околните области туку и затоа што бил складиште на солунското пристаниште и на провинцијата Босна и Херцеговина.

Главни стопански производи во овој дел на Македонија биле житото, тутунот, волната, оризот кој се одгледувал на големи површини, пченица со одличен квалитет т.н. „Вардар“ дека почвата била плодна, а реката Вардар пловна за бротчиња и сплавови од Скопје со Солунскиот залив.

Во едно писмо кое на 5-ти февруари 1855 година, Џ.А. Лонгворт го испратил до британскиот амбасадор во Константинопол – виконтот Стратфорд Де Редклиф, го известувал за трговијата во Битола и Битолско за изминатата 1854 година.[27] Притоа, било забележано подобрување на трговијата во Битолско

---

[24] Ibid., 278.

[25] Id., 298.

[26] Се мисли на Кримската војна која се водела меѓу Русија од една и Империјата со сојузничките од друга страна во периодот од 1853 – 1856 година.

[27] ДАРМ, Британските конзули во Македонија (1797 – 1915), Документи, Скопје 2002, 129 – 132.

благодарение на успехот на османлиската армија на Дунав, брзото задушување на востаничкото движење во соседните области, преобилната жетва и големата побарувачка на жито за извоз. Во британскиот увоз главна улога имале манчестерските стоки и тоа: кошули калико, печатен мадаколам и преден памук кои многу брзо се продавале. Поволна околност за постапната супериорност на британските преработки над ривалските производи од Австрија и Саксонија било намалувањето на претставништвата на германските производители заради намалувањето на побарувачката на османлискиот увоз поради војната и домашните политички потреси.

Податоци за трговијата во Битола и Битолско за 1856 година дава уште едно писмо кое Џ.А.Лонгворт го испратил до виконтот Стратфорд Де Редклиф.[28] Притоа тој соопштувал дека надворешната трговија на Битола и нејзините два подредени санџаци: Охрид и Костур, во голема мера се одвивала преку Драч во средна Албанија, но нејзиниот главен канал се наоѓал во Солун.

Британскиот увоз се состоел од памучни мануфактури од различни видови и тоа: шарени (печатени) басми, дебели памучни ткаенини, платно за кошули, фина бела ткаенина, шалови, шамивчиња, памучно сукано платно, колонијални стоки, порцелан, стакло, лим и железарија.[29]

На 9-ти ноември 1857 година британскиот конзул во Битола доставил уште еден генерален извештај за трговијата во Битола и приклучните области и притоа констатирал енормно зголемување на британскиот увоз за оваа година.[30] Тоа било благодарение на намалениот увоз на стоки од Австрија и поради тоа што британските индустриски стоки сега директно се увезувале наместо да се пренесуваат како порано со брод транзитно преку Трст.

Бидејќи бил силно продорен европскиот капитализам, особено по Кримската војна, не се задоволувал со старите и тесни патишта во Македонија, туку барал да се трасираат нови, а и да се прошират старите.

---

[28] Христо Андонов Полјански, Кон историјата на трговијата на Битола и Битолско во 1856 година, ГИНИ, бр. 3, год. XVI, Скопје 1972, 206.

[29] Ibidem, 207.

[30] Британски документи за историјата на Македонија, том IV, Скопје 2003, 95.

Дека бил голем интересот кој го предизвикал трасирањето на новите патишта и изградбата на првите железнички линии во Македонија кај британските официјални власти може да се забележи од големиот број извештаи кои ги испраќале британските конзули во Македонија. Така на пример, во извештајот на Џон Блант, генерален конзул во Солун, испратен до сер Хенри Елиот, амбасадор на Велика Британија во Константинопол, констатира дека изградбата на железниците и другите јавни објекти го стимулирале и зголемиле увозот и извозот во Солун во 1872 година и дека се уште главни британски увозни стоки во овој период биле памучните и челичните производи, колонијалните производи и јагленот.[31]

# 2. Развивање на интересот на Велика Британија кон Македонија

## *2.1. Различни аспекти од интересот на Велика Британија кон Македонија*

Интересот, а воедно и првите допири на Британците со македонското тло бил длабоко во средниот век. Главна причина за појавата на интересот на многу земји меѓу кои и на Велика Британија била секако поволната географска и геополитичка положба и природните богатства на Македонија.

Освен хроничарските забележувања на името Македонија на крајот на XI век биле забележани и првите навлегувања на Британците во Македонија, а поврзани со норманските завладувања во кои и тие учествувале.

Посодржајни форми британскиот интерес кон Македонија добил во времето на заземањето на Македонија од страна на Османлиите кон крајот на XIV век. Тогаш британските официјални документи изобилувале со податоци за османлиските акции при заземањето на одделни македонски градови. Во

[31] Ibidem, 243.

коресподенцијата на Велика Британија со другите европски земји главен предмет на интерес биле плановите и подготовките на западот за ослободување на балканските земји од османлиската власт меѓу кои и Македонија.[32]

Во објавените трудови на Велика Британија посветени на Османлиската Империја имало осврт на тогашните прилики во Македонија и тоа особено на стопанските прилики. Македонија станала присутна и во обележувањето на географските карти објавувани во Велика Британија. Студијата на британецот Едвард Брервуд од 1614 година содржела извесни подробности и за јазичните особености на македонскиот јазик.[33] Дури имало и случаеви на превземање на мотиви од македонското минато во британската литература и тоа особено присутен бил мотивот за античкиот македонски крал Александар Македонски.

Сепак, најголем интерес на Велика Британија на ова подрачје всушност бил економскиот интерес. Заради следење на стопанското движење во Македонија и усклaдување на британската трговска размена на ова подрачје и на британскиот поморски сообраќај со солунското и другите пристаништа во 1715 (1718) година бил отворен првиот британски конзулат во градот Солун во Македонија. Освен следењето на стопанските прилики тој требало да ги следи и политичките прилики во Македонија, и притоа конзулот требало да доставува извештаи до британската влада во Лондон.

Во XIX век Велика Британија особено го зголемила својот интерес и влијание на Блискиот Исток, во Османлиската Империја, а со тоа и во Македонија.

Особен интерес за балканското подрачје, а во тој контекст и за Македонија, Велика Британија пројавила за време на Наполеоновите војни кога настојувала да го елиминира француското влијание на ова подрачје. Во тој контекст било неопходно испитување на балканските подрачја за чија што цел познатиот британски политички и воен стручњак, археолог, филолог и истражувач, Вилијам Мартин Лик, добил специјална мисија.[34] Тој требало да ја испита и состојбата во Македонија, нејзината стратешка важност, комуникационите потенцијали,

---

[32] Христо Андонов Полјански, Одбрани дела, Мисијата...., 409.

[33] Ibidem, 413.

[34] Ibid., 410.

политичката раздвиженост и нејзиното културно наследство. По завршувањето на неговата мисија тој приложил извештаи во кои биле изнесени и потенцирани географските и стратешките пунктови на западните и јужните делови на Македонија. Исто така како резултат на неговата научно – испитувачка работа тој објавил редица трудови во кои видно место и било одделено на Македонија, на нејзината политичка и стопанска историја, географијата, археолошките, нумизматичките и другите богатства. Тоа од своја страна придонело за поблиското запознавање на британската јавност со Македонија и секако за зголемување на интересот на Велика Британија кон ова подрачје.

Во контекст на зголемениот интерес на Велика Британија за Македонија во средината на XIX век биле отворени уште два британски конзулати и тоа во 1851 година во Битола, а во 1857 година во Скопје.[35]

Извештаите на британските конзули во Македонија изобилувале со бројни информации за стопанските, политичките и културните прилики во Македонија. Во периодот кога Македонија влегла поинтензивно во сферата на британската политика на интереси, а тоа било за време на Големата источна криза од 1875 – 1878 година, особено значајни податоци содржеле извештаите на британските дипломатски претставници во Македонија. Тие следеле разновидни акутни прашања кои ја засегале Македонија во тој период како: граничните прашања на Македонија што настанале по Берлинскиот конгрес (1878 година), натамошното административно уредување на Македонија, востаничкото движење и создавањето на Привремена влада, политиката и пропагандите на балканските држави и ставот по прашањето на Балканска федерација. Голем интерес предизвикувало и стопанското раздвижување во Македонија и проширувањето на британските стопански интереси. За состојбата во Македонија голем интерес пројавувала и британската јавност за што сведочеле бројните публикации, печатот, широкиот спектар на картографско претставување на Македонија во британските објавени карти.[36]

---

[35] Британските конзули..., 11.

[36] Христо Андонов Полјански, Одбрани дела, Мисијата...., 428 – 429.

Особен интерес за Македонија пројавил големиот британски државник Вилијам Гледстон и тоа во текот на целата втора половина на XIX век. Имено, во склоп на неговиот интерес за општата ситуација во Османлиската Империја и земјите под нејзин суверенитет влегувал и интересот за Македонија како дел од таа империја. Меѓу аспектите на тој негов интерес за Македонија спаѓал и неговиот интерес за стопанските ресурси на Македонија и трговските трансакции со тие производи.

Најголема улога во заштитата на интересите на јужнословенските народи, а во врска со нив и на македонскиот народ, Гледстон одиграл во периодот од 1875 до 1880 година, и натаму. Наоѓајќи се во опозиција тој ја подложил на жестока критика политиката на конзервативната британска влада на чело со Дизраели која водела проосманска политика на штета на потчинетите народи на Балканот. Во 1876 година Гледстон активно се ангажирал во штотуку формираната „Лига за помош на христијаните во Турција" во Лондон.[37]

Тој сметал дека постоело само единствено праведно решение на Источното прашање, а тоа се состоело во барањето да се реши прашањето на поробените словенски народи врз принципот: „Балканот на балканските народи". Во поглед на македонското прашање неговиот став бил ист: „Македонија на Македонците", како одделна единка во рамките на Балканската федерација.

Освен за стопанските и политичките прилики во Македонија, Британците пројавувале голем интерес и за нејзините културни особености и вредности. Основите на британскиот интерес за археолошките знаменитости на Македонијаги поставил Вилијам Мартин Лик за што објавил редица научни трудови. Тој исто така се интересирал и за нумизматичките вредности за што објавил неколку колекции во кои бил објавен богат материјал од Македонија.

За археолошките особености на Македонија се интересирале британските патописци и секако британските дипломатски претставници во Македонија.[38] Во

---

[37] Ibidem, 178.

[38] Ibid., 162.

XX век британските извештаи изобилувале со податоци за револуционерното движење во Македонија, за неговите протагонисти и тоа особено за Гоце Делчев.

Престојот на Даме Груев и другите македонски младинци во Белград во 1889 и 1890 година предизвикал внимание и во средината на дипломатскиот кор во Белград. За случајот особено се заинтересирале британските дипломатски претставници во Белград и во Софија.[39]

## *2.2. Отварањето на британски конзулати во Македонија и нивната дејност*

Добрата местоположба и богатството со суровини правеле Македонија да биде една од релативно поразвиените земји под власта на султанот. Токму тоа павело таа да биде цел на интерес на многу западноевропски земји кои биле живо заинтересирани за искористување на нејзините богатства заради потребите на своите индустрии. Во таа смисла тие отварале свои трговски и дипломатски претставништва во поголемите македонски градови. Нивното внимание било особено насочено кон моќне значајното солунско пристаниште и затоа првите конзулати никнале токму овде. Од странските држави прва во Солун свој конзулат отворила Франција во 1688, а потоа Велика Британија[40], Холандија и Венеција (1743), Шведска, Германија, Данска, Неапол, Дубровник (пред 1778), Русија (1796), Австрија (1800) и др.[41]

Отворањето на првиот британски конзулат во Солун било дело на познатата Левантска компанија која започнала да работи од 1592 година, која имала своја филијала во Солун за цела Македонија, а која била одговорна за трговијата на ова подрачје. По нејзино настојување бил отворен конзулатот во Солун во 1715 година на чело со првиот британски конзул Кембл. Овој конзулат се наоѓал под

---

[39] Христо Андонов Полјански, Британски сведоштва за дипломатскиот спор околу прашањето за престојот на Даме Груев и другите македонски младинци во Белград, сп. Историја, Скопје 1981, 25.

[40] Во книгата „Британските конзули во Македонија, Скопје 2002, 11" во воведниот дел стои дека британскиот конзулат во Солун бил отворен во 1715 година.

[41] Ристо Поплазаров, Op.cit., 14.

прерогативите на Левантската компанија сé до 1825 година кога преминал под ингеренции на Министерството за надворешни работи на Велика Британија (Форин Офис). Имено, до оваа година британските конзули претежно биле трговци вклучени во трговијата со странски земји во кои тие дејствувале како конзули, а нивната плата се состоела исклучиво од хонорари. На Левантот (Истокот) тие најчесто биле под покровителство и воедно биле назначувани од Левантската компанија од каде и добивале плата. Со акт издаден во 1825 година била организирана посебна конзуларна служба која обезбедувала фиксна плата за конзулите наместо дотогашните хонорари и притоа им забранувала да се занимаваат со трговија. Раководењето со оваа служба било ставено под контрола на посебен оддел при Министерството за надворешни работи на Велика Британија.[42]
Во мај 1835 година Министерството за надворешни работи во Лондон издало основни напатствија за конзулите на Неговото височество.[43] Од овие напатствија може да се види кои биле должностите на британските конзули по нивното пристигнување на конзуларна служба. Притоа тој обавезно морал да биде снабден со полномошно од кралот кое морал да го покаже на соодветните власти, а кое му давало имунитет и привилегии. Конзулот требало да им дава совети и помош на британските трговци и воедно да ги заштитува интересите и привилегиите на британските поданици во дотичната земја. На својата влада во лондон требало да и поднесува општ извештај за трговијата, да ги одредува просечните пазарни цени од некои увозни и извозни артикли во текот на годината, да одредува кои артикли се забранети за увоз и извоз, да одредува норми при царински давачки итн. Имал право да поставува вицеконзул во некое пристаниште во неговата област доколку согледал дека има потреба или доколку се испразнело некое место, а притоа за ова да го извести британскиот државен секретар. Но без одобрение на државниот секретар не смеел да отпушти ниту еден вицеконзул. На крајот на секоја година требало на државниот секретар да му доставува листа со лицата кои дејствувале во неговата конзуларна јурисдикција. На крај како последна ставка од напатствијата

[42] Британските конзули..., 10.

[43] Се мисли на кралот Виљем IV кој бил на чело на британскиот престол од 1830 – 1837 година.

стоело дека конзулот не смеел да го напушто местото на конзуларна дејност без дозвола од Форин Офисот.[44]

До 1852 година солунскиот британски конзулат бил единственото дипломатско претставништво на оваа земја иако повремено одредени странски лица биле назначувани за конзуларни вршители на должности во одредени градови, каков што бил случајот со Серес. Имено, во октомври 1851 година бил назначен првиот британски конзул во Битола, Џон А.Лонгворт, кој официјално стапил на должност на 12-ти февруари 1852 година.

Во писмото од 28-ми октомври 1851 година кое виконтот Палмерстон, државниот секретар за надворешни работи во Лондон, му го испратил на првиот британски конзул во Битола, Џон А. Лонгворт, меѓу другото тој го запознал со обврските кои требало да ги превземе со оваа функција како и со некои други формалности. На оваа функција Џон А. Лонгворт останал до 1860 година, а, пак, овој конзулат непрекинато работел до 1872 година кога бил затворен и ставен под јурисдикција на солунскиот генерален конзулат. Во февруари 1887 година тој бил обновен и ставен во ранг на вицеконзулат, за да во 1898 година е повторно затворен и преместен во Скопје. Се до 1903 година во Битола немало британски дипломатски претставници. Истата оваа година тој е повторно отворен и ставен во ранг на конзулат и така непрекинато работел сé до 1915 година, иако од 1908 година повторно како вицеконзулат.[45]

За време на отсуството на официјален претставник на Велика Британија во Битола, за вршители на должноста обично биле ополномоштувани претставници од другите западноевропски земји или, пак, работата била оставана во рацете на доверливи драгомани[46] од домашно потекло.

Така на пример по првото укинување на британскиот конзулат во Битола во 1872 година за вршител на должноста британски вицеконзул во Битола бил поставен тамошниот австриски конзул, г-нот Окули.[47]

---

[44] Ibidem, 112 – 114.

[45] Ibid., 11.

[46] Драгоман – официјален дипломатски толкувач.

[47] Id., 189.

Заради потребите од проширување на британската трговија во Македонија уште во 1854 година британскиот конзул во Битола, Џон А.Лонгворт испратил извештај до државниот секретар за надворешни работи во Лондон, гроф Кларендон и му предложил да се отвори британски вицеконзулат во Скопје. Имено, Скопје било пазар на околните области и складиште на солунското пристаниште и на провинциите Босна и Херцеговина. Градот бил и трговски центар за извоз на различни производи од кои најмногу се извезувале жито, тутун, волна, ориз, пченица, а реката Вардар во некои годишни времиња била пловна за бротчиња и сплавови од Скопје до Солунскиот залив. Една од главните задачи на британскиот вицеконзул во Скопје би била унапредување на британската трговија на ова подрачје. Како погодна личност која би можела да го преземе раководењето со вицеконзулатот во Скопје, Лонгворт го предложил Џон Блант, најстариот син на Чарлс Блант, тогашниот британски конзул во Солун, кој имал солидно образование, познавал источни јазици и работел како заменик конзул во Митилена и Родос.[48]

На 3-ти април 1857 година бил назначен првиот британски вицеконзул во Скопје, г-нот Џон Блант кој официјално стапил на должност на 18-ти август истата година, а требало да биде под надзор на Џон А.Лонгворт, британскиот битолски конзул. Кога бил затворен британскиот вицеконзулат во Битола, тоа значело отворање на британски вицеконзулат во Скопје[49] во 1898 година. Односно седиштето на британскиот вицеконзул во Битола, Чарлс Хемпсон, било преместено во Скопје, а тој требало да управува со него додека да се назначи „вистински вицеконзул“.

Причините за преместувањето на британскиот вицеконзулат од Битола во Скопје ги изнел во својот извештај рускиот конзул во Скопје, О. Лисевич, испратен до рускиот амбасадор во Цариград на 6-ти мај 1898 година.[50] Главна причина, секако, биле настаните после Виничката афераод 1897 година, кога по претресите на османлиските власти меѓу другото и во Скопје биле пронајдени складови со оружје. Затоа Форин Офисот сакал овде да отвори вицеконзулат со цел да добива

---

[48] I., 130 – 132.

[49] Скопје било избрано за седиште на вицеконзулатот наместо Битола.

[50] Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859 – 1918), Скопје 2004, 141.

поточни и навремени информации за настаните на границите на вилаетот (Скопски (Косовски)), за текот на очекуваните реформи во Македонија и за револуционерното движење кое наводно го подготвувале македонските комитети. Притоа, руският конзул, понатаму во извештајот, констатирал дека отворањето на британскиот вицеконзулат во Скопје било пречекано со голема радост од месното „бугарско“ население – како што тој го нарекувал македонското население кое ја признавало црковната власт на Егзархијата – кое во овој вицеконзулат гледало заштитник на нивните интереси и политички барања во однос на Македонија.

Велика Британија повремено имала свои вицеконзули или вршители на должноста уште во три македонски града: Серес, Кавала и Драма, а тоа биле обично државјани на некоја друга држава кои Генералниот конзул во Солун го снабдувале со интересни информации од својата област. Повторно како главна причина за отварање на британски дипломатски претставништва во овие македонски градови била проширувањето на британската трговија на ова подрачје.

Британските дипломатски претставници во Македонија, всушност биле презентери и спроводници на интересите и на политиката на својата влада. Во меѓусебните извештаи, како и во извештаите до владата во Лондон, тие давале драгоцени податоци за стопанските и политичките прилики во Македонија, за положбата на локалното население. Секако дека меѓу другото тие давале „отчет“ и за нивната дејност и секако за нивната улога како заштотници на британската трговија во областите кои биле под нивна конзуларна јурисдикција.

## *2.3. Осврт на извештаите на британските конзули во Македонија*

Една од главните задачи на британските дипломатски претставници во Македонија секако било поднесувањето на извештаи до својата влада во Лондон или до британскиот дипломатски претставник во Константинопол. Нивните детални извештаи содржеле разновидни информации како и лични анализи и проценки за одредени настани.

Бидејќи економскиот интерес на Велика Британија бил пресуден за да таа се зинтересира за ова подрачје секако дека преовладувале извештаите кои се

однесувале на стопанските прилики во Македонија. Имено, една од главните задачи на британските дипломатски претставници во Македонија била проширувањето и интензивирањето на трговијата на Велика Британија со Османлиската Империја. Затоа тие во своите извештаи обрнувале големо внимание на трговијата во областите кои биле под нивна конзуларна јурисдикција.

Освен пократкиte известувања за трговијата во дотичната година како и воопшто за стопанските прилики во одредено подрачје, тие при крајот на секоја година доставувале генерален извештај за трговијата во своето конзуларно подрачје.

Извештајот на Џон Блант, британскиот генерален конзул во Солун, од 30-ти ноември 1882 година содржел податоци за трговијата преку солунското пристаниште за периодот од 1879 – 1881 година.[51] Како и претходните извештаи, така и во овој, конзулот најпрво дал податоци за жетвата во Македонија за овие години и како таа влијаела воопшто врз економската состојба на ова подрачје. Во прилог биле дадени повеќе табели со коментар. Една од табелите содржела податоци за бродската трговија и поморскиот сообраќај во солунското пристаниште со акцент на влезот и излезот на британските бродови како и нивната тонажа. Понатамошните табели содржеле податоци за трговијата, односно за странскиот увоз и притоа биле рангирани странските земји кои тргувале на ова подрачје според големината на нивните увезени стоки. Во табелата која содржела податоци за извозот од Солун биле рангирани артиклите кои најмногу партиципирале во извозната трговија.

Водена од својата империјалистичка економија Велика Британија покажувала голем интерес и за османлиските железници. Тоа се должело на барањето нови и посигурни патишта до нови пазари. Затоа не случајно во своите извештаи конзулите обрнувале внимание и на развојот на железничката и патна мрежа во Империјата.

Писмото на Џон Блант до грофот Гренвил, државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, од 29-ти април 1883 година се однесувало

---

[51] Британски документи..., т. IV, 560 – 597.

за железничката мрежа на Балканот.[52] Во писмото конзулот дал предлог да се отвори железничка мрежа која требало да ги поврзе Константинопол и Солун со железничкиот систем на Австро – Унгарија како што било предложено во член 38 од Берлинскиот договор, затоа што тоа би имало позитивен ефект за британската трговија, односно требало да придонесе за порастот на британската трговија со солунското пристаниште и внатрешноста на земјата.

Голем дел од извештаите на британските дипломатски претставници во Македонија, секако, се однесувале и на политичките прилики во Империјата, секако, со посебен осврт на Македонија. Тие на автентичен начин ја отсликувале напнатата состојба во Македонија во сите нејзини аспекти видени, нормално, низ нивни очи. Особено вниманието било насочено кон оние настани по кои се препознава историјата на Македонија, односно настаните по втората половина на XIX век кои имаа најголемо влијание врз историјата на македонскиот народ.

Поради големата важност Кресненското востание било опфатено во голем број извештаи. За подготовките, почетокот и текот на востанието најмногу податоци содржеле телеграмите на сер Хенри Остин Леард, амбасадорот на Велика Британија во Константинопол, кои тој ги испраќал до маркизот од Солзбери, државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија. Првата негова телеграма од 19-ти октомври 1878 година се однесувала на дејствувањето на востаниците во Серската област.[53]

Доста бројни биле извештаите за злосторствата вршени во тој период, пред сè албанските банди како и за злоупотребите на локалните власти и моќници.

Британските конзули известувале и за борбата на македонското православно население против црковната хиерархија на Цариградската Патријаршија. Пропагандите и воопшто политиката на соседните балкански држави во Македонија исто така наоѓале значајно место во нивните извештаи.

Низ сите нивни извештаи, секако, се провлекувала и самата политика на Британија спрема Македонија, Балканот и Османлиската Империја воопшто. Таа

[52] Ibidem, 597 – 599.

[53] Ibid., 338 – 339.

навремено и целосно била запознаена со сите настани на ова подрачје, а нејзините интереси биле во постојан судир со интересите на другите сили, особено со оние на Русија, што било забележливо во извештаите за Кресненското востание.

# 3. Дипломатските односи на Велика Британија и Османлиската Империја со посебен осврт за Македонија

## *3.1. Британската надворешна политика од 1875 – 1903*

Втората половина на XIX век бил периодот на најголемиот подем на Велика Британија, време кога таа била без конкуренција најголема светска сила. Нејзината моќ лежела во огромните капитали стекнати преку ограбувањето на колониите, во силната морнарица и вештата дипломатија.[54] Таа била земја во која се вршеле големи парламентарни и економски реформи.

Во периодот од 1837 – 1901 година во Велика Британија владеела кралицата Викторија, но фактички уште од крајот на XVII век власта била во рацете на парламентот, а не на кралот. Во XIX век власта преминала во рацете на министерскиот кабинет т.е. владата, формирана од онаа политичка партија која имала мнозинство во парламентот. Така на политичката сцена наизменично се сменувале владите на конзервативците и либералите кои биле директни наследници на ториевската и виговската партија. Не само либералите, туку и конзервативците настојувале да се прилагодат на духот на своето време. Во таа смисла конзервативниот премиер Дизраели спровел реформа на парламентот со која го проширил правото на глас и на ситната буржуазија. Во спротивниот табор меѓу либералите најистакната личност бил Вилијам Еварт Гледстон кој повеќе од педесет години бил на самиот врв во британскиот политички живот, делумно на

[54] Ивана Ђуровић Ковачевић, Историја Енглеске, Београд 1979, 164.

власт, делумно во опозиција, како министер во разни влади и како претседател на владата четири пати.[55]

Британската надворешна политика се засновала на принципот „сјајна изолираност“ (splendid isolation) што значело зачувување на колонијалните поседи на Истокот и немешање во прашањата на европскиот континент кои не се однесувале директно на Британската Империја.

Повторното раздвижување на Источното прашање во 30-те години на XIX век го побудило интересот на Големите сили за случувањата на Балканот. Тоа важело и за Велика Британија која во рамките на Источното прашање посебно внимание обрнувала на зачувување на интегритетот на Османлиската Империја како најдобра бариера против рускиот продор на Балканот и на Блискиот Исток.[56] Улогата на Велика Британија на заштитничка на Османлиската Империја најјасно дошла до израз за време на Руско – османлиската војна од 1877 – 1878 година. Исплашена од руското навлегување во Цариград британската флота успешно навлегла во Мраморното Море и била ставена во позиција на спремност за војна со Русија. Особено таа улога дошла до израз на Берлинскиот конгрес одржан летото 1878 година со цел да се ревидира претходно потпишаниот прелиминарен договор во Сан Стефано меѓу Русија и Османлиската Империја. На Берлинскиот конгрес дошло до целосен триумф на британската политика која спречила да се реализира рускиот проект за „Голема Бугарија“ и наместо тоа биле создадени две бугарски провинции.

И после Берлинскиот конгрес политиката на Велика Британија на Балканот била одржување на status quo-то т.е. системот на односи утврдени на Конгресот кој го оневозможил руското влијание на тој простор и кој спречувал Русија да има пресудна улога во решавањето на Источното прашање.[57]

---

[55] Ивана Џуровић Ковачевић, Op.cit., 165.

[56] Александар Растовић, Велика Британија и Србија 1878 – 1889, Београд 2000, 32.

[57] Ibidem, 57.

Владата на Дизраели (1874 – 1880)[58] давала големо значење на колониите особено на Индија, а и на ова подрачје Велика Британија била во конфликт со Русија чии поседи во Средна Азија се повеќе се доближувале до Индија.



**слика 1**

**Бенџамин Дизраели**

Во средината на 80-те години на XIX век се усложнила меѓународната положба на Велика Британија заради формирањето на Тројниот сојуз т.е. сојузот од 7-ми октомври 1879 година склучен меѓу Германија и Австро – Унгарија, а кон кој во 1882 година се приклучила и Италија. Периодот се карактеризирал и со особено изострени противречности со Русија во Средна Азија, Блискиот Исток и на Балканот и со тоа Велика Британија делумно излегла од сјајната изолираност кога во 1887 година влегла во рамките на Средоземноморската Антанта заедно со

---

[58] Бенџамин Дизраели е роден во Лондон на 21-ви декември 1804 год. Познат британски книжевник и политичар. Политичката кариера ја започнал во 1837 г. како претставник на округот Медстон. Станал пратеник во Долниот дом. Формирал посебна политичка партија „Млада Англија" која се залагала за создавање сојуз меѓу аристократијата и работничката класа. Во текот на својата политичка кариера три пати бил министер за финансии. На изборите во 1874 г. освоил апсолутно мнозинство во парламентот и станал претседател на конзервативната влада која била блиска со кралицата Викторија. На премиерското место останал до 1880 г. Во август 1876 г. кралицата му ја доделила тутулата Лорд од Биконсфилд. По поразот на изборите во 1880 г. се повлекол од политиката и се вратил на книжевното поле. Умрел на 19-ти април 1881 г. во Лондон.

Австро – Унгарија и Италија.[59] Оваа Антанта ги штитела британските интереси во Египет, италијанските во Триполис и интересите на сите три во Цариград.

Потписничките се обврзале да одржуваат статус кво во крајбрежните реони на Црното, Средоземното, Егејското и Јадранското Море, а и крајбрежјето на Северна Африка. Средоземноморската Антанта е последната коалиција од држави во која Велика Британија за единствен и последен пат се врзала со силите на Тројниот сојуз. Всушност оваа Антанта била комбинација против Русија посилна од сите претходни склучувани на почетокот на XIX век. Сé до есента 1893 година Велика Британија сметала дека се уште има „либерална алијанса" со Франција, но тоа се покажало дека не било случај затоа што Франција се приближила до Русија, а во исто време ги прекинала добрите односи со Велика Британија. Така сега рамнотежата на силите, нешто на кое Британија многу се гордеела, дејствувала против неа. Оваа рамнотежа, секако, ќе била нарушена доколку Велика Британија нашла континентален сојузник. Претходно Британците правеле сојузи заради одржување на европскиот мир. Сега тие ги избегнувале сојузите затоа што европската сила која ќе склучи сојуз со Велика Британија ќе биде блиску до војна затоа што ќе биде вовлечена во тешкотиите на Велика Британија. Во вакви околности Британците имале две средства. Најпрво се обиделе да добијат германска поддршка и тоа на почеток индиректно со помош на Австро – Унгарија, а потоа кога средиштето се пренело од Блискиот на Далечниот Исток, по пат на директна спогодба. Исто така почнале и со јакнење на својата морнарица за да можат сами, без сојузник, да ги одбранат своите интереси, и ова се покажало како успех.[60]

Крајот на XIX и почетокот на XX век поминал во знакот на британско – германски антагонизам. Почнувајќи од 1897 година Германија се свртела кон „светската политика". Таа сакала да се пробие секаде каде што Велика Британија и Русија биле на чело на сцената. Чувствувајќи го притисокот на германскиот империјализам, Британците решиле да ги средат односите со Франција и Русија кои

---

[59] Tejlor A.D`., Borba za prevlast u Europi (1848 – 1918), Sarajevo 1968, 294 – 296.

[60] Ibidem, 324 – 325.

исто така се плашеле од Германија. Франција се плашела за својата безбедност и за своите огромни колонии, а на Русија и сметало германското продирање на Блискиот Исток, особено по градењето на Багдадската железница со германски капитал. Британската влада започнала преговори со Французите и конечно во април 1904 година дошло до склучување на британско – француска спогодба, на која во 1907 година по склучената руско – британска спогодба и се приклучила и Русија и на тој начин бил создаден Троен сојуз (Антанта).[61]

## *3.2. Односите на Велика Британија со Османлиската Империја во периодот од 1875 – 1903*

### 3.2.1.Односите во текот на Источната криза од 1875 – 1878 година

Во периодот по 70-те години на XIX век кога капиталистичките европски држави поминувале во првата етапа од империјализмот повторно се актуелизирало Источното прашање т.е. прашањето за опстанокот на Османлиската Империја. Ова е период кога во Империјата сѐ повеќе се зголемува влијанието на европскиот капитализам што придонело за нејзино претварање во полуколонија. Ова исто така е време кога се создадени солидни основи за разраснување на национално – ослободителните движења и изразити револуционерно настроенија на потчинетите народи во Империјата.

Тоа дало повод во „Источната криза“ да се замешаат големите капиталистички држави како Русија, Австро – Унгарија и Велика Британија кои во решавањето на Источното прашање тргнувале пред сѐ од сопствените интереси. Така Велика Британија поаѓајќи од своите интереси на Блискиот Исток, а заради зачувување на стратешките патишта кон Индија, се застапувала за територијалната целост на Империјата, а против руското ширење на ова подрачје.[62]

---

[61] Џ.П.Гуч – Ј.М.Јовановић, Дипломатска историја модерне Европе 1878 – 1919, Београд 1933, 285 – 287.

[62] Христо Андонов Полјански, Одбрани дела, Мисијата...., 155.

Основите на британската политика на статус кво на Балканот т.е. неприкосновеност на османлиските владенија во Европа, ги поставил британскиот државник Џорџ Канинг за време на неговата прва управа со Форин Офисот т.е. британското министерство за надворешни работи (1805 – 1807).[63] Раѓањето на оваа политика на статус кво се совпаднало со почетоците на ослободителните движења на балканските народи демонстрирани во вид на отворена вооружена борба против османлискиот јарем.

Во историографијата е широко прифатен ставот дека всушност британската политика во овој регион не била проосманлиска туку, всушност, антируска. Во егзистирањето на Империјата, Британија гледала само бариера против рускиот излез на „топлите мориња" (Егејското и Средоземното Море) со што би се загрозиле нејзините планови на Истокот.

Во јули 1875 година селаните во Босна и Херцеговина се кренале на бунт против османлиската управа. Со тоа започнала Големата источна криза кога интересите на Големите сили повторно дошле во сериозен конфликт. На Велика Британија се уште и била потребна Империјата како голема неутрална тампон – држава за осигурување на Источниот Медитеран и Блискиот Исток. После Франција која сеуште била главен финансиер на Империјата, Велика Британија стоела на второто место.

Со цел да се задуши бунтот во Босна и Херцеговина Големите сили формирале конзуларна мисија во чиј состав влегла и Велика Британија и тоа исклучиво на поттик на Османлиската Империја, а всушност и нејзина единствена цел била да ги заштити османлиските интереси.[64] Мисијата на конзулите не успеала и бунтот продолжил.

Втор обид на Големите сили за смирување на бунтовниците бил Берлинскиот меморандум од 13-ти мај 1876 година составен на средбата на министрите за надворешни работи на Германија, Австро – Унгарија и Русија и тоа:

---

[63]В.Виноградов, Revolxcii politiki status kvo i nacionalnoosloboditelnoe dviжenie na Balkanah v XIX vek, Prъvi meжdunaroden kongres po b#lgaristika, Sofi| 23 maj – 9 xni 1981, Dokladi, B#lgarskata dr`ava prez vekovete, t. II, B#lgariЯ в международните отношения след 1878 г., БАН, СофиЯ 1982.

[64] A.D`. Tejlor., Op. cit., 230 – 231.

Бизмарк, Андраши и Горчаков. Во меморандумот се предвидувало да се воспостави примирје за два месеци во Босна и Херцеговина, османлиските војски да се приберат во тврдините, востаниците да го задржат оружјето, а една европска комисија да го надгледува спроведувањето на предвидените реформи. Франција и Италија се приклучиле кон Меморандумот, но Велика Британија одбила да го стори тоа со што и дала поттик и на Портата да го отфрли меморандумот.

Во меѓувреме, поточно во мај 1876 година, во Империјата дошло до промена на државното уредување. Поточно, претставниците на буржоаските големоимпериски кругови „Нови Османи" и османлиските либерални кругови објавиле проглас во кој го обвинувале султанот Абдул Азиз одговорен за финансискиот банкрот во земјата и за востанијата на Балканот. На 22-ри мај била спроведена демонстрација во која зеле учество и ретроградните духовни кругови незадоволни од владата. Султанот бил принуден да ја смени владата и во новиот кабинет бил вклучен Мидхад Паша.

Но незадоволството од султанот не престанало и тогаш Мидхад и „Новите Османи" го детрониrале Абдул Азис и на претстолот го поставиле Мурат V. Но, бидејќи тој бил душевно болен по три месеци бил заменет со Абдул Хамид II кој ветил дека ќе воведе устав.[65]

Владата во која учествувал Мидхад не успеала да го спречи мешањето на Големите сили во кризата. По рускиот ултиматум од 31-ви октомври 1876 година за прекинување на воените дејства на Империјата против Србија, со која била во војна од 4-ти јуни 1876 година, дошло до делумна мобилизација на руските војски.

Исплашени од дејствијата на Русија, на 4-ти ноември 1876 година британската влада предложила да се соберат делегати на Големите сили и да најдат излез од кризата. Делагатите се собрале во Цариград. Истиот ден британскиот министер за надворешни работи Дерби испратил циркуларна нота за свикување на конференцијата со тоа што претходно ги определил основите врз кои требало да се водат преговорите т.е. независност и територијална целост на Османлиската

[65] Joseph von Hammer, Historija Turskog (Osmanskog) Carstva, tom I, Zagreb 1979, 451.

Империја, статус кво за Србија и Црна Гора и локална административна автономија за Босна, Херцеговина и Бугарија.[66]

Во меѓувреме на иницијатива на рускиот министер за надворешни работи Игнатиев бил изработен проект за автономија на Бугарија со што таа требало да се организира како автономна провинција во Империјата вклучувајќи го во себе Дунавскиот и Софискиот вилает, Пловдискиот и Сливенскиот санџак од Одринскиот вилает и делови од Македонија. Игнатиев составил и втора варијанта на проектот со која Бугарија требало да се подели на две провинции на чело со генерали – губернатори (валии) со седишта во градовите Русе и Софија.

Британски претставници на Цариградската конференција биле министерот на колониите лорд Солзбери и пратеникот во Цариград, Хенри Елиот. Инаку, Солзбери припаѓал на групата британски државници кои биле за заштита на христијаните на Балканскиот Полуостров.

Пред заминувањето на Солзбери во Цариград било решено тој да ги посети Франција, Германија, Австро – Унгарија и Италија и да го сондира теренот пред претстојната конференција.

Во меѓувреме британскиот премиер Дизраели кроел планови за заштита на Цариград во случај на руско – османлиска војна. Во тој контекст тој му пишал на министерот на војната, Харди, да ја разгледа можноста за испраќање на британски војски со согласност на Портата да го заземат и одбранат Цариград. Исплашен од евентуалната руско – османлиска војна и брзиот успех на Русите, тој кроел планови и за завземање на Булаир (кај Галиполе) или за завземање на земјите на исток од линијата Деркос – Бујук Чекмеџе (кај Цариград). Всушност тој настојувал на секој начин да ја осуети евентуалната руска окупација на територии во европскиот дел на Империјата.

Поради тоа на 1-ви декември 1876 година вознемирен од можноста да дојде до завземање на османлиски територии, Дизраели предложил окупирањето на

---

[66] Христо Христов, Освобождението на България и политиката на западните държави 1876 – 1878, София 1968, 59.

Босна и Бугарија да се изврши од британски војски (10 – 15.000 за Босна и 25.000 – 30.000 за Бугарија) со помош на делови од редовната османлиска армија.[67]

Од разговорите кои ги водел Солзбери во Париз, Берлин, Виена и Рим се донело заклучок дека британските полномошници на претстојната конференција можеле да сметаат на отворена поддршка од страна на Австро – Унгарија и Италија и благонаклона неутралност од страна на Франција. Од разговорите со Бизмарк и со германскиот император се донел заклучок дека тие, всушност, не биле верни сојузници на Русија. Пред заминувањето за Цариград, Солзбери бил снабден со детална инструкција за политиката на Велика Британија на Конференцијата. Нејзините цели биле формулирани во три главни точки: 1) Запазување на независноста и територијалната целост на Османлиската Империја; 2) Отфрлање на секое територијално предимство, на секоја исклучителна придобивка за која и да е голема сила; 3) Воспоставување на мир на основата на статус кво во однос на Србија и Црна Гора и воведување на месна или административна автономија во Босна, Херцеговина и Бугарија.[68]

Двајцата британски полномошници на Цариградската конференција, запознавајќи се непосредно со состојбата во Османлиската Империја, ги промениле своите ставови во однос на насоката на британската блискоисточна политика. Така на пример Солзбери дошол до заклучок дека е крајно време да се сопре пролевањето на британска крв за поддржување на Османлиската Империја. Од друга страна вториот британски полномошник, Елиот, бил ревносен заштотник на традиционалната британска политика кон Империјата, а во тоа силна поддршка имал од британскиот премиер Дизраели. На негова страна била и многубојната британска колонија во Цариград коа имала значителни стопански интереси во Империјата и притоа била за зачувување на нејзината територијална целост. Елиот одржувал блиски односи со британските управувачки средини, со младотурците на кои им ветувал поддршка од Велика Британија во случај на руско – османлиска војна.

---

[67] Ibidem, 61.

[68] Ibid., 63.

Британскиот проект за реформи бил коренито различен од проектите на руските полномошници. Во неговата основа лежела идејата за „смирување" на разбунтуваните области преку спроведување на ограничени реформи или преку соодветни административни мерки. Предложено било да им се даде дозвола и на муслиманите и на христијаните да носат оружје. Во проектот се превидувало воведување на месна полиција пропорционално со бројот на муслиманското и немуслиманското население под команда на европски офицери; укинување на нередовните чети (башибозуци) и населување на черкеско население онаму каде што било иселувано христијанско население; укинување на откупниот систем при собирањето на даноци; Портата требало да назначи христијани губернатори; казнување на виновниците за извршените злосторства; создавање на три трибунала (во Босна – Сарај, Пловдив и Видин) и др.[69]

И во текот на прелиминарните преговори за свикување на Конференцијата, а и во текот на самата конференција, британската влада цврсто стоела на ставот мисијата на Големите сили да биде само посредничка и дека Велика Британија нема да земе учество во присилни мерки против Портата и дека нема да одобри такви мерки.

На 11-ти декември 1876 година започнале прелиминарните заседанија, без учество на османлиски делегати, на кои претставниците на силите требало да изработат предлози кои потоа требало да и бидат доставени на Портата. Британскиот делегат Солзбери и рускиот Игнатиев успеале да се согласат и благодарение на умешноста на Игнатиев бил донесен задоволителен проект. Според него Бугарија требало да биде поделена на две области: Источна со седиште во Трново и Западна со седиште во Софија. Тие требало да бидат управувани од губернатори – христијани назначени од Портата во согласност со силите и од изборно обласно собрание. Османлиските војски требало да се приберат во одредени гарнизони, а внатрешниот ред да го осигура месна милиција составена од христијани и муслимани и од жандармерија командувана од европски офицери, 70% од приходите на областите требало да се остават за месни потреби, а

[69] Id., 83.

30% да се испраќаат во Цариград. Овие реформи требало да се приложат и во Босна и Херцеговина под надзор на една меѓународна комисија.[70]

Предлозите станале познати уште пред да и бидат официјално соопштени на Портата, па османлиските либерални кругови во сојуз со Велика Британија презеле брзи маневри за нивно осуетување. Во меѓувреме бил составен нов кабинет на чело со Мидхад Паша кој започнал забрзани подготовки за устав. Британската влада на својот прв делегат Солзбери му ставила на знаење дека не треба да врши притисок врз Империјата за да таа ги прифати предлозите на Конференцијата, а преку вториот делегат Елиот и ставила на знаење на Портата дека може да го отфрли предлозите од конференцијата.

На почетокот на пленарните заседанија кога учествувале и османлиски делегати било објавно воведувањето на Устав во Империјата. Иако заседанијата на Цариградската конференција продолжиле и во текот на јануари 1877 гоодина, ништо не било постигнато поради отпорот на Портата да ги прифати предложените реформи. Една од главните причини за пропаѓањето на Цариградската конференција се криела во политиката на Велика Британија за покровителство на Империјата. И покрај пројавената солидарност при изработката на проектот за реформи од страна на првиот британски делегат Солзбери, британскиот кабинет не се согласил за приложување на присилни мерки за прифаќање на предлозите. Тоа и дало поттик на османлиската влада да се спротистави при прифаќањето на изработениот проект. Притоа не недостасувале и неофицијални ветувања за давање помош во случај на руско – османлиска војна.[71]

На Цариградската конференција, Франција давала енергична поддршка на руските предлози, а тоа многу ја вознемиило бизмаркова Германија затоа што се плашела дека ќе дојде до француско – руско зближување. За да спречи тоа, Бизмарк ги наговорил Русите да започнат војна против Османлиската Империја, а од Велика Британија побарал слобода за дејство против Франција, а во замена понудил германска поддршка на британските претензии на Блискиот Исток. За да ги спречи

[70] Г.П. Геновъ, Международни актови и договори засѣгащи България, София 1940, 221.

[71] Ibidem, 233.

прекриените претензии на Бизмарк, Велика Британија почнала да се зближува со Русија. Во Лондон започнале преговори меѓу двете држави кои завршиле на 31-ви март 1877 година со потпишување на т.н. лондонски протокол. Во него во остра форма се набројувале предлозите од Цариградската конференција кои требало да ѝ се врачат на Портата да ги исполни, а во случај таа да одбие Русија можела да започне војна.[72]

Портата го отфрлила Протоколот, а и рускиот ултиматум со кој требало со сила да се наложи Протоколот и така на 12/24 април 1877 година Русија и објавила војна на Османлиската Империја. Победоносниот од на руската армија и нејзиното пристигнување пред Протоците и Цариград ги исплашило западните држави и тоа особено Велика Британија. За да ја спаси Империјата од разгром, британската влада донела одлука да се испрати воена ескадра во Мраморното Море, а во меѓувреме испратила редица телеграми до руската влада за стопирање на воените дејства.

Конечно на 19/31 јануари 1878 година во Одрин било потпишано примирје меѓу Русија и Империјата со што се ставил крај на воените дејства и се отворил пат за склучување на мировен договор меѓу двете земји.

Мировниот договор, пак, бил потпишан во Сан Стефано на 3-ти март 1878 година, и во историографијата е познат како прелиминарен договор затоа што претходно требало да биде санкциониран на некоја европска конференција. Инаку, потпишувањето на Санстефанскиот договор бил голем успех за руската дипломатија и од многуте прдобивки на Русија најзначајна била создавањето на Голема Бугарија во чиј состав влегувале територии кои не биле населени со етничко бугарско население, меѓу кои скоро целата територија на Македонија со исклучок на Солун и Халкидичкиот Полуостров.[73]

Одлуките од Санстефанскиот договор биле во противречност со интересите на западните држави, особено на Велика Британија и Австро – Унгарија на чија што помош сметала Империјата.

---

[72] История Европ&, том IV, Москва 2000, 490.

[73] Г.П.Геновъ, България и Европа, Санъ – Стефано и Берлинъ 1878, София 1940, 36.

На 17-ти март 1878 година Санстефанскиот договор бил ратификуван и влегол во сила, но Велика Британија и Австро – Унгарија презеле широка кампања против него. Управувачките средини во Велика Британија особено биле против руските територијални придобивки во Задкавказјето и против создавањето на големо бугарско кнежевство кое било гледано како руски бастион на Балканот.

Австро – Унгарија која претендирала за ветените Босна и Херцеговина започанала да ги мобилизира војските во поддршка на своите претензии.

Наоѓајќи се пред британско – австриски сојуз, руската влада занејќи дека нема сили да се спротистави решила да склучи задкулисен договор со Велика Британија со што требало да ги жртвува своите придобивки на Балканот. На 30-ти мај 1878 година во Лондон била потпишана секретна согласност со што Русија се откажала од Санстефанска Бугарија и некои територии во Мала Азија, а Велика Британија требало да ѝ ги признае останатите придобивки. Руската влада се согласила да се свика Конгресот во Берлин.[74]

Непосредно пред Конгресот, Велика Британија склучила тајна спогодба со Османлиската Империја според која во замена за британската поддршка против Русија на Велика Британија и сѐ давало правото да го окупира Кипар, а во друга тајна согласност Велика Британија се задолжувала да ги поддржи претензиите на Австро – Унгарија во врска со Босна и Херцеговина.

На 1/13 јуни 1878 година биле отворени официјалните заседанија на Берлинскиот конгрес на кои учествувале Русија, Велика Британија, Австро – Унгарија, Германија, Франција, Италија, Османлиската Империја и Иран, а на некои заседанија биле пуштани претставници на балканските држави.

Британската делегација се состоела од министерот претседател Биконсфилд, министерот за надворешни работи Солзбери и пратеникот во Берлин, Расел.[75]

Целта на британската дипломатија на Конгресот, била да се намалат колку што е можно повеќе придобивките на Русија стекнати во текот на војната, да го осуети ослободувањето и обединувањето на бугарскиот народ и да се ограничи

---

[74] Ibidem, 44 – 45.

[75] Христо Христов, Op.cit., 194.

проширувањето на националноослободителното движење и во другите балкански земји. Европскиот дел од Османлиската Империја требало да биде зачуван и да бидат заштитени британските империјалистички интереси во Босфорот и Дарданелите и во источниот дел на Средоземното Море.

Со Берлинскиот договор било потполно елиминирано решението за создавање на „Голема Бугарија". Македонија била повторно вратена во рамките на Империјата, а за неа бил предвиден членот 23 со кој требало да се воведе административна автономија.

За време на донесувањето на Сан- Стефанската спогодба, во преговорите за ревизија на истата и за време на Берлинскиот конгрес, Македонија и македонското прашање биле третирани мошне проблабочено од дипломатијата на европските капиталистички сили. Тие настојувале да го решат македонското прашање и истото да го искористат за свои цели. На Берлинскиот конгрес македонското прашање добило политичка важност и актуелизација во меѓународните односи.[76]

Аспирациите на соседните држави кон Македонија особено гласно изразувани по Сан - Стефанскиот договор биле особено користени од Австро – Унгарија и Велика Британија во нивните напори да го зачуваат османлиското господство во Македонија. Пресудниот збор во одредувањето на идниот статус на Македонија го имал европскиот концерт под диригентство на царска Русија, а последниот збор го имале, токму, Велика Британија и Австро – Унгарија. Британската влада на Дизраели во текот на Источната криза водела една политика со која страна го поддржувала опстанокот на анахрониот османлиски систем во Македонија и нејзините соседни држави, а од друга страна го окупирала Кипар и настојувала да ја потчини Империјата во целина под британско влијание..

Во однос на јужнословенските народи, Дизраели водел непријателска политика која сакал да ја прикаже како „заштита" на Империјата од руско влијание.

[76] Христо Андонов Полјански, Македонското прашање..., 73.

### 3.2.2. Односите на Велика Британија со Османлиската Империја од завршувањето на Берлинскиот конгрес до крајот на британската „сјајна изолација“

По завршувањето на Берлинскиот конгрес од летото 1878 година уште повеќе се изостриле противречностите меѓу „најзаинтересираните“ сили во блискоисточните работи. Заграбувајќи го островот Кипар, Велика Британија ги зацврстила своите позиции во Средоземното Море, а и своето влијание во Османлиската Империја. Заштитата на британските освојувања во Азија и Африка ја определувале важноста на Балканот и Протоците како главен пат кон Средоземното Море и Азија во плановите на британската дипломатија.[77] Австро – Унгарија го добила правото да ја окупира Босна и Херцеговина и тоа и го олеснило понатамошното придвижување на југ кон крајната дестинација – Солун. Преку, создаденото со руско оружје, Кнежевство Бугарија, Русија завојувала цврсти позиции на Балканот, но нејзината политика за придвижување кон Протоците се судрила со агресивните намери на Австро – Унгарија и Велика Британија.

Во меѓувреме продолжило, а воедно и се интензивирало претворањето на Османлиската Империја во полуколонија. Имено, во овој период западните капиталисти повеќе не се задоволувале со увоз на стоки и добивање на суровини од Империјата, Потпирајќи се на капитулациите, нивното проникнување во Империјата на крајот на XIX век ги имало типичните форми на проникнување во колониите и полуколониите: увоз на капитали ви Империјата и инвестиции во производството, во железниците и морепловството, создавање на банки, зграбување на државни земји и лихварско ограбување на земјата преку осигурана контрола врз државните приходи и буџетот.

Една од главните форми на економско проникнување и лихварско ограбување на земјата било изградбата на железнички линии. Така например, британската компанија која во 1885 година почнала со изградба на железничката линија Измир – Ајден ја принудила Портата да и гарантира 5% од печалбата и со

---

[77] Елена Стателова, Радослав Попов, Василка Танкова, История на българската дипломатия (1879 – 1913), София 1994, 5.

тоа ја поставила основата на системот на километарски гаранции т.е. Портата да ја гарантира печалбата на компаниите од секој километар изграден на железничката линија.[78]

Странските кредитори го ставиле под контрола и буџетот на Империјата, ползувајќи се со нејзините финасии. Така на пример, Велика Британија ги задржувала приходите од островот Кипар и со тоа ги задоволувала британските кредитори на Портата.

Прво место во полуколонијалното ограбување на Империјата од крајот на XIX век го држеле Велика Британија и Франција.

На политички план доаѓа до извесна промена на британската политика во однос на Османлиската Империја, односно до промена на политиката на зачувување на територијалната целост на Империјата. Имено, по британското завладување на Египет во 1882 година дошло до компромитирање на британско – османлискиот сојуз и компромитирање на британската стратегија за статус – кво. Тоа, пак, создало услови и за промена на британската позиција во однос на бугарската национална кауза. Обединувањето на Источна Румелија со Кнежевството Бугарија на 6-ти септември 1885 година за Велика Британија било добредојдено. Прво заради судирот со Русија поради Авганистан и евентуалната воена операција во Црното Море, а второ затоа што тоа било удар за Империјата која сега би била потолерантна кон британските интереси по распаѓањето на сојузот, а по повод завладувањето на Египет од страна на Британците.[79]

Заедно со тоа, поради британската предвидливост на Берлискиот конгрес, обединета Бугарија немала излез на Егејското Море, а немало да има и воени бази во Цариград и на Протоците, кои би ги користела Русија.

Бидејќи обединувањето значело нарушување на Берлинскиот договор, Големите сили, а и по настојување на Османлиската Империја, била свикана конференција на пратениците на силите во Цариград позната како Топханенска конференција (од 5-ти ноември 1885 – 3-ти април 1886 година) која требало да ја

---

[78] С.Димитров, К.Манчев, История на балканските народи (1879 – 1918), София 1975, 26.

[79] Минчо Семов, Великите сили и българската национална драма, София 1991, 131.

осуди создадената состојба.[80] Русија, Германија и Австро – Унгарија биле за враќање на статус – квото во Источна Румелија. Но на Конференцијата британскиот претставник Вајт успеал да го блокира издавањето на решението за воспоставување на статус квото за кое настојувал рускиот пратеник Нелидов. Британскиот пратеник не само што успеал да ги осуети акциите против обединувањето, туку и успеал да ја натера Високата Порта да склучи спогодба со Кнежевството. Согласно со таа спогодба Бугарите се откажале формално од потполното обединување на Источна Румелија со Кнежевството, а Високата Порта се согласила да го остави управувањето на областа во рацете на кнезот Александар Батемберг со титулата генерал – губернатор.[81] Било предвидено да се склучи и одбрамбен сојуз меѓу Империјата и Бугарија, а се предвидувало и одобрување од Големите сили. На 5-ти април 1886 година пратениците на Големите сили го одобриле обединувањето.

Заземањрто на Кипар, Египет и позицијата во однос на обединувањето на Бугарија предизвикале остро незадоволство кај Портата спрема Велика Британија и јасно покажале дека Велика Британија постепено почнала да ја напушта политиката на запазување на целоста на Османлиската Империја. Истовремено на сцената се појавил германскиот империјализам кој кроел планови за преворање на Империјата во своја полуколонија и затоа се спротиставувал на нејзиниот разгром.

Во однос на Македонија и македонското прашање најголем интерес, а воедно и најправилно го согледувал британскиот државник Вилијам Еварт Гледстон.[82] Најголема улога во заштитата на интересите на јужнословенските

---

[80]Ibidem, 132.

[81] Ibid.

[82] Вилијам Еварт Гледстон роден во 1809 г. во Ливерпул. Завршил универзитет во Оксфорд и на 23 години станал член на парламентот како припадник на ториевската партија. Во 1843 г. кога дошле на власт конзервативците станал министер на трговијата, а две години подоцна министер на колониите. За кратко време се повлекол од политичката сцена за да се врати во 1852 г. и за време на владата на лорд Абердин бил министер за финансии, која функција ја обавувал уште еднаш во периодот од 1859 – 1866 г. во 1866 г. станал лидер на Либералната партија, а за британски премиер бил за прв пат избран во 1868 до 1874 г. Потоа се повлекол од политиката, но актуелизацијата на

народи, во врска со нив и на македонскиот народ, Гледстон одиграл во периодот од 1875 – 1880 година и натаму. Тој бил особено активен за време на Берлинскиот конгрес и сметал дека постоело само едно праведно решение за Источното прашање, а тоа било „Балканот на балканските народи“.[83] Го подогнал и своето негодување за плановите кои по 1880 година ги кроела Австро – Унгарија за навлегување во Македонија и продирање кон Солун. Решавањето на македонското прашање, Гледстон го разгледувал во рамките на Балканска федерација.



**слика 2**

**Вилијам Гледстон**

Првпат гледстоново писмо за македонското прашање било објавено на 19-ти јануари 1897 година во весниците „The Times“, „Daily Chronicle“ и „Daily News“. Во своето писмо тој излегол со единствено свое становиште за решение на македонското прашање. Тоа е неговото барање „Македонија да биде на Македонците“ како одделна единица во рамките на Балканската федерација.[84]

Првите соопштенија за одгласот на гледстоновото становиште спрема македонското прашање ги имал современиот печат и тоа предимно британскиот. Во самата Велика Британија особено позитивно го поздравила гледиштето на Гледстон

Источното прашање во 1875 г. го вратило на политичката сцена. Бил премиер уште во три наврати и тоа од 1880 – 85, февруари – август 1886 и 1892 – 1894 г. Умрел во 1898 година.

[83] Христо Андонов Полјански, Одбрани дела...., 180.

[84] Ibidem, 182.

партијата на либералите, кои дури и формирале посебен комитет кој имал за задача натаму да го разгледува ова становиште.

По повеќето провали и афери во Македонија се прекинала таинственоста на Македонската револуционерна организација. Целите на МРО: „организирање на востание“, „создавање на самостојна македонска држава“, и „воспоставување на влада на Македонија“, станале општо познати.[85] Во едни вакви услови Високата Порта и европската дипломатија започнале посериозно да размислуваат за воведување на реформи. Во тој поглед британскиот амбасадор во Цариград, Николас О’Конор бил порадикален и сметал дека доколку Европа сакала да го спречи избувнувањето на востание во Македонија требало да се подобри положбата во земјата. За да се постигне таа цел тој сметал дека Македонија требало да добие одделна администрација за финансиите, правосудството и полицијата, а секоја област требало да биде под раководство или контрола на европски комесар.[86] Во врска со македонското прашање О’Конор имал средба со султанот Абдул Хамид II од кого барал итно спроведување на мерки за подобрување на состојбата во Македонија. На крајот од разговорот тој му се заканил на султанот дека доколку не дошло до никакви промени ќе се поставело прашањето за независност на Македонија и дека високата Порта ќе ја загубела оваа земја.

Предлозите на британскиот дипломатски претставник добиле делумна поддршка од австро – унгарскиот дипломатски претставник Каличе. Германија, пак, ова го протолкувала како обид на британската дипломатија да го тргне руското внимание од Авганистан каде имало судир на интереси меѓу Велика Британија и Русија. Сепак, ова јасно покажало дека Велика Британија ја напуштила дотогашната политика на немешање во работите на Балканот.[87]

---

[85] Ванчо Ѓорѓиев, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 – 1903, Скопје 2003, 17.

[86] Ibidem, 18.

[87] Ibid., 18 – 19.

# ГЛАВА II

# МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ИСТОЧНАТА КРИЗА (1875 – 1878)

## 1. Македонија во политиката на Велика Британија во периодот од Кримската војна (1853 – 1856) до 1875 година

Главната насока на британската политика кон Османлиската Империја во овој период била зачувување на интегритетот на Империјата која, пак, од своја страна се наоѓала во еден незапирлив процес на распаѓање. Заплашени од рускиот продор на Балканот и рускиот стремеж за излез на „топлите мориња“ (Егејско и Средоземно Море) Велика Британија настојувала на секој начин да ја „одржи во живот“ кревката Империја, во чие егзистирање гледала бариера против ширењето на руското влијание, а кое, пак, било закана за британските интереси и планови на Блискиот Исток и зацврстување на нејзиното господство над копнените и морските патишта за Индија.[88]

Во услови кога било доведено во прашање понатамошното постоење на Империјата, во средината на XIX век, сред европските држави постепено се оформиле две теченија за решавање на Источното прашање. Едното било на Русија која била за поделба на османлиските владенија, додека другото било за

[88] В.Виноградов, Революциј политики статус ... Op.cit.,21.

зачувување на нејзиниот интегритет, тоа го застапувале Франција и Велика Британија.

Предлозите на рускиот император Николај I да се поделат османлиските владенија на Балканот и Блискиот Исток со што Русија би добила превласт на Балканот, во Цариград и на Протоците, а териториите на Блискиот Исток да ги добијат Велика Британија и Франција, британската влада решително ги одбила верна на својата политика за зачувување на статус – квото на Истокот.[89] Доследноста кон оваа политика Велика Британија јасно ја демонстрирала во текот на Кримската војна (1853 – 1856) која се водела меѓу Русија од една и Османлиската Империја од друга страна, кога Велика Британија заедно со уште неколку европски држави зела учество во војната на страната на Империјата со цел да не дојде до нејзин целосен разгром од страна на руските војски.

Британското влијание во Империјата особено се зголемило по оваа војна кога таа искористувајќи го отворањето на османлиските пазари за слободна трговија преку внесот на своите индустриски производи практично ја претворила Империјата во своја „полуколонија".

Следствено на политиката за зачувување на целоста на Империјата, Велика Британија била „глува" за ослободителните стремежи на поробените балкански народи во неа, а во тој контекст и за македонскиот народ и неговата борба за ослободување од османлискиот јарем.

Британскиот интерес кон Македонија бил повеќе со економска позадина, поточно со стремеж за стекнување на поволни позиции од областа на стопанството и трговијата, но секако не бил исклучен и политичкиот интерес. За сите аспекти од британскиот интерес кон Македонија мошне значајни се податоците кои ги содржат извештаите на британските дипломатски претставници акредитирани во Македонија, а кои всушност биле вистински амбасадори на интересите и политиката на својата држава.[90]

---

[89] Ibidem, 22.

[90] Христо Андонов Полјански, Македонското прашање..., 231.

Така на пример, извештајот на британскиот конзул во Битола, Џ.А. Лонгворт, до британскиот полковник Хју Роуз со датум: 13-ти јануари 1853 година содржел податоци за извесни модификации на Танзиматот или ерата на реформи во Османлиската Империја започната од 1839 година со донесувањето на познатиот Ѓулхански Хатишериф, и за составот на Меџлисот, односно административниот совет во Битола.[91]

Притоа забележлово е дека конзулот ја добил содржината на ферманот доставена до Џемал Паша, цивилниот управник на Битола, а во кој му било соопштено дека се пропишуваат нови административни и полициски прописи за подобра управа со овој пашалак. Издавањето на ферманот било резултат на ескалацијата на разбојништвото во овој дел на Империјата и потребата за негово елиминирање, како резултат на што биле проширени ингеренциите на пашите (кои биле еден вид цивилни функционери) и на полицијата. Понатаму во извештајот конзулот констатирал неправилности во составот на битолскиот административен совет – меџлис, кој според правилата, во својот состав требало да има христијани, но тоа не било случај и дека неговите членови кои, инаку, биле пропаднати бегови и земјопоседници, биле прилично корумпирани.

За состојбата во Солун и Солунско во овој период значајни информации содржат извештаите на тамошниот конзул, Чарл Блант испаќани до споменатиот полковник Хју Роуз. Неговите извештаи изобилуваат со податоци за односите меѓу христијанското и еврејското население во солун и за прогоните на Евреите вршени од страна на грчкиот архиепископ и христијанската заедница во градот. Извештаите содржат и бројни податоци за дејствата на разбојничките банди во Солун и Солунско и нивните акции на ограбување и киднапирање на богати еврејски граѓани.[92]

Во едно такви услови британскиот амбасадор во Цариград, виконт Стратфорд Де Ретклиф, се заземал за назначување на нов солунски паша, Рустем,

---

[91] Британски документи..., т. III, 183.

[92] Ibidem, 186 – 199.

со надеж дека по неговото назначување ќе дојде до подобрување на состојбата во овој пашалак, нешто за што подоцна се покажало дека бил во право.

Британскиот амбасадор во Цариград добивал и значајни податоци за состојбата во Битола и Битолско од тамошниот британски конзул, Џ.А.Лонгворт. Неговиот извештај од 21-ви април 1853 година содржел податоци за зголемувањето на бројот на грчките нерегуларни сили лоцирани на грчко – османлиската граница со цел да ја заземат Тесалија, која сеуште била во составот на Османлиската Империја и да ја приклучат кон грчката држава и дека тоа влијаело на зголемувањето на бунтовното расположение на населението во Битола и Битолско.[93]

И покрај тоа што османлиските власти му ветиле на британскиот конзул во Битола дека ќе превземат поефикасни мерки против разбојничките банди во Битолскиот вилает, до тоа не дошло.

Британскиот конзул во Битола често пати превземал обиколки низ подрачјата кои биле под негова конзуларна јуриздикција собирајќи на терен податоци за состојбата на тамошното население, за односот меѓу христијаните и муслиманите. Извештаите од 1854 година на конзулот во Битола изобилуваат со податоци за континуираните премини на чети од Грција во Битолскиот вилаетна кои им се приклучувало тамошното христијанско население со цел да прави нереди против муслиманското население. Притоа конзулот во еден од своите извештаи заклучил дека тоа било поттикнувано од руски агенти, а со цел да се оневозможи испраќањето на резервите на османлиската војска стационирани во овие провинции кај османлиската армија на Дунав ангажирана во борбите против руската армија.

На 17-ти март 1854 година, Џ.А.Лонгворт соопштувал за убиството на едно христијанско момче од Битола од страна на еден Албанец од Ресен. Убиството било без некоја посебна причина, а ваквите убиства биле чести во овие краеви и притоа османлиските војски не превземале никакви мерки против злосторниците. На истиот датум се совпаѓа и извештајот на британскиот пратеник во Атина кој

---

[93]Ibid., 242.

известувал за востаничкиот план кој во Македонија требало да го спроведе Димитар Џами (Џами) Караташо.[94]

Тој бил истакнат македонски револуционер кој во периодот од април – мај 1854 година бил на чело на востаничкото движење во јужниот дел на Македонија, поточно на Халкидичкиот Полуостров. Низата успеси кои со својата војска ги извојувал против османлиската не му донеле целосен успех. Тоа се должело пред сѐ на слабата организација и недоволната координираност на акциите, слабото вооружување, близината на Солун со востаничкиот терен од каде османлиските власти брзо испраќале воени ефективи и секако помошта што ја добивала Империјата од своите сојузници како Велика Британија и Франција. Сепак, востанието имало јасно нагласени слободољубиви цели и тенденции да се прошири и во внатрешноста на Македонија.

Понатамошните извештаи на британските конзули во периодот на Кримската војна биле посветени токму на војната, на воените активности на османлиската војска, а попатно се соопштувала и состојбата на населението во Македонија.

Зафатеноста на османлиската власт со војната придонесувало да се намали нејзината контрола врз областите под нејзина управа. Така во тој период во Македонија владеела една состојба на анархија во која ограбувачките банди слободно се движеле и вршеле различни злоупотреби врз населението. За тоа сведочи извештајот на Чарлс Блант од 29-ти мај 1855 година, каде се зборува за зголемената активност на бандите во солунскиот крај и дека во нивниот состав биле најчесто вклучени дезертери од османлиската армија и од трансформирани албански нерегуларни чети.[95] Во прилог на извештајот конзулот дал список на местата во солунскиот пашалак каде што тие извршиле злосторства. Така на пример, во Ѓумурџина биле убиени осум христијани и двајца османлиии притоа тамошните власти не превзеле никакви мерки. Во Драма биле убиени четворица христијани, а на тресет и пет бандити им било дозволено да избегаат од затворот.

---

[94] Ристо Поплазаров, Op.cit., 91 – 92.

[95] Британски документи..., т. III, 336 – 337.

Деветмина христијани биле убиени и во Прависта, во селото Колокос во близина на Бер едно христијанско момче, а во Кукуш биле убиени шестмина христијани.[96]

Од ваква природа биле и извештаите на британските конзули од 1856 година при крајот на Кримската војна. На 22-ри јули 1856 година, Џ.А. Лонгворт во извештајот испратен до виконт Страфорд Де Ретклиф дал преглед на општата состојба во Румелија и на значењето на Хатихумајунот или свеченото царско писмо прокламирано на 27-ми јануари 1856 година, а кој бил вториот значаен акт од ерата на реформите во Османлиската Империја.[97] Притоа конзулот констатирал дека оваа голема повелба на христијанските слободи и цивилната и религиозна еднаквост во Империјата не би останала мртва буква на хартија доколку неговото спроведување било доверено на покомпетентни лица наместо на оние на кои Портата им ја доверила таа задача.

За појавата и ширењето на разбојништвата во овие краеви конзулот ги сметал како главни причини: формирањето на бишибозукот односно нередовните османлиски трупи кои најчесто биле и доста недисциплинирани, дезертертирањето од регуларната армија и востаничките движења во соседните провинции кои барале ангажирање на поголеми османлиски воени ефективи.

Во услови на големи тешкотии кои ги чувствувало македонското население од зулумите на овие разбојници тоа често пати се жалело до британските конзули притоа барајќи нивна заштита. Извештајот на Чарлс Блант испратен на 14-ти мај 1857 година до виконт Стратфорд Де Ретклиф сведочел за тоа.[98] Извештајот содржел податоци за злосторствата на разбојничките банди во Струшко за кои конзулот добил информации од еден припадник на познато охридско трговско семејство Робеви, кој во екот на овие злосторства го загубил братот некаде во близината на градот Струга. Човекот барал од конзулот да се заземе за расветлување на овој случај и вршење на притисок кај османлиските власти да преземат поефикасни мерки во елиминирањето на разбојништвото во Струшко.

---

[96] Ibidem, 337 – 338.

[97] Ibid., 376 – 389.

[98] Британски документи..., т. IV, 90 – 91.

Интересен бил циркуларот на сер Хенри Булвер, новиот британски амбасадор на Велика Британија во Цариград, испратен на 11-ти јуни 1860 година до сите британски конзули во европскиот дел на Османлиската Империја.[99] Повеќето информации во циркуларот се однесувале за положбата на христијанското население во Битолскиот пашалак кој во тој период бил поделен на три провинции: Битола, Охрид и Корча, со приближен број на население: 1.000.000 во Битола, 750.000 во Охрид и 800.000 во Корча. Притоа 75% од населението во Битола биле христијани, а 25% муслимани. Во Охрид соодносот бил 45% христијани наспроти 55% муслимани, а во Корча 34% христијани и 66% муслимани. Притоа муслиманите го сочинувале поголемиот дел од земјосопствениците по селата, додека повеќето од христијаните биле ангажирани во трговијата во градовите. На муслиманските имоти по селата како наемни работници работеле претежно христијани. Нееднаквоста меѓу христијанското и муслиманското население особено била изразена при судските процеси каде била очигледна подредената положба на христијаните во однос на муслиманите и нивната минорна улога како сведоци при судските процеси.

За состојбата на христијаните во скопскиот вилает кој во овој период се состоел од скопскиот, приштинскиот и призренскиот санџак, значајни податоци содржело писмото кое британскиот вицеконзул во Скопје, Џон Блант го испратил до сер Хенри Булвер, на 14-ти јули 1860 година.[100] Од писмото може да се види дека населението во Скопскиот ејалет или барем третина од него се занимавало со земјоделие, вредноста на десетокот била повеќе од дуплирана, а биле зголемени и цените на сите продукти кои биле за секојдневна употреба, а бил забележан и напредок во некои гранки од индустријата. Соодносот меѓу христијанското и муслиманското население бил 281 за првите, а состојбата на селаните христијани била мошне тешка во услови на немање право на носење оружје и без ефикасен полициски систем тие биле секојдневно изложени на напади на разбојничките банди.

---

[99] Ibidem, 115.

[100] Ibid., 124.

Извештајот на новиот британски конзул во Битола, Чарлс Калверт испратен до лорд Лајнз, вонреден и ополномоштен амбасадор на Велика Британија во Цариград, од 1867 година содржи податоци за состојбата на христијанското население во Битола и Битолско.[101] Притоа може да се види дека тие немале никакви пречки од властите при поправка на старите и градењето на нови цркви, училишта, куќи, болници или гробишта. Во сите поголеми градови од Битолскиот пашалак биле изградени пристојни и убави училишни згради, а во секое село цркви со посовремен стил. Со цел да се избегнат давачките наложувани од грчките владици голем дел од населението во знак на протест ја прифаќало католичката религија.

Иако со Хатихумајунот од 1856 година било ветено дека сите трговски, прекршочни и криминални случаи меѓу муслиманите и припадниците на другите религии требало да се проследуваат од страна на мешовит трибунал, а сослушувањето на изјавите да биде јавно, во пракса тоа не било случај. Формално постоел мешовит трибунал во кој христијанскиот елемент бил толку мал што практично бил сведен на нула. Конзулот констатирал дека во текот на неговиот долгогодишен престој во османлиската историја не знаел за случај во кој некој муслиман бил осуден на смрт поради убиство на христијанин само врз основа на докази пласирани од христијани.

За анархијата која владеела во Солунскиот вилает во 70-те години на XIX век детални информации содржело писмото на британскиот генерален конзул во Солун, Џон Блант, испратено на 11-ти ноември 1872 година до грофот Гренвил, државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија.[102] Населението било константно изложувано на зулуми од страна на разбојничките банди, а османлиските власти се уште биле индиферентни во тој поглед. Битолскиот регион особено страдал од грабежи на стока и други злосторства вршени од албанските банди од Дебар.

---

[101]Id., 169 – 188.

[102] I., 270.

Во овој како и во претходните извештаи британските конзули секогаш го изразувале своето незадоволство од мерките кои ги преземала османлиската власт за заштита на своите поданици од злоупотребите на разбојничките банди, а кои биле скоро никакви и затоа често пати британските конзули ја прифаќале улогата на посредници меѓу населението и локалните османлиски власти принудувајќи ги вториве на превземање на поенергични акции.

## 2. Македонија во политиката на Велика Британија за време на Големата источна криза (1875 – 1878)

Револуционерното вриењеод 70-те години на XIX век во Османлиската Империја кое кај повеќето потчинети народи на Балканот се изразило во вид на востанија од поголеми или помали размери, го зафатило и македонскиот народ. Причините за овие раздвижувања биле од различен карактер, но главна била економската криза во која западнала Империјата која почнала сé повеќе да се задолжува кај европските кредитори. Со цел да излезе од кризата таа воведувала нови даноци и такси, а и ги зголемувала старите. Освен тоа, две години по ред, и 1874 и 1875 година, биле неродни со што се влошила уште повеќе и онака тешката состојба на народот на Балканот.

Во Македонија, инаку, никогаш не престанала борбата против османлискиот јарем која во почетокот била изразувана како борба на ајдучките дружини, потоа револт и селански буни, за да во 70-те години на XIX век се појават првите знаци на организирана борба.[103]

Заради централната положба на Балканот, Македонија долго време играла улога на првокласна војничка база за Империјата. Од нејзините територии најлесно

---

[103] Ljuben Lape, Dru{tveno – ekonomske prilike u Makedoniji u doba Bosansko – hercegova~kog ustanka i li~nost Dimitrija Pop Georgieva – Berovskog, Posebno izdanje, Akademija Nauka i Umetnosti Bosne i Hercegovine, knjiga XXX, Sarajevo 1977, 132.

биле префрлани османлиски војски во одбрана на границите на Балканот од надворешните напади или да ги задушат внатрешните буни на босанските и албанските феудалци. Освен што во Македонија била сконцентрирана голема постојана војска по гарнизоните во 60-те години на XIX век биле колонизирани околу 26.000 Татари и 10.000 Черкези.[104]

Македонското село особено трпело под притисок на муслиманските полски чувари кои од обични чувари на селските ниви тие со тек на време толку добиле сила што почнале да ги узурпираат селските ниви и станале најголеми локални тирани. Македонија од сите османлиски области посебно се издвојувала по претрпените штети од нападот на разбојничките банди од соседните западни области, дезертираните војници и локалните одметници од османлиските власти.

Ова било своевремено бележено од странските конзули во Македонија меѓу кои се рабира и британските. Така на пример британските конзули соопштувале и за немирите кои ги предизвикувале албанските банди во Јужна Македонија т.е. долж османлиско – грчката граница. Но, по брзата интервенција на османлиската полиција нивниот водач бил убиен, а повеќето од неговите следбеници биле затворени.

Напоредно со борбата за ослободување од османлиската власт, македонскиот народ во овој период водел борба за отстранување на грчките фанариотски владици и нивниот духовно – економски притисок врз македонскиот народ, борбата за воспоставување на автокефална охридска архиепископија и воведување на црковнословенски јазик во црквите и народен јазик по школите на местото на грчкиот. Во тој контекст се писмата на Џон Блант, британскиот генерален конзул во Солун, до сер Хенри Елиот, амбасадор на Велика Британија во Константинопол, од 30-ти ноември и 1-ви декември 1875 година.[105] Писмата се однесуваат на протестите на народот од овој крај против тамошниот патријаршиски владика кој според сознанијата на конзулот повторно се обидувал да го присили христијанското население да ја признае неговата духовна власт. А, пак, откако

---

[104] Ibidem, 132.

[105] Британски документи..., т. IV, 295 – 296.

наишол на поддршка од локалниот управител, успеал себеси да се назначи за претседател (nazir) на локалната комисија формирана со цел да врши поправки на патот кој требало да ја поврзува Струмица и областа со железничката линија Солун – Скопје.

Но локалното население ангажирано во работите околу поправките на патот се побунило против ова и престанало со работата. По сугестија на британскиот конзул кај кого дошол на посета Ахмед Хамди Паша бил разрешен кајмакамот на Струмица, а на грчкиот владика му било препорачано да го напушти градот за извесно време.

Извештаите на британските конзули од почетокот на 1876 година претежно се однесувале на бунтовното расположение кое како и другите балкански народи го зафатило и македонскиот народ во екот на Големата источна криза. Османлиските неуспеси во Босна и Херцеговина се рефлектирале и во Македонија на тој начин што значително се влошувала имотната и личната безбедност на населението. Муслиманското население било силно фанатизирано и воедно вооружувано и тоа требало да и послужи како помош на власта да не се прошират босанско – херцеговските настани и во другите делови на Империјата. Во меѓувреме продолжувал и процесот на насилно исламизирање на христијанското население. Таков еден случај каков што бил случајот со Стефана Ланскова од с. Богданци, Гевгелиско, кој за малку ќе добиел меѓународни димензии.[106]Дипломатските претставници на Големите сили во Цариград заради тоа одржале заеднички состанок кон почетокот на 1876 година и решиле да испратат нота до Високата Порта со цел да ја спречат евентуалната трагедија.

Бележење на овие настани има во писмата кои на грофот од Дерби, британскиот државен секретар за надворешни работи, му ги испраќал Хенри Елиот, британскиот амбасадор во Цариград во месец мај 1876 година. Истиот конзул му давал податоци на британскиот државен секретар за надворешни работи, а кои се однесувале на убиствата на германскиот и францускиот конзул во Солун во тие денови на изразен муслимански фанатизам.

---

[106] Историја на македонскиот народ... Op. cit., 62.

Единственото известување, а коебило во врска со Разловечкото востание во Македонија од 8/20 мај 1876 година, било известувањето на Хенри Елиот до грофот од Дерби, 25-ти мај 1876 година, а кое се однесувало на присуството на руски рубљи во Малешевијата.[107] Информацијата за присуството на руски рубљи кои биле во оптек во малешевскиот крајна Македонија, Елиот ја добил од Џон Блант и од некои други лица и дека веројатно руското сребро кое инаку било испратено за потребите на востаниците било доставено со воз од Цариград.Британските конзули во Македонија често пати превземале патувања низ земјата со цел на терен да се запознаат со состојбата на населението. Такво едно патување превземал Џон Блант заедно со солунскиот паша. За впечатоците од ова патување тој го известил Хенри Елиот во писмото од 25-ти септември 1876 година.[108]

Конзулот забележал немири низ целата земја, а во Битола убиствата на христијани станале секојдневие, а во целата таа ситуација локалните османлиски власти не превземали никакви мерки.

Политиката на статус кво на Балканот и интегритет на Османлиската Империја која ја водела Велика Британија во текот на целиот XIX век јасно се огледала во писмото на Џон Блант, кое на 5-ти октомври 1876 година го испратил до Хенри Елиот.[109] Поради настаните во Босна и Херцеговина кои влијаеле врз бунтовното расположение на населението во Македонија, конзулот истакнал дека тој мора да се погрижи за зачувување на мирот во областите под негова конзуларна јуриздикција со цел да не дојде до нарушување на интегритетот на Османлиската Империја.

Писмото на маркизот Солзбери, британски полномошник во Константинопол, до грофот Дерби, од 17-ти декември 1876 година содржело препис од предложениот договор за идното уредување на провинцијата Бугарија.[110]

---

[107] Британски документи..., т. IV, 296 – 297.

[108] ДАРМ, Фонд Министерство за надворешни работи на Велика Британија (Foreign Office), м.ф. – 4, сн. 19 – 34.

[109] ДАРМ, Фонд Министерство за надворешни работи на Велика Британија (Foreign Office), м.ф. – 4, сн. 42 – 47.

[110] Британски документи..., т. IV, 304 – 309.

Станувало збор за одлука од прелиминарната конференција на Цариградската конференција свикана по предлог на Велика Британија на 4-ти ноември 1876 година со која требало да се смири состојбата во Османлиската Империја, за да не дојде до нејзин евентуален разгром. По британски предлог провинцијата бугарија требало да биде уредена како две провинции (вилаети) со локална автономија и тоа Источната провинција со главен град во Трново и Западна провинција со главен град во Софија во која меѓу другото било предвидено вклучување на делови од Македонија и тоа казата Битола, дел од Серез, казите Дојран, Струмица, Тиквеш, Велес, Костур и градот Скопје.

За злосторствата извршени во месец мај 1876 година во Струмичко и Малеш, по задушувањето на Разловечкото востание во Македонија детални информации содржело писмото кое Џон блант го испратил на 9-ти април 1877 година до Џослин, вршител на должност во амбасадата на Велика Британија во Цариград.[111] Во писмото се дадени имињата на убиените христијани од страна на муслиманските одмазници во краевите зафатени со востанието.

Во екот на анархијата која ја зафатила Османлиската Империја за време на Големата источна криза кога таа трпела воени порази на сите фронтови во Македонија продолжило пустошењето на разбојничките банди кои претежно биле со албанско потекло и кои од Дебар доаѓале во селата од битолскиот крај. Тие биле вооружени, во служба на Портата како нерегуларни трупи и вршеле грабежи на месното христијанско население. Поради ангажираноста на воените фронтови власта немала доволно трупи да испрати во овие краеви со цел да се пресмета со разбојниците. Во едни вакви услови британскиот оклопен брод „Research“ на чело со капетанот Вилсон пристигнал во солунското пристаниште со задача да достави извештај за состојбата во земјата и да биде присутен тука и во Волос во случај на потреба.[112]

Победоносниот од на руската армија за време на војната која таа ја започнала со Османлиската Империја во јуни 1877 година, ја довела пред портите

---

[111] Ibidem, 316 – 318.

[112] Ibid., 319. (Писмо од Едвард Баркер, британски заменик генерален конзул во Солун, до гроф Дерби од 31-ви јануари 1878 година)

на Цариград. Во едни такви услови плашејќи се за својот опстанок, Османлиската Империја најпрво склучила примирје со руската армија во Одрин на 31-ви јануари 1878 година кое ги содржело основите на мирот, а веќе на 3-ти март истата година и прелиминарен[113] мировен договор во Сан Стефано. Притоа Империјата ја признала независноста на Србија, Црна Гора и Романија и нивно територијално проширување, а Бугарија требало да се издигне во автономно трибутарно кнежевство со христијанска влада и народна милиција и голема површина од 164.000 км². На тој простор во таа т.н. Голема Бугарија влегувале, освен, целата територија на Бугарија, делови од Србија и скоро целата територија на Македонија без Солун и Халкидичкиот Полуостров.

На одлуките на Сан – Стефанскиот договор особено се спротиставила Велика Британија која била против руските територијални придобивки по војната и против создавањето на „Голема Бугарија" која била руска творба и руска база на Балканот. Исправена пред силниот отпор од западните држави, а особено од Велика Британија и Австро – Унгарија, а немоќна за нови конфронтации, Русија решила по дипломатски пат да спаси нешто што можело да се спаси, но кога и тоа пропаднало таа морала да се согласи на ревизија на Сан – Стефанскиот договор која требало да се одвива во Берлин.

Писмото на лорд Одо Расел, вонреден и ополномоштен амбасадор на Велика Британија во Берлин, испратено до грофот Дерби, од 17-ти март 1878 година содржело негови предвидувања за прашањата кои требало да бидат дискутирани на претстојниот Берлински конгрес.[114] Британскиот амбасадор предвидувал дека Русија ќе го предложи Сан – Стефанскиот договор и дека тој ќе биде реална основа за дискусија на претстојниот конгрес. Германија ќе ѝ даде искрена поддршка на Русија, сметајќи дека Сан – Стефанскиот договор е свршена работа и дека на Конгресот ќе дојде само до негово верификување од страна на силите потписнички. Франција долго време се стремела да биде сојузник со Русија и дури сега се ослободила од стравот дека ќе има друга војна со Германија. Затоа Конгресот би ѝ

[113] Прелиминарен затоа што претходно требало да биде санкциониран на некоја европска конференција.

[114] Id., 320 – 322.

овозможил драгоцена можност да ги придобие симпатиите на Русија и Германија. Франција уште пред да се сложи со предложениот Конгрес доставила извесни барања до Германија и Русија, а тоа било Египет, Сирија, светите места итн., да не бидат споменати, а за возврат таа ќе ја дала очекуваната поддршка. Италија најверојатно би била воздржана, а Австро – Унгарија ќе се спротиставела на претензиите на Русија и ќе ставела приговор на предложените граници за новото кнежевство Бугарија и на предложената окупација на османлиските територии од страна на руските трупи. Но, затоа, пак, германскиот канцелар Бизмарк со цел да ја спречи војната меѓу Русија и Австро – Унгарија и да ја одржи Северната алијанса заедно ќе гледа да се дојде до компромис и истовремено ќе го забрза анексирањето на Босна и Херцеговина кон Австро – Унгарија.

Британскиот амбасадор во Цариград, сер Хенри Остин Леард, на 17-ти 1878 година испратил писмо до маркизот од Солзбери, британскиот секретар за надворешни работи, во кое му ја приложил петицијата, која ја добил од населението во Струмица, против одлуката нивната земја да биде вклучена во предложеното на Сан – Стефанскиот договор кнежевство Бугарија.[115] Инаку протестот го добил од населението во провинцијата Кожани и од силогосите[116] во Струмица во кој барале Русија да се изјасни пред европската јавност зошто Македонија требало да биде анексирана кон Бугарија.

Летото 1878 година се одржал Берлинскиот конгрес на кој била потврдена независноста на Србија и Црна гора и нивно територијално зголемување, на Грција и биле отстапени Епир и Тесалија, а на местото на Голема Бугарија било создадено Кнежевството Бугарија меѓу Дунав и Стара Планина и автономна област – Источна Румелија меѓу Стара Планина и Родопите. Босна и Херцеговина била окупирана од страна на Австро – Унгарија, а Велика Британија заради поддршката на Портата добила право да го окупира островот Кипар.[117] Македонија се враќала под власта на

---

[115] I, 323 – 327.

[116] Силогоси – просветни друштва организирани во градовите во османлиските поседи на Балканот кои ги застапувале и работеле во корист на грчките интереси и пропаганди во тие поседи.

[117] Г.П.Геновъ, България и Европа..., 56 – 59.

султанот, а за неа бил предвиден членот 23, односно воведување на административна автономија.

По завршувањето на Берлинскиот конгрес во Бугарија започнало движење против неговите одлуки односно против одлуката на местото на Голема Бугарија да се формираат две провинции Кнежевство Бугарија и Источна Румелија. Во движењето се вклучил дел од македонската емиграција која била тесно поврзана со бугарските реакционерни кругови и Егзархијата. Во прво време тие биле повеќе упатени кон организирање на дипломатски мисии кои требало во престолнините на разните европски сили да ја изнесат тешката положба на Македонија, меѓутоа истовремено се работело и врз создавањето на услови за организирање на оружени акции во самата Македонија. За таа цел требало да се формираат чети во Бугарија кои требало да се испраќаат во Македонија, а за раководење и координирање на акцијата требало да се формира комитет. Како резултат на тоа на 29-ти август 1878 година во Трново бил свикан состанок на истакнати претставници на бугарската буржоазија. Бил формиран комитет „Единство" кој требало да работи за единство на „сите Бугари", а вакви комитети требало да се формираат и во други делови на Бугарија.[118] Биле испратени луѓе во Македонија кои требало да се сретнат со Натанаил Охридски[119], егзархиски владика. Натанаил во почетокот на септември 1878 година дошол во Ќустендил каде се сретнал со истакнатиот ајдутски војвода Иљо Малешевски[120] и неговите четници и било решено Натанаил да стане раководител на четите. Во исто време тој изградил клонови на Комитетот од Ќустендил на чело со владиката Иларион од Дупница (Станке Димитров) и горна Џумаја (Благоевград).

За востаничките подготовки во Македонија, британскиот конзул во Пловдив, Џ.Калверт во едно писмо од 15-ти октомври 1878 година му доставува детални информации на Хенри Остин Леард.Информациите ги добил од едно

---

[118] Иван Катарџиев, Кресненското востание 1878 година, Скопје 1978, 29.

[119] Натанаил Кучевишки (1820 – 1906) еден од водачите и организатори на Кресненското востание од 5/17 октомври 1878 година.

[120] Дедо Иљо Малешевски, ајдутски војвода во Источна Македонија, учесник со своја чета во српско – османлиската и руско – османлиската војна.

доверливо лице кое тој лично го испратил во Ќустендил за таа цел. Така конзулот бил информиран за Комитетот во Ќустендил кој броел осум членови и дека тој бил во врска со комитетите формирани во другите градови на Румелија и Бугарија и дека негов претседател бил Натанаил Кучевишки.[121]

Комитетот се обидувал преку селските свештеници и специјалните емисари да го убеди локалното население од областите под руска доминација масовно да се приклучи на претстојното револуционерно движење во Македонија. Агитаторите како главен аргумент го употребувале тоа што Русија успеала да им ги врзе рацете на Австро – Унгарија и Велика Британија со востанието во Босна и Херцеговина и со проблемите со Авганистан, што му овозможувало на рускиот цар да вети дека доколку „Бугарите“ успеат да ја ослободат Македонија, тогаш тој ќе формира моќно бугарско кралство.

Понатаму во писмото информациите се однесувале на воените подготовки, програмата на бунтовниците изложена во пет точкиво која се гледа очекувањето и руските војници да земат учество во движењето. Се предвидувало востаниците да напредуваат во правец на Велес, Скопје и Битола. Кажува дека казата Пијанец се дигнала на оружје откако во областа со 150 доброволци влегол дедо Иљо Малешевски.[122] Населението во Македонија, поточно на патот од Ветрен до Ќустендил, било вооружено со „мартинка“ или „снајдер“ пушка, одземени од Османлиите, а и дека имале многу муниција.

Набрзо по добиените информации, односно на 18-ти октомври 1878 година сер Хенри Остин Леард, побрзал да го извести маркизот од Солзбери за сериозноста на движењето во Македонија и за вмешаноста на Русија.[123] Во писмото британскиот амбасадор потенцира дека руските агенти ги известувале бугарите дека Русија по добиената предност поради Австро – Унгарските незгоди во Босна и британските во Авганистан, ќе можела да ја заврши својата замисла за создавање на големо бугарско кралство.

---

[121] Британски документи..., т. IV, 333.

[122] Ibidem, 334.

[123] Ibid., 337.

Понатамошните извештаи на британските конзули главно се однесуваат на текот на Кресненското Македонско востание кое започнало на 5/17 октомври 1878 година со нападот на османлискиот гарнизон во селото Кресна. По 18 часовна борба османлиската стража била совладана, а уште истиот ден биле заземени селата Оштава, Влахи кое подоцна станало седиште на востаничкото раководство. По заземањето на Ново Селодел од востаниците се префрлиле на десниот брег на реката Струма и наскоро ги зафатиле селата Мораска, Брезница, Будилци, Сливница и Крушица.[124]

Британскиот амбасадор во Цариград испратил телеграма до маркизот од Солзбери на 28-ми октомври 1878 година во која соопштувал за нотата која Портата ја испратила до рускиот амбасадор во врска со Кресненското востание.[125] Во нотата Портата истакнува дека била потврдена една веродостојна информација дека четите составени во Бугарија, а кои требало да влезат во Македонија, биле организирани, вооружени и обучени на југот од Бугарија, во областа окупирана од руски војски и управувана од руските власти. Ова ќе било третирано како мошне сериозен проблем и дека тоа било во спротивност со намерите на руската влада, која, како што била убедена Портата, немало да толерира Бугарија или која било друга територија окупирана од руските војски да биде центар на интриги и востанички подготовки против султанските власти. Во својот одговор рускиот амбасадор ветил истрага и изјавил дека такви движења немало да бидат дозволени од страна на руските власти.

Во востанието активно учество земале и грчките селани од северниот дел на Грција, близу до границите со Словените од кои трпеле силно влијание. Притоа ослободена Грција била немоќна да влијае врз ова население кое било посилно привлечено кон Словените. Во едни вакви услови британскиот ополномоштен претставник Едвин Корбет во двете писма кои ги испратил до маркизот од Солзбери изнесува каков став би требало да заземе Велика Британија за заштита на грчкиот елемент.[126] Притоа наместо да ги заплашува со губење на нивната

---

[124] Иван Катарџиев, Op. cit., 35.

[125] Британски документи..., т. IV, 340.

[126] Ibidem, 344 – 345.

националност, што би било спротивно на британските интереси, Велика Британија требало поефикасно да го заштити грчкиот елемент со што ќе ја принудела Османлиската Империја побрзо да им ја отстапи на Грците територијата одобрена на Берлинскиот конгрес.



**слика 3**

**Дедо Ильо Малешевски**

Телеграмите на британскиот амбасадор во Цариград кои ги испратил на почетокот на месец ноември 1878 година до маркизот од Солзбери, содржеле податоци за судирите меѓу востаниците и османлиските војски кај Џумаја, Крива Паланка и Мелник. Во една од неговите телеграми можат да се видат какви биле британските активности во врска со добивањето информации за текот на востанието.[127] Имено, тие праќале свои капетани на теренот кои имале за задача да го следат востаничкото движење и за тоа да поднесуваат детален извештај.

Во едно, пак, писмо на сер Хенри Остин Леард од 11-ти ноември 1878 година испратено до маркизот од Солзбери, тој му соопштувал за дезертирањата од османлиската армијаи стравувал од евентуалната нова војна меѓу русија и Османлиската Империја.[128] За дезертирањето од редовите на османлиската армија

[127] Ibid., 348.

[128] Id., 353 – 354.

амбасадорот бил информиран од доверлив извор дека причините биле тоа што со месеци офицерите и војниците биле без плата, а и кога добивале таа била мала и во книжни банкноти, речиси безвредни, слабата исхрана и облека на прагот од зимата. Тој сметал дека овие податоци биле важни за британската влада во услови кога се очекувала нова војна меѓу Русија и Османлиската Империја. Имено, султанската армија која во тој момент броела околу 200.000 војници би можела да биде зголемена доколку била плаќана од Велика Британија и командувана од британските офицери, тоа ќе било од најголема полза во евентуалната војна.

Британскиот генерален конзул во Софија, Гифорд Палгрејв, водел доверлив разговор со рускиот царски комесар, Александар Михајлович Дондуков – Корсаков[129] околу востанието во Македонија. За текот на разговорот тој го информирал маркизот од Солзбери во писмото од 28-ми ноември 1878 година.[130]

Во разговорот кнезот Дондуков ја изнел целата историја на востаничкото движење во Кресна приложувајќи документи и писма. Притоа тој негирал дека би можел да има некое влијание или контрола врз настаните во Македонија. Ги истакнал мерките кои ги презел со намера да ја осигура безбедноста на бугарската граница и да спречи немири и судири на самата граница.

Во врска со изјавата на кнезот Дондуков, британскиот конзул понатаму во писмото напишал доплнение во врска со рускиот однос кон востанието. Имено, дека несогласувањето на руската влада и нејзините официјални лица со востаничкото движење било предмет на јавна осуда. Руската администрација во Бугарија ја немала таа моќ да го спречи ширењето на востанието во Македонија.

Заради собирање податоци во врска со востанието Гифорд Палгрејв решил да превземе патување кон бугарско – османлиската (македонска) граница, поточно во Ќустендил, Дупница, Џумаја и Самоков. За овие намери тој го известил британскиот државен секретар за надворешни работи во писмото од 29-ти ноември 1878 година. Во писмото од 9-ти декември 1878 година тој изнел детални податоци

---

[129] Кнез Александар Михајлович Дондуков – Корсаков, руски генерал кој по Сан – Стефанскиот мировен договор (03.03.1878 година) бил поставен за руски императорски комесар во Бугарија.

[130] I., 369 – 372.

за патувањето и за сознанијата до кои дошол притоа.[131] Целта на неговото патување била да дознае дали локалните руски власти зеле некакво учество во помагањето и давањето на поддршка на востанието и да се провери вистината за некои наведени злосторства извршени од страна на османлиските војски во руската погранична област. Писмото содржело неколку извештаи од кои првиот се однесувал на бројот на бегалците од Македонија долж границата со Бугарија.

Вториот извештај се однесувал на ставот на руската привремена управа во Бугарија кон Кресненското востание. Главни места од кои добил информации биле Ќустендил, Џунаја и Самоков, а притоа биле испрашувани американските мисионери кои живееле таму, руските власти и позначајните жители од самото место. По извршеното внимателно испрашување, сепак, конзулот не наишол на ниту еден позитивен или актуелен доказ за помош или дури охрабрување дадено од Русите на востаничкото движење, туку напротив, наишол на нешто спротивно од тоа. Третиот извештај на британскиот конзул се однесувал на извршените престапи од страна на османлиските војски на границата со Бугарија. На крајот од писмото конзулот приложил петиција која му ја доставиле бегалците од Македонија во Џумаја. Во петицијата тие се осврнале на тешката положба под османлиски јарем и притоа го молеле тој да ја извести „цивилизирана Европа" за сето она што го видел.

Телеграмата на сер Хенри Остин Леард, која тој ја испратил на 15-ти декември 1878 година до маркизот од Солзбери, сведочела за воените дејства на Русите во Македонија.[132] Имено, Русите испратиле четири баталјона и пет топа во Џумаја и притоа ги освоиле селата Осеново и Градево.

Самото присуство и близината на руската војска и тоа особено заземањето на Горна Џумаја од еден нејзин одред стимулативно влијаело за поинтензивното раздвижување на поробениот македонски народ. Високата команда на руската војска во Бугарија кога, пак, започнало востанието го помагала морално и материјално. Значи несомнено таков бил односот на руските воени власти спрема

---

[131] Британски дипломатически документи по Българския национален въпрос, т. I, София 1993, 86 – 93.

[132] Британски документи..., т. IV, 394.

востаничкото движење во Македонија. На состанокот во Рилскиот манастир есента 1878 година на кој се расправало и се донело одлука за кревање на востание присуствувале и окружните началници (Руси) на Ќустендил, Дупница и Горна Џумаја.[133]

Но ова не бил и официјалниот став на руската политика која не сакала да ја комплицира и онака тешката меѓународна положба по војната со Османлиската Империја. По разгорувањето на востанието во Петроград било осудено однесувањето на некои претставници на руската војска во Бугарија како резултат на што после неколку месеци дошло до запирање на помошта што риската команда му ја давала на Благотворителниот комитет.

При крајот на декември 1878 година, а согласно со упатствата добиени од својата влада, британскиот полковник Х.Син направил посета на Разлог со цел да се запознае со текот на востанието во тој реон. За информациите кои ги добил на терен тој испратил извештај до сер Хенри Остин Леард на 27-ми декември 1878 година.[134]

И понатамошните извештаи на британските конзули во Македонија воглавно се однесувале на текот на Кресненското востание, детално опишувајќи ги воените операции на востаниците, нивните судири со османлиските војски и османлиската контраофанзива сѐ до конечното задушување на востанието во јули 1879 година.

---

[133] Иван Катарџиев, Op. cit., 93 – 94.

[134] Британски документи..., т. IV, 340 – 408.

# ГЛАВА III
# МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ОД ЗАВРШУВАЊЕТО НА БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (1878 – 1893)

Со Берлинскиот конгрес од летото 1878 година бил ставен крај на Големата источна криза и продолжен векот на Османлиската Империја која се наоѓала во незапирлив процес на распаѓање. Доминантно влијание на Конгресот имале Велика Британија и Австро – Унгарија т.е. најрешителните противнички на националното ослободување на балканските народи. Според решенијата на Конгресот, Македонија останувала во составот на Империјата, а за неа бил предвиден членот 23 кој предвидувал воведување на административна автономија. За британската дипломатија од големо значење било и елиминирање на решението за создавање на „Голема Бугарија" која била гледана како руски бастион на Балканот. Поосле Берлискиот конгрес британската политика на Балканот се залагала за одржување на статус квото и оневозможување на руското влијание на овој простор и оневозможување Русија да има пресудна улога во решавањето на Источното прашање.[135]

На принципот на почитување на статус квото на Балканот и спречувањето на руската експанзија се надоврзувало уште едно начело на британската политика, односно, спречување на создавање на широка заедница на балканските народи. Меѓутоа, несогласувањето меѓу балканските народи, а особено меѓу Хелените и

[135] Александар Растовиħ, Op. cit., 51.

Словените, ја тешело дека до тоа тешко ќе дојде. Во принцип британската политика секогаш ги подржувала Хелените, за разлика од словенските балкански народи кои ги сметала за трансмисија на руските цели и политика на Балканот.[136]

После Берлинскиот конгрес, во источниот дел на Македонија со центар во Кресна на 5/17 октомври 1878 година започнало востаничко движење. Британските конзули во Македонија, постојано ја известувале својата влада за текот на востанието и за востаничките акции.

Писмото на Гифорд Палгрејв, до маркизот од Солзбери, од 7-ми јануари 1879 година содржело податоци за состојбата во Македонијапреку изјавата на францускиот инжинер Бароа.[137] Францускиот инжинер кој претходно бил артилериски офицер во француската армија, а сега вработен на изградбата на линијата Скопје – Митровица во близина на станицата Скопје, пристигнал во Софија како бегалец бегајќи од банда Албанци кои сакале да го убијат. Бароа престојувал околу 4 години во Централна и Западна Македонија, така да добро ја познавал состојбата во земјата и за тоа напишал концизна изјава која Палгрејв во писмото ја испратил во превод. Првиот прилог насловен како „Македонија каква што е сега" се однесувал на причините за големата криза во Македонија. Според Бароа една од причините биле бегалците - муслимани во Македонијакои биле групирани околу големите градови кои биле во голема беда и затоа го ограбувале месното население. Голема мака месното население во Западна Македонија имало од Арнаутите, а на југ од клефтите (бандити) од Грција кои своите походи ги проширувале дури до Битола. На југоистокот, во тек се уште било Кресненското востание, а централните области биле преплавени од бандите на башибозукот.[138]

Во вториот прилог Бароа дава информации за Албанската лига, односно за нејзините почетоци непосредно по повод свикувањето на Берлинскиот конгрес. Веќе во третиот прилог тој ги дава целите на Лигата.[139]

---

[136] Ibidem, 59.

[137] Британски дипломатически документи..., т. I, 108.

[138] Ibidem, 112.

[139] Ibid., 113.

Во писмото од 9-ти февруари 1879 година британскиот заменик – генерален конзул во Солун, Едвард Бариер, испратено до сер Хенри Остин Леард, пишувал за убиства во Демирхисарско и за разбојништвото во Велешко.[140] Имено, кајмакамот Бекир – бег од Демир Хисар со 200 војници, составени од башибозуци, заптии и Черкези, го опколил селото Рамна, фатил 5 месни жители кои потоа биле ладнокрвно убиени. Еден американски мисионер, пак, му пишал на британскиот заменик – генерален конзул во Солун за разбојништвото во Велес. Тој разбрал дека околу 10 или 15 Османлии облечени како Албанци ја ограбиле црквата Св.спас во близина на Велес и дека вредноста на украдените предмети била околу 1.000 османлиски лири.

За злосторствата извршени од Албанците во Скопско, Едвард Бариер го информирал сер Едвард Малет, ополномоштениот претставник на Велика Британија во Цариград, во писмото од 7-ми април 1878 година.[141] Осум или десет Албанци од Дебар влегле во едно христијанско село близу до Скопје и побарале голема сума пари. Селаните, кои биле вооружени, одбиле да дадат пари и по ова Албанците го напуштиле селото. Но на извесна оддалеченост од селото заради одмазда им ги отсекле главите на тројца мажи кои работеле на нива. Една група офицери од британските бродови со воз дошле во Скопје за да се запознаат со деталите од случајот.

Со цел да се смири состојбата во Македонија, Џон Блант дал препораки до османлиските власти предложувајќи соодветни реформи. Детално за овие препораки, тој на неколку наврати, го известувал Хенри Остин Леард во месец јуни 1879 година. Во првото известување од 9-ти јуни 1879 година Блант соопштувал за неговите препораки за ликвидирање на военото расположение во Македонија и за спроведување на реформи предвидени со Берлискиот договор.[142] Врз основа на податоците кои ги добил од еден британски поданик кој работел во Кавала, а кои се однесувале на состојбата во општествениот живот во санџакот Драма, биле направени вторите предлози на Блант. Неконтролираната корупција во месните

---

[140] Британски документи..., т. IV, 435.

[141] Ibidem, 437 – 438.

[142] Ibid., 136 – 137.

судови, недопуштањето христијаните да бидат во улога на сведоци, безобзирното собирање на десетокот и митото барало добра организирана полициска сила и реорганизација на судскиот апарат.[143] Третата препорака била во врска со окупирањето на Горноџумајско од страна на османлиските властисо цел да се сопрат востаничките дејства во тој реон.

Конзулот, имал во предвид дека повторното воспоставување на османлиската власт во Џумаја ќе наиде на отпор од страна на месното население. Затоа тој и предложил Портата да испрати значителни сили со цел да се поткрепи османлиската администрација и да се избегне судирот со населението. Конзулот предупредувал дека оваа област била една од главните најактивни центри на словенските комитети и на вооружените чети вклучени во востаничкото движење во Македонија, па затоа од јавен интерес на Портата би било нејзино брзо окупирање и ефикасна управа.[144]

Писмото на Џон Блант во Солун, испратено до Хенри Остин Леард, од 6-ти септември 1879 година се однесувало на влошената безбедносна состојба во Македонија.[145]

Конзулот добил некои информации за злосторства извршени во Битола и Скопје, но сакал подетално да се запознае со настаните. За таа цел се обратил до генералниот конзул на Австро – Унгарија во Битола, г- нот Кнапич, кој инаку бил одговорен и за британските односи. Таму, исто така, замолил еден британски господин чија работа често го водела во Скопје да го извести за крајниот резултат. Информациите кои ги добил британскиот конзул говореле за страдањата на жителите од Скопје и Битола од пустошењата на многубројните албански, влашки и бугарски разбојници.

Корупцијата на локалните судови, распаѓањето на јавниот приход, неказнувањето, несоодветните и вознемирувачки демонстрации на сила од страна на Воениот суд, големиот број на воени бегалци распрснати низ целата земја, лошото однесување на башобозукот и кирсердарите вработени во рурарната

143 Id., 139 – 140.

144 I., 143 – 144.

145 ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 23, сн. 78.

полиција и пред сè општата несигурност за животот и имотот биле најголемите зла кои ја притискале земјата и меѓу сите класи предизвикувале чувство на депресија, немир и незадоволство.[146]

Во едни такви услови британскиот конзул дава неколку сугестии кои сметал дека се најсоодветни во тие услови. Како прво, тој сметал дека требало да биде сменет од функцијата тогашниот генерален гувернет во Македонија, Рифат – паша и да биде поставено покомпетентно лице. Второ, да бидат испратени строги наредби до провинциските власти за распуштање на башибозукот и кирсердарите кои служеле во рурарната полиција и да бидат заменети со соодветна жандармерија. Како трета сугестија тој сметал дека крајно време било да се тргне опсадната состојба во Македонија која владеела во последните две години. Четврто, требало да се назначи истражна комисија за јавните сметки на провинцијата која требало да биде составена од лица неповрзани со владата и да вклучува, ако е можно, еден од директорите од Отоманската банка. Петта, и последна сугестија на британскиот конзул била дека требало да се превземат сериозни чекори во однос на обезбедувањето на земјишна репатријација на големиот број муслимански бегалци во Македонија од Румелија, Бугарија и од областите анексирани од Србија.[147]

Британскиот полковник Х.Син во писмото кое на 14-ти февруари 1880 година го испратил до Џон Блант, зборувал за состојбата во Разлог и Џумаја по неговата неодамнешна посета. Сите османлиски села биле разурнати, а животните продукти на населението истрошени во текот на нивното долго отсуство. Чети составени од „комити" скитале низ земјата и затоа многу чести биле убиствта извршени врз муслиманите.[148]

За бројчаната состојба на населението во Македонија во овој период детални информации содржи извештајот кој лорд Фицморис, британски конзул во

[146] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 23, сн. 78.

[147] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 23, сн. 78 – 79.

[148] Британски документи..., т. IV, 453 – 454.

Бујукдере, го испратил до гроф Гренвил, британскиот државен секретар за надворешни работи, на 12-ти јуни 1880 година.[149]

Машкото возрасно население во трите вилаети, Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот изнесувало: Солунскиот – 470.424; Битолскиот – 371.397; Косовскиот – 173.559.

Во вториот прилог од извештајот, британскиот конзул дал табели кои ја содржат бројчаната состојба на машкото население во санџаците во Македонија, но според според верската припадност. Според табелите може да се види дека во сите санџаци било машкото население со муслиманска вероисповест, на второто место машкото население кое ја признавало Грчката Патријаршија, на трето, машкото населние кое ја признавало Бугарската Егзархија и на крај Евреите.

Во јули 1880 година европските конзули добиле од османлиските власти во Солун еден Проглас потпишан од „Привремената влада на Македонија“ (Васил Чомо, Анастас Димитровиќ и Али – ефенди) со печат, чија содржина гласела „Централен комитет на ослободувањето“.[150] Зад идејата за ослободување на Македонија и зачувивање на целата нејзина територијастоеле војводите Леодидас Вулгарис и поп Коста Буфски кои на состанок одржан во април 1880 година дошле до заклучок дека ослободувањето на Македонија може да се оствари единствено преку борба и единство на народот. Тие решиле да се свика собрание на претставници од цела Македонија кои требало да го прифатат овој нивен став како заеднички. Собранието се одржало на 2-ри јуни 1880 година на планината Грамос.[151]

Во врска со Привремената влада во Македонија се однесувало писмото на Џон Блант испратено до Џорџ Гоушен, вопреден и ополномоштен амбасадор на Велика Британија во Константинопол, од 24-ти јули 1880 година.[152] Конзулот добил два документа кои биле записници на Привременото народно собрание на Македонија и писмо од членовите на Привремената влада избрани од тоа

---

[149] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 26, сн. 20 – 26.

[150] Историја на македонскиот народ...., т. III, 73.

[151] Ibidem, 74.

[152] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 26, сн. 83.

Собрание. Лицето кое му ги доставило овие документи изјавило дека слични документи исто така им биле доставени и на конзулите од другите големи сили. Конзулот добил информации дека не само неговите колеги од Австро – Унгарија и Италија, туку и османлиските власти, како и грчкиот Архиепископ заедно со водечките членови од неговата заедница, наполно го игнорирале постоењето на ова политичко движење.

Понатаму во писмото британскиот конзул дава препис од записникот од Собранието во кој биле изнесени причините за тешката положба во Македонија и меѓу другото, Собранието во „името на македонскиот народ" решило да бара од високата Порта да го забрза спроведувањето на член 23; записникот да им се врачи на Големите сили; да се назначи привремена влада на Македонијазасега составена само од три члена со задача да се заложи пред Големите сили за исполнување на решенијата донесени на Берлинскиот конгрес, итн.[153]

Третиот прилог кој го доставил британскиот конзул во писмото било обраќање на Привремената влада на Македонија до генералниот конзул на Велика Британија во Македонија, сметајќи дека барањата на македонскиот народ ќе биле проследени и со негов извештај.

Инаку, британскиот конзул во Солун како и неговиот германски колега сметале дека оваа влада била „панславистичко дело".

Писмото од 21- ви септември 1880 година на Џон Блант испратено до гроф Гренвил било во врска со злосторствата извршени во Битолскиот вилает.[154]

Во областите кои биле во близина на Бугарија, а и во внатрешноста на Македонија имало тајни агенти и емисари кои работеле на тоа да го разгорат востаничкиот дух кај населението против османлиската влада. Овие емисари во Велес и Прилеп организирале одреди со „одмазници" кои секојдневно вршеле убиствени акции врз муслиманите. Нивни најчести жртви биле беговите и земјопоседниците. Голем број на убиства биле извршени во велешкиот крај, а бројот на жртвите изнесувал околу шеесетина христијани и 20 муслимани.[155]

---

[153] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 26, сн. 83 – 86.

[154] Британски документи..., т. IV, 474.

[155] Ibidem, 475.

Британскиот конзул успеал да разговара со генералниот гувернер за оваа жалосна состојба притоа убедувајќи го да обрати поголемо внимание на овој проблем.

Во близина на Битола, во селото Маловишта, познатиот разбојник Катарахија со банда составена од 40 Грци и Власи - каракачани на 27-ми август 1880 година влегол во селото и откако заклал две жени, грабнал деветмина поугледни жители од селото и ги однел во планина.[156]

Детални информации за злосторствата извршени во Битолскиот вилает содржело писмото на Џорџ Гоушен од 21-ви септември 1880 година до грофот Гренвил, а кои биле добиени врз основа на петицијата која до него ја доставил еден студент од Робертс колеџот.[157]

По Берлинскиот конгрес голем број разбојнички банди се раздвижиле во кичевската област пустошејќи ја земјата, а нивни водачи биле: Џемо Базлински од Кичево, Селим од Зајас, Бајрам од Бочинци, Васил од Блаца, Бафтир од Бачишта, Суљо Туфекџиов од Дебреште итн. Понатаму во писмото конзулот дава детали од злосторствата кои ги извршиле четите на овие разбојници и тоа во секое село одделно.

На неколку наврати Џон Блант во своите писма до грофот Гренвил пишувал за затворањето на некои жители од Велес и нивното депортирање во Солун за да им суди месниот воен суд. Во едното писмо од 24-ти ноември 1880 година британскиот конзул известувал дека воените власти од Велес уапсиле 23 месни жители од градот и соседството и ги испратиле во Солун да им суди воениот суд.[158]

Тие биле осудени поради помошта која им ја давале на вооружените чети кои дејствувале во тој крај. Осудените луѓе кои повеќето биле селани, требало да бидат испратени во Касандра и ставени под надзор на полицијата. Три лица кои биле осудени поради давањето помош на вооружените чети: Пантос, Теодор и Никола Богас, му испратиле писмо на британскиот конзул во кое протестирале и ја

---

[156] Ibid., 476.

[157] Id., 480 – 486.

[158] Британски дипломатически документи..., т. I, 196.

искажувале невиноста, молејќи го притоа да го употреби неговото влијание и да побара да бидат ослободени.

Конзулот дознал дека исказите биле во полза на осудените и затоа искористил погоден момент за неофицијално да разговара за овој настан со Акиф – паша, воениот командант и член на Воениот суд во Солун. Во писмото од 3-ти декември 1880 година британскиот конзул дава податоци за петициите на осудените лица од Велешко кои тие ги доставиле до генералниот гувернер.[159]документите биле донесени во британскиот конзулат од двајца мажи придружувани од голема група жени и деца од Велешко, кои барале од британскиот конзул да ја искористи својата позиција и да ги убеди властите да им дозволат да се вратат во своите домови. Резултатот од распрашувањето кое го спровел британскиот конзул не бил многу поволен затоа што властите не биле расположени да му дадат информации за овој настан и изјавиле дека воените власти во Велес, со цел да се справат со безвластието кое владеело во овој регион сметале дека е потребно да ги отстранат од Велес само фамилиите на оние лица кои биле осомничени за нарушување на општиот мир во земјата.

За постапките кои ги превземал британскиот конзул во заштитата на депортираното население од Велешко, тој зборува во писмото од 17-ти декември 1880 година.[160] Имено, за судбината на депортираните тој зборувал со Атиф – паша – воениот командант на Солун и со Таксин – паша – солунскиот валија, притоа молејќи ги внимателно да го разгледаат нивниот случај. Двајцата паши го увериле дека ќе направат дополнителни разгледувања и ветиле дека ќе ги вратат дома депортираните лица.

На 18 – ти декември 1880 година, Џон Блант во писмото до гроф Гренвил,пишувал за разбојништвата во Македонија.[161]Тој дава извадок од едно писмо кое го добил од неговиот дописник во Серес во врска со порастот на разбојништвата и за воените подготовки кои се вршеле во тој санџак. Конзулот притоа информирал дека јавната безбедност во Драмскиот санџак била подобрена и

[159] Ibidem, 198.

[160] Ibid., 200 – 202.

[161] Британски документи..., т. IV, 498 – 499.

дека во Солунскиот санџак во последните четири недели биле извршени само неколку случаи на разбојништво и безвластие. Меѓутоа не било забележано подобрување на состојбата во Битолскиот вилает, а во Косовскиот вилает, особено во скопскиот, малешевскиот и кочанскиот регион и во близината на бугарската граница се случиле сериозни немири и престапи. Притоа се ширеле вести дека разбојничките дела во пограничните области биле поддржувани и охрабрувани од пансловенскиот комитет во Ќустендил.

Британскиот генерален конзул во Солун во месец јануари 1881 година на два пати разговарал со Осман – паша, сменетиот генерален гувернер на Косово, во врска со Албанската лига. За текот на разговорите британскиот конзул го известил грофот Гренвил со писмото од 28-ми јануари 1881 година.[162] Од разговорот британскиот конзул дошол до сознание дека иако Осман – паша сакал да го минимизира значењето на влијанието на Лигата во Скопје, Приштина и Призрен, сепак, целта на Лигата била воспоставување некаков вид автономија под закрила на султанот.

Британскиот генерален конзул во Софија, г-нот Ласел, пак, известувал за миграцијата од Македонија во Бугарија со писмото од 12-ти февруари 1881 година испратено до гроф Гренвил.[163] Имено, во писмото, тој приложил препис од еден циркулар упатен до претставниците на Големите сили во Софија од страна на никола Стојчев, бугарскиот министер за надворешни работи, во врска со емиграцијата на жителите од Македонија во Бугарија и проблемите кои таа емиграција ѝ ги предизвикала на бугарската влада. Од циркуларот кој Стојчев го испратил може да се види дека причината за таа емиграција бил лошиот третман и прогонот на кој биле подложени Македонците од страна на османлиската влада. Понатаму, Стојчев обрнувал внимание на напорите кои ги направила бугарската влада за намалување на тензиите меѓу христијанското и муслиманското население во Македонија. Бугарската влада сметала дека нејзина должност била да им обрати

[162] Ibidem, 503.

[163] Ibid., 504.

внимание на Големите сили за опасностите кои можеле да произлезат од лошата состојба во Македонија.

Западниот дел на Македонија во овој период бил постојано изложуван на грабежите на разбојничките албански банди. На овие банди, чиј број секојдневно се зголемувал, им се приклучиле и емигрираните за време на војната Османлии кои подоцна се вратиле и се вклучиле во редовите на разбојниците. Османлиските локални власти не превземале никакви мерки против овие разбојници, а и повеќето од високите функционери имале роднини и пријатели меѓу поттикнувачите на нередите на кои им ја гарантирале безбедноста.[164]

Во периодот од 22-ри февруари до 9-ти март 1881 година британскиот заменик државен секретар за надворешни работи Гледстон, преземал патување низ Македонија во мисионерска обиколка стигнувајќи до Неврокоп.[165] За впечатоците од ова патување тој му пишувал на грофот Даферин, амбасадорот на Велика Британија во Цариград, на 1-ви мај 1881 година. Неговите впечатоци биле дека угнетување и безвластие владеело низ целата земја. Низ планините на гранизата со Бугарија имало бројни бугарски разбојници кои ја поминувале зимата во Дупница и во други градови во близина на границата, а потоа пак се враќале на планините. Тие ги ограбувале сите што ги сретнувале по патот, а ретко вршеле убиства. Османлиската власт овие планински банди ги нарекувала „комитити" и преземала жестоки, но недоволно ефикасни мерки против нив. Повеќето од луѓето во овие банди биле бегалци од Македонија, а имало и од редот на граѓаните на градовите.

Анархијата била тешка како за Османлиите, така и за населението во Македонија.

Ветените реформи останале само мртва буква на хартија, а населението во Македонија сметало дека Велика Британија и другите големи сили биле измамени од Османлиската Империја. Понатаму во писмото Гледстон пишувал за пропагандната политика што ја вршела Патријаршијата во Македонија.

---

[164] Id., 508 – 509.

[165] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 28, сн. 12 – 16.

Писмото од 4-ти мај 1881 година на Џорџ Гоушен до Џон Блантсодржело извештај за постоењето на заговор за кревање востание во Македонија.[166] Податоците за заговорот ги добил британскиот конзул во Едрене, Калверт, откако двајца странци дошле во неговиот конзулат и барале тој да им помогне да заминат за Константинопол. Особено значајна била изјавата на едниот од нив, поточно на баронот Гундлах кој редовно бил вработен во Македонскиот комитет во Пловдив како агент за ширење на нивните идеи во Источна Румелија и запишувал доброволци за „скорешното востание во Македонија“. Баронот Гундлах дал податоци за средбата во малото гратче Острово покрај истоименото езеро каде една видна личност во Македнија и извесен број водачи на четите основале тело што го нарекле „Привремена влада на Македонија“. Намерите на оваа влада биле не само да ја ослободи Македонија од османлиско ропство туку и да спречат провинцијата да потпадне под австро – унгарска доминација. Нејзината цел не била соединување со Бугарија, туку формирање на одвоено кнежевство кое требало да биде член на балканската конфедерација. Нејзина девиза била „Македонија на Македонците“, а во својот состав вклучувала припадници од различни раси и вери: Грци, Турци, Бугари и Албанци.[167] Понатаму во изјавата баронот Гундлах дава податоци за членовите на Привремената влада и за нивните активности во подготовките на скорешното востание во Македонија, а чиј центар бил избран градот Пловдив.

Во врска со обидите за востаничко раздвижување во Македонија пишувал Џон Блант во писмото од 28-ми јуни 1881 година испратено до гроф Гренвил.[168] Притоа конзулот информирал дека обиди за кревање на востание имало и во областите под негова конзуларна јурисдикција. Од различни извори тој имал информација дека пан – словенските или пан – бугарските комитети кои биле формирани во Бугарија и Источна Румелија по руско – османлиската војна од 1877 – 1878 година правеле напори да ја држат Македонија постојано во немирна состојба и вршеле агитација со помош на многубројни вооружени чети уфрлувани преку граница од кај Ќустендил и Дупница. Во писмото британскиот конзул

[166] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 28, сн. 17.

[167] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 28, сн. 20.

[168] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 28, сн. 23.

доставил препис од едно писмо кое неодамна му го испратил неговиот дописник од Битола во врска со откривањето на револуционерно движење во таа област.

Во писмото се зборувало за некој „капетан Илија“ кој свикал извесен број луѓе во своето родно село Мало Илино и почнал да крои заговорнички план за започнување на востание.[169] Потоа се упатил во Охрид за да ја прошири мрежата на заговорници, а како соучесник го продобиле и рускиот конзул во Битола. Еден од заговорниците бил и Златан, брат на поранешниот митрополит од Охрид, Натанаил, кој набргу бил уапсен од османлиските власти, а истата судбина ги снашла и другите заговорници.

На 8-ми ноември 1883 година вонредниот и ополномоштен претставник на Велика Британија во Атина, Франсис Клер Форд, испратил писмо до грофот Гренвил во кое зборувал за аспирациите на Австро – Унгарија кон Македонија.[170] За ова пишувал грчкиот весник „Нова“, специјален орган на премиерот Трикупис. Австро – унгарскиот вршител на должност во Атина го негирал грчкото мислење дека Австро – Унгарија имала аспирација за проширување во Македонија сé до Солун.

Британските конзули во Македонија честопати интервенирале во полза на месното христијанско население. Таков бил и случајот со Џон Блант кога тој интервенирал по повод грабнувањето на една христијанска девојка од Османлиите. За овој настан тој го известил грофот Даферин, британскиот државен секретар за надворешни работи во Лондон со писмото од 5-ти август 1884 година.[171] Британскиот конзул добил три писма од неговиот кореcподент во Воден кои се однесувале на грабнувањето на христијанската девојка од селото Луковица од страна на некои Османлии од соседното село Драгоманци. По ова, британскиот конзул веднаш се обратил до генералниот гувернер Галиб – паша, од кого добил ветување дека ќе бидат преземени соодветни мерки. Набрзо девојката била пронајдена во струмичката област и донесена во Солун каде извесно време била под заштита на Галиб – паша, а потоа се вратила кај родителите.

---

[169] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 28, сн. 25.

[170] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. 30, сн. 36.

[171] Британските конзули..., 217.

За османлиските злосторства во Македонија и за улогата на Европа и Велика Британија значајни податоци содржело писмото со прилог од Вајндхам, британскиот амбасадор во Цариград испратено на 18-ти ноември 1884 година до грофот Гренвил.[172] Прилогот бил писмо публикувано во весникот „Pall Mall Gazette" од Емил де Лавали под наслов „Османлиските злосторства во Македонија". Притоа тој зборува за злосторствата извршени врз населението во Македонија и дека во месец јули 1884 година биле извршени 52 убиства од страна на Османлиите во велешкиот крај и во Битола.[173] Откако дава детали за убиствата на крајот од писмото г-нот Емил де Лавали заклучува дека овие злосторства биле неминовна последица од ситуацијата создадена од интервенцијата на Европа. Имено, дека откако Европа ветила подобра влада и автономија заснована на принципот на повеќенационална земја за Македонија, тогаш целта на муслиманите се претворила во уништување на што е можно повеќе христијани со цел да се продолжи нивното господарење. Г-нот Лавали смета дека Велика Британија е одговорна за големото зло кое се надвоснало над Македонија затоа што се спротиставувала на целосната слобода која и била гарантирана на Македонија.

Така должност на Велика Британија би била што побрзо да се заложи кај Портата да почне да се придржува кон исполнување на членот 23 од Берлинскиот договор.

Мошне детален бил извештајот на мајорот Тротер, британскиот воен аташе во солун, испратен до Хју Виндем, вршител на должноста во амбасадата на Велика Британија во Цариград, од 2-ри февруари 1885 година за неговата посета на Македонија.[174] Неговото патување почнало во Солун каде од тамошниот британски конзул Џон Блант добил информации за злосторствата извршени во Македонија. Со цел да ја провери веродостојноста на добиените информации мајорот Тротер се упатил во Катерини, а оттаму за Битола каде биле извршени околу 60 убиства во месец јули. Од Битола се упатил за Прилеп во посета на областите каде што биле извршени најжестоките злосторства. Следна дестинација бил градот Велес каде

[172] Ibidem, 218.

[173] Ibid., 219.

[174] Британски документи..., т. IV, 617 – 659.

што исто така имало извршени злосторства.[175] Главната задача на мисијата на мајорот Тротер била запознавање со состојбата на земјата како и сигурноста на животот и имотот.

Во писмото од 10-ти февруари 1885 година британскиот генерален конзул во Софија, Франк Ласел, испратено до грофот Гренвил, пишувал за ставот на Бугарија кон Македонија.[176] Британскиот конзул доставил писмо до бугарскиот министер за надворешни работи Илија Цанков, во кое го информирал дека британската влада сметала дека бугарската влада требало да спречи било каква активност, особено, во поглед на Македонија, што би довело до нарушување на односите со Османлиската Империја. Одговорот на Цанков до британскиот конзул бил со негирачка содржина за активности на бугарската влада со која би се нарушиле односите со Османлиската Империја.

За односите меѓу Грција и Австро – Унгарија во врска со Македонија, пишувал А.Николсон, ополномоштен претставник на Велика Британија во Атина, до грофот Гренвил, во писмото од 2-ри март 1885 година.[177] Имено, грчката влада сметала дека најдобро за австро – унгарската политика би било да одржува добри односи со Грција за да во иднина ги обезбеди своите трговски интереси во Егејот, оставајќи им го Солун на Грците и политичката доминација во Македонија.[178] Значи грчката влада имала за цел да ја поттикне Австро – Унгарија да им даде поддршка на грчките аспирации во Македонија, а за возврат да добие предности во трговијата.

За состојбата во Битолскиот вилает, пишувал во писмото од 16-ти мај 1885 година Џон Блант, до грофот Гренвил.[179] Првиот прилог од писмото бил преведен извадек објавен во локален грчки весник за појава на две вооружени чети во околината на костур и Преспанското Езеро во Битолскиот вилает. Вториот прилог

---

[175] Ibidem, 618.

[176] Ibid., 662.

[177] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 30, сн. 112.

[178] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 30, сн. 113.

[179] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 30, сн. 114.

бил извадеок од едно писмо од Битола датирано од 1-ви мај 1885 година.[180] Од тоа писмо се дознава дека насекаде биле формирани тајни комитети под покровителство на рускиот конзул и дека градот Прилеп бил главен штаб на ова движење.

За разбојништво во Битолскиот вилает, Џон Блант пишувал на 4-ти септември 1885 година во писмото испратено до маркизот Солзбери.[181] Тројца грчки трговци од Корча биле нападнати од една разбојничка банда во преминот Писодери. Едниот од нив успеал да им избега на разбојниците, да дојде во Корча и за тоа да ги извести османлиските власти. Разбојништва биле извршени и во леринскиот крај и во Дебар, и освен патот Битола – Градско сите други патишта биле несигурни.

Писмото на хорес Рамболд, британскиот аташе во Атина, испратено на 29-ти септември 1885 година до маркизот од Солзбери, ги разоткрива грчките интереси кон Македонија.[182] Британскиот аташе водел разговор со Теодор Дилијанис, грчкиот премиер (март 1885 – април 1886), а со кој сакал да го убеди Грција да не презема никакви акции против Османлиската Империја поттикнати од обединувањето на Румелија со Бугарија (кое било извршено на 6-ти септември 1885). Во однос на Македонија, британскиот аташе истакнал дека Османлиската Империја била во состојба да ги брани своите суверени права во оваа провинција и дека Грција не би требало да интервенира во Македонија. Делијанис ветил дека Грција нема да го прекрши мирот со Империјата, но само доколку не дојде до признавање на обединувањето или до измена на состојбата во поглед на Македонија.

На 17-ти мај 1886 година британскиот амбасадор во Цариград, Едвард Торнтон испратил писмо до грофот Розбери, британски секретар за надворешни работи, во кое кажува за подготовките за дигање на востание во Македонија.[183] Информациите ги добил од Рашид – бег еден од султановите приватни секретари

[180] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 30, сн. 116.

[181] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 30, сн. 121.

[182] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 30, сн. 123.

[183] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 729.

кој го посетил во амбасадата. Во Македонија било погдотвувано востание кое требало`да започне на 30-ти мај (18-ти мај, ст.стил).

Џон Блант, пак, известувал за немирите кои ги предизвикувале во Македонија тајните словенски комитети формирани во Србија и Бугарија, во писмото од 29-ти мај 1886 година испратено до грофот Розбери.[184]

Информациите за подготовките на словенските тајни комитети да предизвикаат немири во Македонија, на британскиот конзул му ги потврдил неговиот австро – унгарски колега Висковиќ, кој спровел истрага по ова прашање. По истрагата што ја спровел британскиот генерален конзул во солун, тој дошол до информација дека четите кои дејствувале минатата година во Македонија на чело со некојси Мицко од Охрид, инаку подготвени во Србија, во Ниш, а кои сега биле засолнети во Западна Македонија, во мариовската област се подготвувале за нови немири.

Со писмото од 17-ти јуни 1886 година, Џон Блант го известил грофот Розбери за апсењето на водачот на четата Мицко.[185] Османлиските војски во областа Паланка во Косовскиот вилает го уапсиле водачот на бандата, Мицко, со уште седуммнина негови придружници. Генералниот гувернер на Солун информирал дека бандата на Мицко составена од 11 лица ја преминала српската граница и се обиделе да навлезат во Македонија од кај Паланка, но била следена и опколена од османлиските војски и притоа тројца членови од бандата биле убиени.

Во писмото, пак, од 23-ти јуни 1886 година, Џон Блант му пишувал на гроф розбери за активностите на бандите испратени од Бугарија во Македонија.[186] Бандата испратена во Македонија го убила Симеон – старешина на грчкиот манастир „Св. Ѓорѓи Полошки" во тиквешкиот крај. Во грчките кругови се верувало дека и припаѓала на телото наречено „Одмаздничка легија" организирана од Панисловенскиот комитет со задача да врши одмазда врз патријаршиското свештенство во Македонија. Друга една банда составена од десет лица под водство на Стојчо, неодамна навлегла во Македонија од Бугарија кај Џумаја, но била

184 ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 155, сн. 103 – 104.

185 ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 159, сн. 257 – 259.

186 ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 155, сн. 105 – 106.

одбиена од османлиските претстражи кои успеале да го фатат водачот . Османлиската полиција гонела и разбила и една од грчките чети која неодамна се појавила во областа Караферија во југозападниот дел на Македонија.

Есента 1886 година Џон Блант преземал патување низ Велес, Скопје и Куманово со цел да ја извиди општата состојба во Македонија и Северна Албанија. За впечатоците од ова патување на 27-ми октомври 1886 година тој му испратил писмо на грофот Иделек, британскиот државен секретар за надворешни работи.[187] Притоа тој дошол до информации дека Македонскиот востанички комитет имал свој Главен штаб во Ќустендил со свои претставници во Дупница и други места во близина на границата на бугарија со Македонија. Тој бил добро снабден со финансиски средства и оружје од страна на пансловенските комитети во Србија и Бугаријасо што организирал банди составени од одбегнати криминалци и ги испраќал во Македонија. Неколку разбојништва биле извршени во Велес и во Штип каде се претпоставува дека било дело на банда составена од Албанци од Дебар. Во Скопје, британскиот генерален конзул дознал дека некој си војвода Јован, наречен Бабајан и Јусуф – ага или ефенди, биле двајцата активни од овој Македонски востанички комитет. Македонија исто така била преплавена од голем број тајни емисари кои пристигнале од Бугарија преоблечени како свештеници, учители и торбари со цел да ја подготват политичката свест кај луѓето и да поттикнат раздвиженост против османлиската власт. За време на патувањето британскиот генерален конзул се сретнал и разговарал со некои познати лица од Битола, Прилеп, Штип и Струмица кои му дале информации во врска со состојбата во овие области. Битолскиот регион и понатаму страдал од разбојништвата и тоа особено планинскитс села. На југо – исток од Битола разбојниците повеќето по потекло биле Грци, Власи и тоски Албанци, а на северо – запад и северо – исток повеќето биле Геги Албанци од Дебар и месни жители од Прилеп. За другите региони како источно од реката Вардар и регионот меѓу Штип и Струмица владеел необичен мир.

---

[187] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 746 – 748.

На крајот од писмото британскиот конзул заклучува дека најверојатно во Македонија сред христијанското население не постоело организирано бунтовно расположение против османлиската власт. Повеќето од поплаките на месното население се однесувале на разбојништвата помогнати од надворешни агенства и од неефикасната и корумпирана полиција.

Дипломатскиот претставник на Велика Британија во Белград, Хју Виндем, во писмото од 17-ти октомври 1886 година испратено до грофот Идеслеи пишувал за формирањето на Балканската конфедерација.[188] Во разговорот кој тој го водел со српскиот крал Милан, а во врска со Балканската конфедерација, британскиот дипломатски претставник истакнал дека неговото лично мислење било дека таква конфедерација на чело со султанот нема никогаш да се реализира за време на владеењето на плашливиот султан Абдул Хамид.

Неговото писмо од 4-ти декември 1886 година исто така испратено до грофот Идеслеи се однесувало на ставот на Грција и Србија кон формирањето на Балканската конфедерација.[189] Хју Виндем, британскиот дипломатски претставник во Белград притоа разговарал со г- нот Франасковиќ, а во врска со специјалната

---

[188] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 502 – 503. Решавањето на македонското прашање преку создавање на балканска конфедерација било дамнешна идеја која особено се актуелизирала во 60-те и 70-те год. на XIX век кога биле предложени повеќе планови и проекти. Меѓу бројните обиди спаѓал и потфатот на францускиот социјалист Панагиотис (Пол) Аргијадес (1849 – 1901) инаку роден во Македонија , но образование стекнал во Франција. Своите ставови за балканската конфесерација и за решавањето преку неа на македонското прашање, Аргијадес најпрво ги изнел во „Лигата за балканска конфедерација“, а потоа преку организирање на специјална конференција за балканската конфедерација, потоа преку агитација во печатот и списанијата, преку низа трудови и тоа особено трудот „Македонија“ објавенво 1896 г. Со цел да се сплотат сите дејности во полза на балканската конфедерацијаво 1894 г. била основана – „Лигата за балканска конфедерација“ на чело со П.Аргијадес. Лигата имала свој статут од кој се познати само два члена. Во членот 2 од Статутот се велело дека „целта на Лигата е да го следи реализирањето на една конфедерација за сите народи на Источна Европа и на Мала Азија“. Во членот 3 биле набројани државите кои требало да влезат во конфедерацијата, меѓу кои Македонија и албанија требало да формираат една слободна и федеративна држава. (Христо Андонов Полјански, Македонското прашање, П.Аргијадес за Балканската конфедерација и решавањето на македонското прашање, Скопје 1990, 97 – 114)

[189] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 510 – 513.

мисија на полковникот Топаловиќ во Атина кој требало таму да ја истакне идејата за Балканска конфедерација. Г-нот Франасковиќ, пак, во врска со ова прашање истакналдека доколку Османлиската Империја сакала да се осигура овој сојуз требало да и направи некои територијални отстапки на Грција во Епир и Македонија, а и на Србија во Македонија како компензација за формирањето на Голема Бугарија со припојувањето на Источна Румелија со Кнежевството Бугарија. Британскиот дипломатски претставник го известил дека негова претпоставка е дека Србија ја сакала областа Стара Србија и територијата околу реката Струма со што би излегла на Егејското Море.

Во врска со Балканската конфедерација, британскиот дипломатски претставник во Белград, Хју Виндем разговарал и со српскиот крал Милан кој го известил дека прашањето за формирање на Конфедерацијата сега не било на дневен ред, но дека се одвиваат комуникации меѓу владите на Србија, Грција и Бугарија за евентуалната поделба меѓу нив на некои територии кои се наоѓале на Балканскиот Полуостров, а кои биле под управа на султанот, но дека прашањето за Македонија немало да биде лесно за решавање.

За ставот на Велика Британија кон Балканската конфедерација лордот солзбери, испратил две писма до Вилијам Вајт, британскиот амбасадор во Цариград. Во првото писмо од 12-ти јануари 1887 година тој пишувал дека имал средба со османлискиот амбасадор во Лондон, Рустем – паша, кој го известил дека има информација дека британската влада активно го помагала планот за конфедерација на Балканскиот Полуостров, а кој бил против Османлиската Империја.[190] Во својот одговор британскиот државен секретар го известил Рустем – паша дека немало вистина во тие гласини кои биле резултат од разни интриги со цел да ги скараат двете земји. Во второто писмо од 17-ти јануари 1887 година лордот Солзбери категорично тврди дека британската влада не го подржува планот за создавање на конфедерација на балканските држави.[191]

---

[190] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 688 – 689.

[191] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 690 – 692.

Писмото на Џон Блант од 11-ти март 1887 година до маркизот од Солзбери се однесувало на политичката состојба во Македонија.[192] Тој известува дека османлиските власти успеале да запленат извесен број компромитирачки писма од Бугарија до извесни личности во Македонија меѓу кои Хаџи Јован од Велес и Ставро од Струмица. Во писмата овие луѓе биле убедувани да дигнат востание во Македонија заради нејзино обединување со Бугарија и дека востанието ќе биде масовно поддржано со доброволци од Бугарија. Британскиот конзул понатаму вели дека успеал да дознае дека неговиот руски колега г-нот Јастребов од Пансловенскиот комитет во Москва примил сума од 2.500 османлиски лири кои требало тој и руските вицеконзули во Призрен и Битола да ги искористат за ширење на бугарската агитација во тие области.

Во писмото, пак, до Вилијам Вајт кое на 16-ти март 1887 година му го испратил Џон Блант, била опишана состојбата во Битолскиот вилает.[193] Информациите говореле дека населението во Битолскиот вилает не било подготвено да се ангажира во какво и да било револуционерно движење. Селаните биле постојано изложени на угнетување преку собирање пари со употреба на сила, тепање и слично. Во областите меѓу Лерин и Битола селаните особено страдале од „качаците“ (одметници) и „пољаците“ (селските чувари) кои имале силна поддршка од грчкиот владика затоа што му помагале при собирањето на даноците.

Британскиот конзул добил информација дека се очекувале немири во Македонија напролет, но тој не верувал во тие информации затоа што не можел да открие никаков знак за такво движење. За таа цел тој бил и во Струмица и Радовиш но ништо не забележал.

За политичката состојба на Балканот на 18-ти февруари 1888 година пишувал британскиот вршител на должност во Атина, Х.Д.Хегарт, до маркизот од Солзбери.[194] Од разговорот со грчкиот претседател на владата Трикупис, британскиот вршител на должноста дошол до сознание за можноста од заеднички договор меѓу Русија и Грција, а каљко резултат на што би дошло до присвојување

[192] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 762.

[193] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 160, сн. 763 – 764.

[194] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 161, сн. 162 – 165.

на Македонија од страна на Грција. Тоа би било лесно остварливо според Трикупис, доколку Русија би ја окупирала Бугарија. Британскиот вршител на должност го предупредувал г-нот Трикупис дека доколку Грција би ризикувала со Русија поразот ќе било нешто што најмалку ќе го очекувала и дека Грција требало да продолжи да го следи патот на поголемо зацврстување на своите финансии, да стане побогата и да се стекне со важност поради своето богатство.

Разбојништвата во Битолскиот вилает во меѓувреме продолжувале но постепено состојбата почнала да се подобрува. Тоа може да се види од писмото на Џон Блант испратено до маркизот од Солзбери на 1-ви јуни 1888 година.[195] Мерките кои ги преземал битолскиот валија Рифат – паша против разбојништвото вродиле со плод и дошло до подобрување на состојбата. За успехот на Рифат – паша голем придонес дала лојалноста и активната поддршка дадена од христијанските селани. Пашата им разделил оружје на селаните и ги организирал во селска полиција т.н. фахрии (фарии) заради своја заштита. Селаните примале наредби од комисија составена од еден претседател (reis) и неколку лица од секое село кои чувале стража на задоволителен начин. Вооружените селани ги фаќале разбојниците и гиноселе во Битола или друг најблизок град каде тие биле строго казнувани.

Фаријската институција претставувала прва легална османлиска институција од таков вид која и дала оружје во рака на христијанската раја заради самоодбрана од сите видови насилници, вклучувајќи ги и муслиманите. Иако краткорочна, оваа институција ја зацврстила самодовербата на масите во сопствените сили и помогнала за уривање на митот за османлиската неприкосновеност и со самото тоа придонсла за подигаіье па нивниот револуционерен дух.[196]

Во овој период особено се активирало македонското прашање од страна на бугарската влада. За ова говори Вилијам Вајт во писмото од 27-ми септември 1888 година испратено до маркизот од Солзбери.[197] Притоа г-нот Вајт постојано ги

---

[195] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, сн. 208 – 209.

[196] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893 – 1903), Скопје 1982, 113 – 114.

[197] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 159, сн. 805 – 808.

убедувал влијателните луѓе во Софија за опасноста што и претстоела на Бугарија доколку се замешала во движењето во Македонија дека и најмалата искра во Македонија можела да го оживее Источното прашање и тоа во најопасна форма.

Писмото на Џон Блант, испратено на 29-ти април 1889 година до маркизот од Солзбери се однесувало на разбојништвата во трите вилаети во Македонија.[198] Притоа тој забележал смирување на состојбата во Солунскиот вилает и дека повеќето од разбојниците кои оперирале на тој терен пребегнале во Грција. Вицеконзулите во Кавала, Драма и Битола го известувале дека владее мир во областите под нивна конзуларна јурисдикција. Откако Рифат – паша ја преземал должноста во администрацијата во Битолскиот вилает околу 375 разбојници биле фатени или убиени. Дописникот од Скопје го известувал британскиот конзул за состојбата во косовскиот вилает каде освен некои недамнешни незначајни грабежи на стока и крвни одмазди на Албанците, провинцијата главно била исчистена од разбојништво.

Писмото на Едмунд Монсон, британскиот дипломатски претставник во Атина, од 19-ти јули 1889 година испратено до маркизот од Солзбери, се однесувало на наводната изјава на грчкиот премиер Трикупис во весникот „Manchester Guardian“.[199]

Од разговорот кој го водел британскиот дипломатски претставник со г-нот Трикупис, дознал дека грчкиот премиер не водел никакво интервју со дописник од споменатиот весник. Како поткрепа на неговото негирање тој истакнал дека многуте гледишта објавени во весникот се спротивни на неговите познати ставови. Во врска со неговиот став кон македонското прашање тој истакнал дека Северна Македонија била целосно населена со Словсни, а Јужна била целосно елинска и дека во случај на поделба овие делови така требало и да останат, а централната зона да ја земе тој што прв ќе ја освои.

---

[198] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 161, сн. 202 – 209.

[199] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 162, сн. 528 – 530.

На 23-ти февруари 1890 година Џон Блант испратил писмо до маркизот од Солзбери во кое му соопштувал за злосторствата извршени во селото Брусник, Битолско.[200]

Во прилогот тој го доставил извештајот на Хемонд Шипли, британскиот вицеконзул во Битола кој зборувал за настаните во селото Брусник. Станувало збор за убиство на две или три лица на свадба во куќата на Трајче, жител на селото Брусник. Според сведоштвото на селаните напаѓачите биле Османлии од селата Диховои Нижополе, двете соседни села.[201] Британскиот вицеконзул интервенирал кај генералниот гувернер на вилаетот, Фаик – паша да се фатат криминалците, но практично ништо не било сторено.

И писмото од 28-ми мај 1890 година кое Џон Блант го испратил до маркизот од Солзбери, зборувало за обновувањето на разбојништвата во Битолскиот вилает.[202] Повторно во прилог бил доставен извештајот на британскиот вицеконзул во Битола. Според него во овој период биле особено чести друмските разбојништва на патот Битола – Солун и притоа разбојниците уживале голем имунитет. Сведоштвото на христијаните селани воопшто не било земано во преглед од страна на османлиските власти, така да криминалците остранувале неказнети за своите дела. Се уште постоела институцијата „фарии“, но без поголеми ингеренции таа наскоро ќе станела скоро бескорисна во процесот на искоренување на разбојништвото.

Британскиот дипломатски претставник во Атина, Е.Монсон на 28-ми јуни 1890 година испратил писмо до маркизот од Солзбери во кое пишувал за грчко – бугарските политички односи и нивните претензии во Македонија.[203] Од разговорот со Трикупис тој заклучил дека грчката влада не сакала македонското прашање да биде ставена во тој момент, но доколку тоа го сторела Бугарија тогаш било невозможно Грција да остане мирна.

---

[200] Британските конзули..., 237.

[201] Ibidem, 238.

[202] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, сн. 327 – 328.

[203] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 162, сн. 183.

За ставот, пак, на српскиот крал кон македонското прашање пишувал Ф.Ст.Џон, британскиот дипломатски претставник во Белград, во писмото кое на 18-ти јули 1890 година го испратил до маркизот Солзбери.[204] Во разговорот кралот Милан му кажал дека Србија и Бугарија долго време се натпреварувале меѓу околу отстапките во врска со училиштата во Македонија и дека по разоужувањето на европскиот дел од Османлиската Империја тогаш народот во Македонија ќе гравитира околу Србија.

За целта на посетата на премиерот Трикупис во Бугарија на 22-ри јуни 1891 година британскиот дипломатски претставник во софија, Н.О.Конор му пишал на маркизот од Солзбери.[205] Од разговорот кој го водел лично британскиот дипломатски претставник со Трикупис целта на неговата посета била не само лично да се запознае со водечките личности во земјата и доколку е можно да се усогласат несогласувањата околу поделбата на Македонија. Трикупис бил за склучување на пријателски сојуз меѓу Грција, Србија и Бугарија кои во погодна прилика би ја нападнале Османлиската Империја и би ја приморале да се повлече од целата територија на Македонија задржувајќи ги од своите европски поседи само Цариград и јужните делови на Тракија.

Трикупис сметал дека само Русија немало да се вмеша во распарчувањето на Империјата.Исто така тој сметал дека на трите државо ќе им била потребна барем морална поддршка од една од големите европски сили и при тоа алудирал на Велика Британија. Во поглед на аспирациите кон Македонија тој сметал дека неспорно Солун би требало да ѝ припадне на Грција, а на Бугарија не доаѓало во предвид да и се додели пристаниште на Егејот.

Со г-нот Трикупис во Софија разговарал Џ.Буркиер британскиот вршител на должноста кој за текот на разговорот испратил писмо до Ф.Ст.Џон, британскиот дипломатски претставник во Белград на 27-ми јуни 1891 година.[206]Буркие се интересирал дали бил постигнат дефинитивен договор меѓу Србија и Грција околу

---

[204] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 162, сн. 196.

[205] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 166, сн. 72 – 80.

[206] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 165, сн. 131 – 139.

нивните претензии во Македонија, но Трикупис негирал дека е постигнат таков договор иако сите пречки биле отстранети.

Трикупис истакнал дека најпрво требало да се утврди дали бугарија би се приклучила на Балканската конфедерација, а потоа да се одржи конференција на државниците од трите земји кои требало на задоволителен начин да го решат прашањето околу Македонија. Трикупис сметал дека Балканската конфедерација ќе биде во состојба да ги протера Османлиите од Македонија и тоа без помош на некоја од Големите сили. Трикупис сметал дека сегашната цел на Русија била да ги наведе малите држави на Балканот една против друга и да го држи македонското прашање отворено како изговор за некоја интервенција во иднина.

За обидите на Трикупис да ја вовлече Бугарија во Балканскиот сојуз против Османлиската Империја, неговиот план во однос на Крит и Македонија и британското одбивање да го поддржи пишувал британскиот дипломатски претставник во Софија, Н.О.Конор во писмото од 25-ти јуни 1891 година испратено до маркизот од Солзбери.[207] Во планот на Трикупис за истерување на Османлиите од Македонија тој сметал на британска поддршка и нејзино не мешање кога грчката флота ќе го спречела поминувањето на османлиските војски во Македонија. Меѓутоа британскиот дипломатски претставник во Софија јасно му ставил на знаење дека во неговите агресивни планови спрема Османлиската Империја тој нема да наиде на британска поддршка.

На 15-ти јануари 1892 година Џон Блант пишувал до маркизот од Солзбери за разбојништвата на Албанците во Битолскиот вилает.[208] Во прилог го доставил извештајот на Хемонд Шипли кој извршил распрашување со цел да ги дознае деталите околу нападите кои ги извршиле албанските планинци од Долни Дебарво некои села во областите Тетово и Кичево. Така, што се однесувало до кичевскиот крај тој дознал дека во селото Књажина бил извршен напад од Албанци од селото Зајас и биле однесени 60 грла стока. За Тетово дошол до информација дека биле ограбени, а потоа убиени три лица на патот меѓу Дебар и Тетово. На крајот од

---

[207] Британски дипломатически документи..., т. I, 317 – 319.

[208] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 165, сн. 285 – 296.

извештајот Шипли спомнува појава на нова политичка партија во Македонија која ги придобила симпатиите кај христијаните во тој дел на Македонија.

Писмото на Џон Блант од 27-ми март 1892 година се однесувало околу затворањето на лица во солун заради политички интриги.[209] Станувало збор за двајца месни жители и тоа книжарот Самарџиев и кројачот Насте Стојанов кои биле уапсени под сомнение дека биле вмешани во политички интриги против султановата власт во Македонија. Тие биле откриени при апсењето на извесен М.Облак австро – словенски образован човек кој дошол во Солун со намера да ги проучува словенските дијалекти и однесувањето и обичаите на македонскиот народ. Меѓутоа начинот на кој тој ги спроведувал филолошките истражувања предизвикал сомнение кај полицијата која почнала да го следи за да на крајот го уапси во селото Ново Село. Притоа меѓу неговите хартии биле најдени неколку писма од споменатите Самарџиев и Стојанов со конспиративна содржина.

За ставот на османлиските власти кон затворањето на Стојанов и Самарџиев на 12-ти мај 1892 година Џон Блант му пишал на Клер Форд, британскиот амбасадор во Цариград.[210] Од писмото се гледа дека двајцата уапсени биле протерани во Кониа без претходно да бидат изведени пред суд. Тоа предизвикало бурни реакции на месното население од Солун против османлиските власти, а особено против главниот управник Зихни – паша.

---

[209] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 165, сн. 319 – 330.

[210] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 165, сн. 330 – 338.

# ГЛАВА IV
# МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 1893 – 1903 ГОДИНА

Создавањето на Македонската револуционерна организација односно историската средба во Солун на 23-ти октомври /4-ти ноември 1896 година на шестмината основоположници поради конспиративноста и секако тајноста на самиот чин не било регистрирано во извештаите на британските конзули во Македонија. Тоа било случај и со другите понатамошни активности на членовите, а и за самите членови на Македонската револуционерна организација, а со цел за нејзино дооформување и консолидирање. Така на пример британските конзули не ја регистрирале ниту втората средба на шестмината од почетокот на јануари 1894 година кога се пристапило кон конкретно оформување на Организацијата. Имено, тогаш Петар Поп Арсов, еден од основоположниците добил две задолженија: 1) да подготви нацрт – Устав на Организацијата и 2)да напише брошура под наслов „Стамболовштината во Македонија“.[211] На една од следните седници на основоположниците бил усвоен Уставот и конституиран првиот Централен комитет на чело со д-р Христо Татарчев како претседател и Даме Груев како секретар и касиер. Првиот член од Уставот јасно ја кажувал главната цел на Организацијата, а таа била: „стекнување на политичка автонимија на Македонија и Одринско“.

---

[211] Димитар Димески, Op. cit., 140.

Организацијата била формирана врз централистички основи односно неа ја сочинувале: Централен комитет, окружни, околиски и селски комитети.[212] Врз основа на Уставот бил изработен и Правилник од 50 члена групирани во 11 глави во кој биле разработени уставните (статутарните) норми на Организацијата.

Извештаите на британските конзули во Македонија за овој период започнувале со писмото на Џон Блант кое на 26-ти април 1894 година тој го испратил до британскиот амбасадор во Цариград , Филип Кари, а кое се однесувало на затворањето на некои лица во Битола.[213]

Станувало збор за апсење на неколку „Бугари" од страна на османлиските власти во Битола, а и во други краеви меѓу кои и Тренчев, колпортерот на Американското библиско друштво. Причина за нивното апсење било сомнението на османлиските власти дека овие лица биле поврзани со некоја тајна организација во Бугарија чија цел била да предизвикува немири во Македонија. Британскиот конзул ги смирувал османлиските службеници со неговите сознанија дека бугарската влада имала намера да ги задржи колку толку добрите односи со Високата Порта и не би ризикувала движење кое ќе предизвикало немири во Македонија. Притоа Блант го убедувал Филип Кари дека цела Македонија, па дури и областите населени со албанци биле помирни отколку во претходните години и дека нема никакви изгледи дека ќе има немири. Што се однесувало, пак, до „Бугарите", а особено нивните водечки личности, тој сметал дека нивното мислење било дека нивните национални аспирации најдобро ќе биле постигнати со задржување на мирната состојба и преку развивање на образованието со што ќе се зголемела интелигенцијата сред широките слоеви.

На 11-ти август 1894 година Криминалниот суд во Прилеп го осудил на една година затвор, српскиот пропагандист Петро Фидан, поради компромитирачките писма кои биле пронајдени кај него. За судењето на Петро Фидан и содржината на компромитирачките писма Џон Блант бил известен од страна на британскиот заменик конзул во Битола, Џејмс Монахан со неговото писмо од 23-ти август 1894

---

[212] Ibidem, 142.

[213] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, сн. 340 – 343.

година.[214] Во дбрана на Петро Фидан се ставил српскиот конзул во Битола кој тврдел дека компромитирачките писма биле напишани на бугарски јазик и оставени по наредба на бугарската група во куќата на Петро Фидан и дека притоа се лажни.

Често пати британските конзули во Македонија или оние од соседните земји патувале низ Македонија со цел на терен да се запознаат со состојбата во земјата. За впечатоците од патувањата тие поднесувале детални извештаи до некој од своите колеги. Такво едно патување превзел Ф.Х.Елиот, британскиот дипломатски претставник во Софија есента 1894 година, а за впечатоците од тоа патување го запознал детално со својот извештај поднесен до Филип Кари.[215] На почетокот на извештајот Елиот пишувал за националниот состав на населението во Македонија и нивната територијална лоцираност. Притоа забележал дека населението кое го населувало Битолскиот и Солунскиот вилает било од словенска националност и дека не зборувало ниту бугарски ниту српски јазик. За Елиот тој јазик бил најсличен до бугарскиот, а и по физиономијата луѓето повеќе му личеле на Бугарите отколку на Србите.

Политиката на Македонија за Елиот била исто толку комплицирана како што бил комплициран односот на нејзините националности, односно пропагандите на соседните држави кои имале два отворени правци и тоа јазичен и црковен. Понатаму во извештајот елиот детално ги опишувал активностите на бугарската, грчката и романската пропаганда во Македонија. Своето патување Елиот го започнал во Скопје каде имал средби со османлиските службеници во овој град и се интересирал за нивната работа. Во градот особено активна била српската пропаганда која добивала голема парична помош од Русија, а дури и рускиот конзул во Скопје бил од српска народност. По Скопје, Елиот го посетил градот Велес на посета кај некој богат Грк, М.Захе, единствен претставник на неговата националност, затоа што остатокот од христијанското население биле „Бугари“.

---

[214] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, сн. 419 – 420, ф.о. 78/4552.

[215] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, сн. 115 – 119, ф.о. 78/4543

Следна дестинација бил градот Битола, потоа Охрид од каде се префрлил во Албанија за да потоа повторно се врати во Македонија и како последна дестинација од неговото патување да го посети градот Солун. Во сите посетени градови тој детално се запознавал со пропагандите кои работеле на теренот и за тоа пишувал во својот извештај. Британските конзули во соседните балкански држави често пати поднесувале извештаи до британската влада во кои пишувале за политиката и ставот на владата во дотичната земја во однос на Македонија и македонското прашање.

Писмо со таква содржина на 2-ри март 1895 година до грофот Кимберли, британскиот државен секретар за надворешни работи, испратил Едмунд Фејн, британскиот дипломатски претставник во Белград.[216] Во писмото Фејн известувал дека во тој момент српската влада не покажувала симпатија кон бугарските политичари кои сакале да почнат со агитација за востание во Македонија. Затоа попрепорачливо за српската влада било да направи заеднички план со Грците против бугарските претензии во Македонија. Српската влада не покажувала некој голем интерес за настаните во Македонија, а и печатот окупиран со домашната политика не обрнувал големо внимание на барањата изнесени од агитаторите во Бугарија за присилна примена на членот 23 од Берлинскиот договор. Но, затоа, пак, тоа не било случај со српскиот весник „Видело“ во кој била објавена статија по повод ова прашање и во која биле разоткриени задните намери на бугарската влада. Така во прилог на писмото, а поради нејзиното значење, Фејн доставил превод на статијата од весникот „Видело“.

Во писмото испратено до Филип Кари на 4-ти април 1895 година Џон Блант го приложил извештајот кој до него го поднел Џејмс Монахан, а кој се однесувал на дејноста на Револуционерниот комитет во Прилеп.[217] Извештајот се однесувал на познатата Дреновска афера од месец март 1895 година кога најстариот комитет на Македонската револуционерна организација во Битолскиот вилает, Прилепскиот ревоволуционерен комитет, прв се соочил со опасноста од провала. Имено, чета

---

[216] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 327, сн. 105 – 109.

[217] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 328, сн. 15 – 18.

составена од шест души, а предводена од стариот прилепски арамиски војвода Димо Дедото, а подготвена и испратена во Прилеп од страна на браќата Иванови во Софија. Нејзината намера била преку убиството на Расим – бег да го подогне борбениот дух на населението и да подготви терен за поширока четничка инфилтрација однадвор, поточно од Бугарија.[218] По главната акција на четата кога во трлото на дреновчанецот Веле Савеиќ го убиле бегликчијата Ахмед, таа го напуштила Прилепско и се повлекла во Бугарија.

По ова започнала истрага и апсења и судски процес во Битола. Во својот извештај Монахан припадниците на четата ги именувал како разбојници или „комити", велејќи притоа дека нивното присуство во Прилеп се поврзувало со неодамнешните митинзи во Софија.

Британскиот дипломатски претставник во Софија, Артур Николсон, во писмото од 16-ти април 1895 година го известувал грофот Кимберли за формирањето на Македонскиот комитет во Бугарија.[219] Притоа тој дошол до информација дека по обединувањето на македонските емигрантски друштва во Бугарија дошло до формирање на едно тело наречено „Македонско друштво". Бил назначен постојан комитет од 20 членови од кои 5 биле од гланите совети, а за претседател бил избран Трајко Китанчев. Во Комитетот членувале образовани следбеници на македонската кауза кои биле жестоки поборници за помирувањето со Русија и отворени противници на тогашната династија во Србија. Главните активности на Комитетот требало да бидат испраќање на телеграми до владите на Големите сили со цел да ги запознаат со тешката состојба во Македонија. Николсон пишувал и за делегацијата на Македонскиот комитет која побарала прием кај

---

[218] Димитар Димески, Op. cit., 184.

[219] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 327, сн. 114. Македонскиот комитет бил формиран на 29-ти декември 2894 година на едно општо собрание на македонската емиграција во Бугарија одржано во македонското читалиште во Софија. Комитетот бил составен од 5 члена: Ѓорѓи Ѓорѓиев, Коста Христов, Трајко Китанчев, Коста Сарафов и Васил Диамандиев. Главна задача била да собира податоци за злоупотребите врз христијанското население во Македонија и Одринско, податоците да ги публикува на француски јазик, да собира парична помош и ако треба да испрати делегација по европските дворови за да моли за правата на христијаните во Македонија.

бугарскиот кнез Фердинанд со цел да му достави молба за правата на поробените народи во Македонија.

Формирањето на Македонскиот комитет всушност било инспирирано од бугарската буржоазија, а тој станал инструмент во нејзините раце. Тоа јасно се покажало преку организирањето на „Мелничката авантура“ во која Македонскиот комитет во Софија влегол со четири поголеми и неколку помали чети со околу 600 луѓе на чело со истакнати македонски војводи и бугарски офицери.

На 6-ти јули 1895 година имало телеграфско известување од Џон Блант во врска со востаничките немири во Мелничко.[220] Во него биле опишани акциите на четвртиот одред предводен од Борис Сарафов во градот Мелник каде притоа биле запалени зградите на поштата, ќуматот и 37 османлиски куќи.

Немири имало и во Егри Паланка (Крива Паланка), а за низ Џон блант го известувал Филип Кари со писмото од 8-ми јули 1895 година.[221] Конзулот дознал дека луѓето затворени во Егри Паланка, за време на испитувањето изјавиле дека припаѓале на револуционерни чети вооружени од Македонскиот комитет во Софија и дека биле испраќани во Македонија со цел да предизвикуваат немири.

На 15-ти и 16-ти јули 1885 година повторно имало телеграфско соопштение на Џон Блант за востаничкото движење во струмичкиот крај.[222] Имено, околу 150 вооружени луѓе неодамна ја поминале границата кај Косово и се упатиле на југ кон Струмица со што предизвикале паника сред муслиманското население од тој крај. И ова бил дел од низата акции за уфрлување на чети од Бугарија во разни правци во Македонија започнати од почетокот на 1895 година. Главна цел на овие уфрлени чети била да се храни „пропагандната кампања за неиздржливоста на положбата во Македонија и да се подготви терен за поширока вооружена провокација во Македонија.[223]

Британскиот дипломатски претставник во Софија на повеќе наврати во своите писма испраќани до маркизот од Солзбери, пишувал за активностите на

---

[220] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 327, ф.о. 195/189.

[221] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 328, сн. 54.

[222] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 327, сн. 117.

[223] Димитар Димески, Op. cit., 184.

Македонскиот комитет во Бугарија и за ставот на бугарската влада кон македонското прашање. Така во писмото од 4-ти септември 1895 година тој пишувал за лошата финансиска состојба во која се наоѓал Македонскиот комитет.[224] Покојниот Китанчев, претседателот на Македонскиот комитет бил наследен од неговиот интимен пријател Иванов кој за да ги среди лошите финансии во Комитетот дал обврзници со вредност од 200.000 франци. Македонците во Софија отворено ја покажувале својата намера за испраќање на вооружени чети во Македонија со цел здобивање на нејзина автономија. Коментарот на Ф.Х.Е. Елиот во врска со ова движење бил дека движењето на македонската емиграција во Бугарија било типично македонско и дека официјална Бугарија имала многу мало учество во него.

За ставот на бугарската влада кон македонското прашање Ф.Х.Е.Елиот пишувал во писмото од 22-ри октомври 1895 година по разговорот кој го водел со бугарскиот министер за надворешни работи, Начович.[225] Во писмото елиот накратко ги изложил главните точки од размислувањата на Начович по повод решавањето на македонското прашање, а кои биле: потребата од мирна состојба заради внатрешниот развој на Бугарија, немањето на желба за територијално проширување и correspondence корист од продолжување на османлиското влијание во Македонија, но со реформирана администрација.

Со цел да го дознае ставот на бугарската влада во рска со македонското прашање, Филип Кари, британскиот амбасадор во Цариград, водел разговори со бугарскиот Егзарх и со бугарскиот дипломатски претставник во Цариград, Димитров.[226] Во текот на разговорите тој се обидувал да ги наговори своите соговорници да не се нарушуваат туку да се подобрат односите со Османлиската Империја и да се спречи оживување на македонското прашање во активна форма.

Филип Кари дошол до информација дека Македонскиот комитет во Бугарија подготвувал посериозен план за акции во Македонија напролет и дека малите и вооружени чети не биле доволни да го поттикнат христијанското население во

[224] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 327, сн. 127 – 130.

[225] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 328, сн. 60 – 64.

[226] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 328, сн. 70 – 76.

Македонија да се дигне против османлиското владеење. Затоа планот бил да се подготват поголеми вооружени групи со по 5 – 6.000 луѓе кои би биле распоредени долж границата кои требало да бидат подготвени да ја преминат од разни места. Оваа агресивна сила потоа требало за започне со судири со османлиската војска и постепено тоа да прерасне во сериозно востание.

Во писмото од 9-ти јануари 1896 година кое Филип Кари го испратил до маркизот од Солзбери тој пишувал за ставот на Русија спрема македонското прашање.[227] За рускиот став тој дознал од разговорот кој го водел со својот австро – унгарски колега, баронот Каличе. Русија во овој период сакала да го држи македонското прашање во мирување и за неа да се подготват соодветни реформи. Во однос на Бугарија, Русија сметала дека таа не требало да се меша во настаните во Македонија и дека таа немало да дозволи Бугарија да има некакво право во решавањето на балканското прашање. Истото важело и за Србија, односно дека и таа немало да биде консултирана во врска со македонското прашање.

Прашањето за воведување реформи во Македонија било особено актуелно во овој период. Имено, по ерменските настани од 1894 – 1896 година и Мелничката авантура во Македонија од 1895 година европската дипломатија сериозно го поставила прашањето за реформи. За да ја надмине сложената состојба и воедно да го елиминира вмешувањето на Големите сили, Портата презела делумни мерки. Имено, во декември 1895 година султанот испратил тројца претставници да го обиколат Солунскиот, Скопскиот и Битолскиот вилает со цел да ги ислушаат поплаките на населението.[228]

Инаку, состојбата во Македонија во овој период била мошне усложнета во услови на еден општ немир кој владеел сред сите слоеви на населението. Локалната османлиска власт била корумпирана, администрацијата неефикасна, а на населението му биле наметнувани тешки даноци.

Подеднакво и христијанското и муслиманското население во Македонија се жалело на неправилностите на граѓанската и судската администрација. Луѓето

---

[227] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 327, сн. 147 – 150.

[228] Ванчо Ѓоѓиев, Op. cit., 16.

барале реформи и тоа порадикални со кои би дошло до промени во централната власт.[229]

Во меѓувреме активностите на Македонскиот комитет во Бугарија за кревање на востание во Македонија продолжувале. Но, хроничната беспарица во касата на Комитетот продолжувала, па се барале секакви начини да се дојде до финансиски средства потребни за купување на оружје.

Почнале да се шират гласини дека Македонскиот комитет добил финансиски средства од Велика Британија. Единствен доказ кој одел во прилог на овие гласини, а до кој успеал да дојде Ф.Х.Е. Елиот бил фактот што во текот на јануари или февруари 1896 година, некој си Каранфилович, човек на Туфекчиев го посетил Лондон и веројатно таму стапил во контакт со Ерменскиот комитет. Исто така се ширеле гласини дека голема сума на пари за помош на македонската кауза дале британските дипломатски претставници во Софија и пловдив. За таа цел Ф.Х.Е. Елиот водел разговор со бугарскиот премиер Стоилов, тврдејќи му категорично дека во тие гласини немало ни тронка вистина и дека британската влада се оградувала од давањето на било каква помош за македонската кауза.[230]

И во писмото од 30-ти септември 1896 година Ф.Х.Е. Елиот пишувал до маркизот од Солзбери за македонското движење и за ставот на Бугарија кон него.[231] Тој пишувал дека периодот бил мирен и дека немало раздвижувања од поголеми размери пред сѐ заради руската политика на одржување на мирна состојба, неподготвеноста на македонското население да земе учество во претстојното востание без гарантирана поддршка однадвор и секако поради недостатокот на финансиски средства и оружје.

Во услови на недостиг на финансиски средства, а не очекување на такви од Русија, надежите на Македонскиот комитет во Бугарија се свртеле кон Велика Британија. Загрижен од тоа, Ф.Х.Е. Елиот го ангажирал британскиот дипломатски

---

[229] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, сн. ф.о. 78/4753, писмо на Џон Блант до маркизот од Солзбери на 20-ти јануари 1896 година.

[230] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о. 78/4754, писмо на Ф.Х.Е. Елиот до маркизот од Солзери датирано на 13-ти мај 1896 година.

[231] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о. 78/4755.

претставник во Пловдив, Николаев да се обиде да го одврати од намерите Комитетот да бара финансиска или било каква друга пимош од Велика Британија.

Извештајот на Џон Блант испратен до Филип Кари на 4-ти декември 1896 година се однесувал на предлозите за воведување на реформи во администрацијата во вилаетите во Македонија.[232] Во извештајот тој пишувал за комисијата која ја формирала Портата, а која била составена главно од владини муслимански службеници кои требало да работат под надлежност на валијата во трите вилаети: солунскиот, Косовскиот и Битолскиот. Комисијата притоа ги посетила трите споменати вилаети и насекаде ги сменувала корумпираните чиновници. Месец дена пред нејзиното распуштање таа изготвила план за реформи одобрен од султанот.[233] Главната поента на реформите била: 1) организирање на административните совети; 2) назначување на христијански административни, судски и финансиски инспектори; 3) организирање на судството; 4) поправка на христијанските цркви; 5) организирање на жандармеријата од која 10% требало да бидат немуслимани; 6) јавни градби и реформи во образоанието; 7) поправедно наметнување на десетокот и други давачки и такси.

Детални информации за состојбата во Македонија на почетокот на 1897 година содржело писмото на еден господин од Солун испратено до Џон Блант на 25-ти февруари 1897 година.[234] Господинот од солун пред почетокот на патувањето низ Македонија бил замолен од Џон Блант да запише некои поединости во врска со состојбата во земјата. Патувањето на господинот започнало во Солун од каде се упатил за Килкиш (Кукуш), Скопје, Кавадарци, Радовиш, Струмица и селата од тие

---

[232] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о. 78/4734.

[233] Во април 1896 година со султанско ираде биле објавени реформите за Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает во Македонија. Според овој реформски проект бројот на членовите во административните совети од 4 се зголемувал на 6 од кои половината христијани. Во областите со мешано население двајца членови од Административниот совет требало да се бираат наизменично. На румелиските валии им се доделувал по еден помошник. За секои две провинции се определувала контролна комисија со ингеренции да ги испитува граѓанските, судските и финансиските прашања. Мандатот на овие комисии требало да биде три години, а потоа да се заменуваат со комисијата од другата провинција (Ванчо Ѓорѓиев, Op. cit., 17)

[234] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о. 78/4829.

области. Притоа тој насекаде забележал промена во јавното мислење во однос на Русија и Велика Британија.

Додека претходно на Русија се гледало како на заштитничка и бранител на христијаните, сега тоа не било случај и на неа се гледало со недоверба. Од друга страна пак драстично бил променет ставот кон Велика Британија која сега била гледана со почит и се сметало дека владата на Велика Британија правилно ја разбрала состојбата во земјата и имала желба да помогне. Инаку, состојбата на населението во посетените области била лоша како и претходно, а тоа се наоѓало во голем очај и страдање поради зголемените злосторства.

Злосторствата кои врз населението ги вршеле нерегуларните војски (редифите) на османлиската армија се зачестиле, а поплаките на населението кај локалните османлиски власти останувале залудни.

На 14/27 ноември 1897 година во источниот дел на Македонија се случила познатата Виничка провала која конечно го симнала превезот на конспиративност на Македонската революционерна организација. Сега европската и светска јавност била соочена со фактот за постоењето и разгранетоста на автономното македонско националноослободително движење.

Провалата се случила кога една банда од Бугарија со помош на јатаци влегла во Виница, го убила месниот богат Османлија, Ќазим – ага, и му земала 800 лири. Наредниот ден кочанскиот кајмакам влегол со стражари и војска во Виница, и ги фатила соучесниците на бандата меѓу кои и раководителот на Месниот комитет Георги Иванов.[235]

За настаните во Виница ноќта на 14/27 ноември и за наредниот ден пишувал Џон Блант во своето писмо од 14-ти декември 1897 година испратено до Филип Кари.[236]

Ф.Х.Е.Елиот во писмото од 17-ти јануари 1898 година кое го испратил до маркизот од Солзбери пишувал за можното кревање на востание во Македонија и за британскиот став во однос на тоа.[237]Британската влада стоела на ставот дека таа

---

[235] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, Скопје 2003, 103.

[236] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 329, ф.о. 78/4829.

[237] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 325, ф.о. 78/4951.

нема да одобри или охрабри било какво востание во Македонија. Овој став јасно му го ставил на знаење Ф.Х.Е. Елиот на еден член на тајните македонски комитети во Бугарија, при нивниот неодамнешен разговор.

Македонскиот комитет освен востанието, како алтернатива за решавањето на состојбата во Македонија го гледал и воведувањето на реформи. За нивните предлози за реформи кои биле упатени до британскиот амбасадор во Цариград, Николас О'Конор, а закои тој го известил маркизот од солзбери со писмото од 2-ри февруари 1898 година.[238] Во известувањето од Македонскиот комитет стоело дека најпрво требало да се исполнат три услови за спроведување на реформите, а тие биле: европска интервенција, автономија и управување на мнозинството. Потребно било да се постигне единство меѓу христијанското население во Македонија и дека доколку Европа не ги прифатела барањата на Македонците базирани на членот 23 од Берлинскиот договор, таа ќе се соочела со подрастични мерки превземени од страна на христијанското население во Македонија. Во известувањето бил вклучен и проект за реформи кои требало да се спроведат во Македонија и во Одринскиот вилает. Според тој проект, Македонија требало да биде претворена во автономна провинција која во својот состав ќе ги вклучела Солунскиот, Битолскиот и скопскиот вилает. Управата требало да му биде доверена на гувернер избран од предоминантната националност за период од пет години. Редот и мирот требало да ги одржува локална милиција од која само главниот офицер требало да биде именуван од султанот.

И извештајот на Реналд Мекдоналд, британскиот дипломатски претставник во Белград кој го испратил на 1-ви февруари 1898 година до маркизот од Солзбери се однесувал на воведувањето на реформи во Македонија.[239] Во извештајот тој дал кратко резиме на содржината на писмото кое новосадскиот весник „Наше доба“ го добил од Виена, а се однесувало на текот на преговорите меѓу Русија и Австро – Унгарија за воспоставување на автономна администрација во Македонија. Рускиот предлог бил да се создаде автономна Македонијапод власт на султанот, да се

---

[238] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 331/2, ф.о. 78/4991.

[239] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 325, ф.о. 105/122.

спроведе граѓанска еднаквост меѓу христијанското и муслиманското население и еднаква употреба на османлискиот и локалниот јазик низ цела Македонија. Австро – Унгарија, пак, предлагала од територијата на Македонија да бидат формирани два вилаети од кои едниот требало а се вика Стара Србија или Косово, а во чии што рамки требало да влегува тогашниот Косовски вилает како и северните делови од Солунскиот и Битолскиот, а другиот вилает требало да биде наречен Западна румелија и да ги вклучува останатите области. Границите на двата вилаети требало да бидат дефинирани од една специјална европска комисија, а Солун требало да биде слободно пристаниште под заштита на Големите сили.

Писмото на А.Вратисло испратено на 1-ви март 1898 година до Ф.Х.Е. Елиот се однесувало на ширењето на Револуционерната организација во Македонија.[240] Како што вели тој во писмото, водач на Организацијата во источниот дел на Македонија бил еден учител за чие име не успеал да дознае. Од она што успеал да го дознае било тоа дека Организацијата располагала со финансиски средства добиени од доброволци и прилози од богати жители. Големо количество оружје било добиено од Бугарија, а и од други земји како на пример Италија, со помош на албански посредници. Револуционерите од Македонија не зависеле од т.н. Централен македонски комитет во Софија.

На истиот датум Ф.Х.Е. Елиот испратил писмо до маркизот од Солзбери во кое пишувал за Македонската револуционерна организација.[241] Од доверливи извори Ф.Х.Е. Елиот бил известен дека во самата Македонија постоела друга потајна Револуционерна организација од Централниот македонски комитет во Софија која преземала посебни мерки да предизвика востание во Македонија.

Пролетта 1898 година Ц.Н.Е. Елиот, вториот секретар во британската амбасада во Цариград, го посетил Скопскиот вилает. За впечатоците од патувањето на Ц.Н.Е. Елиот пишувал Филип Кари во својот извештај испратен на 3-ти март 1898 година до маркизот од Солзбери.[242] За градот Скопје тој пишувал дека бил претежно населен со албанско население и дека тамошните Албанци правеле многу

---

[240] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 325, ф.о. 78/4913.

[241] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 325, ф.о. 78/4951.

[242] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 325, ф.о. 78/4917.

разбојнички дела врз локалното христијанско население. Српската влада енергично се обидувала да докаже дека во целиот вилает постоел српски елемент и дека затоа успеале да го наговорат грчкиот патријарх да назначи српски митрополит во Скопје.[243] Понатаму во извештајот Филип Кари ја приложил листата на мачени, тепани, злоставувани и убиени лица во Кочанската каза и тоа градот Кочани, Малешевската, Радовишката, Штипската, Кумановската, Кратовската, Паланечката каза и градот Скопје.

Во писмото од 24-ти март 1898 година кое Ф.Х.Е. Елиот го испратил до маркизот од Солзбери, тој известувал за подготвуваниот меморандум на Централниот македонски комитет во Софија.[244] Еден од членовите на Македонскиот комитет го посетил Ф.Х.Е. Елиот и го известил дека тие подготвувале меморандум во врска со османлиското угнетување на македонскиот народ и потребата од побрзо воведување на реформи. Се уште немале одлучено дали меморандумот да го достават до Големите сили или директно до султанот, па затоа сакале да се посоветуваат со Ф.Х.Е. Елиот. Комитетот бил на мислење дека треба да се формира автономна провинција Македонија која и понатаму требало да остане интегрален дел од Османлиската Империја. Притоа посетителот го известил Ф.Х.Е. Елиот дека на целата територија на Македонија и во соседниот Одрински вилает имало големи количини оружје за евентуалното востание.

Централниот македонски комитет барал поддршка од Велика Британија за решавањето на македонското прашање. За тоа пишувал Ф.Х.Е. Елиот во писмото од 18-ти август 1898 година испратено до маркизот од Солзбери.[245] Големи надежи за помош од Велика Британија полагал Македонскиот комитет во остварувањето на идејата за автономна Македонија, а тие се потпирале на верувањето дека Велика Британија би била заинтересирана сѐ со цел да ја спречи Австро – Унгарија во

---

[243] Се мисли на митрополитот Фирмилијан кој бил прогласен за српски митрополит во Скопје од страна на Цариградската патријаршија во 1899 година и на местото скопски митрополит останал до 1902 година.

[244] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 325, ф.о. 78/4951.

[245] Ibidem

преземањето на монопол врз трговијата на ова подрачје како што бил случајот и со Босна и Херцеговина.

Во писмото од 31-ви декември 1898 година кое Ф.Х.Е. Елиот го испратил до маркизот од Солзбери тој известувал за одржувањето на конгрес на Централниот македонски комитет во Женева.[246] Главни задачи на престојниот конгред биле следниве: 1) да се опише ситуацијата на христијанските поданици во Османлиската Империја и формулирање на услови со кои требало да им се гарантира политичка автономија; 2) формално да се побара предвремена помош и заштита од силите кои требало да учествуваат на конгресот; 3) да се организира комитет овластен од конгресот да дејствува како посредник меѓу привремената македонска администрција и европската јавност; 4) да се дискутира за чекорите кои требало да бидат преземени за ослободување на провинциите кои се уште биле под османлиско ропство и мерките за решавање на македонското прашање итн.

Николас О'Конор во јануари 1899 година водел разговор со бугарскиот дипломатски претставник во Цариград, Марков во врска со иднината на Македонија.[247] Бугарскиот агент во текот на разговорот ја истакнал особено тешката состојба на христијанското население во Македонија и дека Портата требало што побрзо да воведе автономија во Македонија.

Тој сметал дека политички би било подобро да се предизвика агитација која би ги натерала Големите сили да интервенираат со цел Портата да ја подобри состојбата на населението во Македонија. Марков зборувал за целта на Русија, а која била за поделба на османлиските провинции меѓу Бугарија и Србија, со што Бугарија би се ставила под вечно руско туторство.

Русите вршеле агитација во Македонија против било какво востаничко движење поттикнато од политичарите и тајните комитети во Софија. На крајот од разговорот Н.О'конор го предупредил Марков дека движењето во Македонија напролет ќе било погубно за тамошното население кое ќе било незаштитено пред османлиските трупи.

---

[246] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 325, ф.о. 78/4951.

[247] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 323/II, ф.о. 78/4991.

За тоа каков бил ставот на српската влада кон македонското прашање разговор водел британскиот дипломатски претставник во Белград В.Е. Гошен со српскиот крал Милан во јануари 1899 година.[248] Српскиот крал истакнал дека било сосема очекувано да има немири во Македонијанапролет. Притоа тој категорично тврдел дека Србија нема да биде причина за предизвикување немири во Македонија и дека српската влада ќе се залага да се одржи редот и мирот во Македонија. Србија била против формирањето на автономна провинција Македонија и дека османлиската власт требало да се задржи овде сé додека не дојде време да си замине.

Новиот британски дипломатски претставник во Софија, М. Финдлеј во писмото кое на 8-ми февруари 1899 година го испратил до маркизот од Солзбери пишувал и за бугарскиот и за британскиот став кон македонското движење.[249] Во однос на бугарската политика М. Ц. Финдлеј сметал дека треба да биде пријателски расположена кон своите соседи и тоа особено кон Османлиската Империја. А, во однос на британската политика тој јасно му ставил на знаење на Андонов, десната рака на Станболов во Источна Румелија и за извесно пвреме потпретседател на Собранието, дека владата на Велика Британија немало да поддржи било какво движење кое би го нарушило мирот во Европа, па во тој контекст таа била и против движењето во Македонија.

За ставот на бугарската влада кон македонското прашање пишувал и Џ.Г. Кенеди, британскиот дипломатски претставник во Букурешт во писмото кое на 15-ти февруари 1899 година го испратил до маркизот од Солзбери.[250] Во врска со тоа тој водел разговор со Атанасов, водачот на бугарското дипломатско агентство во Букурешт, кој притоа истакнал дека бугарската влада сериозно ги сваќала предупредувањата од Големите сили за одржување на мирна состојба на Балканот. Во прилог на тоа бугарската влада издала наредба до бугарските професори, учители и свештеници во Македонија да го обесхрабруваат секој обид да се предизвикуваат немири во Македонија. Атанасов изразил надеж дека секогаш кога

[248] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 331, ф.о. 105/126.

[249] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 418, ф.о. 78/5016.

[250] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 331, ф.о. 105/126

македонското прашање ќе направело обид да го привлече вниманието на Европа, Големите сили требало да ги имаат во предвид правата на Бугарија во Македонија базирани на фактот дека во Македонија доминирал бугарскиот елемент.

Во писмото од 27-ми ноември 1899 година британскиот генерален конзул во Солун, Алфред Билиоти, му соопштувал на маркизот од Солзбери за немирите кои ги предизвикувале Албанците во Дебар.[251] Банда составена од Албанци ги нападнала трите села северно од Дебар и делумно ги ограбила. Неколку селани биле ранети, осумнина биле грабнати со цел за нив да се бара откуп. Локалните османлиски војски успеале да ги совладаат и да ги растераат разбојниците.

За тоа каква била политичката состојба во Македонија на почетокот на 1900 година пишувал Алфред Билиоти во писмото кое на 4-ти февруари 1900 година го испратил до Николас О'Конор.[252] Состојбата во земјата била особено немирна поради бугарските политички интриги кои се јавувале во форма на убиства и оружени напади.Политичките убиства извршени од Бугарите датирале од времето кога Шопов бил назначен за бугарски трговски агент во Солун, а лично неговиот секретар кој често патувал низ Солунскиот вилает бил поврзан со многуте случаеви на политички ликвидирања.

На 30-ти октомври 1900 година М.де Бунсен, вршителот на должноста во британската амбасада во Цариград испратил писмо до маркизот од Солзбери притоа соопштувајќи му за злосторствата извршени во Крушево.[253] Во крушевската област во Битолскиот вилает веќе извесно време, еден Албанец по име Ислам Чауш дејствувал на чело на една банда разбојници организирана со цел да ги уценува христијанските селани во тој регион. Ислам Чауш со уште осуммина припадници на неговата банда грабнале тројца христијани – селани во селото Дубанси и за нив барале откуп. Роднините на грабнатите им закажале средба кај изворот Капина каде имало стационирано и извеен број османлиска војска која од заседа ги нападнала Албанците и притоа четворица од нив биле убиени, а Ислам Чауш со останатите успеал да избега.

---

[251] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 323, ф.о. 78/5005.

[252] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 334, ф.о. 78/5068.

[253] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 334, ф.о. 78/5060.

За немири во градот Штип, соопштувал Ф.Х.Е. Елиот во писмото до маркизот од Ленсдаун британскиот државен секретар за надворошни работи на 5-ти јануари 1901 година.[254] Убиството на неколку османлиски жители од градот Штип и апсењето на неколку христијански жители било поврзано со назначувањето на Фирмилијан за српски митрополит во Скопје. По тој повод чета од 50 припадници на Македонскиот комитет во Софија влегла во Македонија, но по судирот со османлиските трупи кај Малеш се повлекла. По повод ова османлиските власти вршеле апсења во Куманово, Штип и Скопје.

На 23-ти јануари/14-ти февруари 1901 година дошло до провала на Македонската револуционерна организација во Солун и притоа биле уапсени членовите на Централниот комитет. За текот на апсењата соопштувал британскиот заменик конзул во Солун, Фриман, во неколкуте писма кои ги испратил до Николас О'Конор во месец март 1901 година.[255] Во писмата тој го споменува апсењето на Христо Татарчев и на уште 18 други припадници на Македонската револуционерна организација.Понатаму кажува дека тие биле однесени на Криминалниот суд во Солун каде требало да им се суди заради „организирање на револуционерна сила против османлиската влада заради воспоставување на автономна влада во Македонија".

Писмото на Рафаел Фонтан, британскиот вицеконзул во Солун испратено до алфред Билиоти, британскиот генерален конзул во Солун на 3-ти јули 1901 година било во врска со судењето на некои револуционери во Штип поради нивното учество во немирите предизвикани во овој град.[256] Во писмото британскиот вицеконзул дал список на лицата кои биле осудени и казните кои биле изречени притоа.

---

[254] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, ф.о. 78/6140.

[255] Ibidem

[256] Британските конзули..., 261 – 263. Станувало збор за апсењето по повод штипската или новоселската афера од декември 1899 година кога ранетиот четник Сандо Невенин се повлекол до штипското предградие Ново Село, но бил предаден, куќата каде што се скрил била опколена од османлиските војски и притоа се разгорела борба. Во престрелката загинале двајца граѓани, 21 бил затворен, а 14 осудени.

Познатото грабнување на американската протестантска мисионерка Мис Стон и нејзината придружничка Цилка, организирано од тројцата припадници на Македонската револуционерна организација Јане Сандански, Христо Чернопеев и Крсто Асенов на 21-ви август 1901 година кај месноста Потпрена Скала на патот Банско – Горна Џумаја исто така било посведочено во извештаите на британските конзули.

Конкретно за грабнувањето на мисионерката и нејзината придружничка пишувал Алфред Билиоти во писмото кое на 10-ти септември 1901 година го испратил до Николас О'Конор.[257] Информациите за тој настан британскиот конзул ги добил од д-р Хенри Хаус, американски мисионер во Солун кој притоа му покажал писмо со детали од настанот. Во својот коментар Билиоти пишувал дека грабнувањето било со политичка позадина и дека грабнувачите имале двојна корист и тоа од една страна да покажат дека во Македонија не е безбедно, а од друга страна да добијат откуп потребен за Организацијата.

Писмо со прилог во кој ја опишувал состојбата во Скопскиот и Битолскиот вилает за месец декември 1901 година на 16-ти јануари 1902 година му испратил Николас О'Конор на маркизот од Ленсдаун.[258] Во Скопскиот вилает локалното српско население страдало од прогоните на албанските разбојници и 250 српски семејства биле приморани да избегаат преку границата. И состојбата во Битолскиот вилает била особено тешка за локалното христијанско население кое исто така страдало од нападите на албанските разбојници.

Во писмото пак од 24-ти февруари 1902 година Николас О'Конор му пишувал на маркизот од Ленсдаун за подготвувањето востание во Македонија.[259] Од приватен извор тој дознал дека цела Македонија била под управа на „бугарската" востаничка организација и дека бил планиран генерален бунт за пролетта истата година. Центри на движењето требало да бидат: Тиквеш или Кавадарци; областа источно од Прилеп; самиот град Прилеп; Екшису – 10 милји

---

[257] Ibidem, 271 – 273.

[258] Ibid., 274 – 277.

[259] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, ф.о. 78/6140.

јужно од Лерин; Воден и просторот меѓу Екшису и Костур во јужниот дел на Македонија.

Британските конзули соопштувале за уште една афера на Македонската револуционерна организација која се случила на 24-ти март/6-ти април 1902 година во прилепското Кадино село кога четата на Патчев била нападната од османлиската жандармерира додека одржувала конспиративен состанок во селото. Детали од настанот содржело писмото кое на 18-ти април 1902 година Алфред Билиоти го испратил до Николас О‘Конор.[260] По борбата со османлиската ѓандармерија, а по снемувањето на муниција, Патчев и неговите другари си го одзеле животот.

За редицата убиства кои се случиле во битолската околија зимата 1903 година пишувал Алфред Билиоти во писмото кое на 13-ти јануари 1903 година го испратил до Николас О‘Конор.[261] Тој пишувал за судирот меѓу 12 комити и 25 османлиски жандарми кај селото Брезово, оддалечено на шест часа од градот Битола. Тоа била битката за спасување на војводата Јордан Пиперката и неговата чета. Благодарение на мобилизацијата на припадници на Организацијата четата успеала да се извлече од обрачот.

Комитите убиле двајца албански собирачи на такси во близина на еден мост на влезот на селата Л‘нка во Преспанско, убиен бил и еден администратор на манастирот во селото Сливница исто така Преспанско.

Познатите солунски атентати извршени во периодот од 28-ми април до 1-ви мај 1903 година во градот Солун кога биле дигнати во воздух францускиот брод „Гвадалкивир“, Отоманската банка, гасоводната инсталација за осветлување на градот, австриската пошта и диверзијата врз телеграфската станица, биле забележани во извештаите на британските конзули. За овие настани Алфред Билиоти телефонски го известил министерството за надворешни работи во Лондон на 30-ти април 1903 додина.[262]

---

[260] Британските конзули..., 280.

[261] Ibidem, 288 – 290.

[262] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 423, ф.о. 78/1338.

На 5-ти мај 1903 година Џејмс Мак Грегор, британскиот вицеконзул во Битола, го известувал Алфред Билиоти за последиците од солунските атентати.[263] Меѓу другото тој во писмото пишувал дека во врска со атентатите биле затворени околу 50 луѓе во Прилеп, а властите во Битола ги истерале сите прилепчани кои работеле по продавниците или кафеаните во овој град. Во Битола биле затворени петмина меѓу кои и Даниел Ризов, братот на поранешниот бугарски трговски агент во Скопје, Димитар ризов, кој пак бил близок пријател со австрискиот и рускиот конзул во Битола кои безуспешно се обидувале да го ослободат.

И писмата од 2-ри и 6-ти јуни 1903 година кои Алфред Билиоти ги испратил до Николас О‘Конор исто така содржеле податоци за солунските атентати и судењето на четворицата уапсени: Павел Шатев, Георги Петре Богданов, Милан Арсов и Марко Стојан Бошнаков.[264]

---

[263] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 423, ф.о. 78/1338.

[264] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 419, ф.о. 78/5266.

# ГЛАВА V

# ОДНОСОТ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА СПРЕМА АКТИВНОСТА НА СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 – 1903 ГОДИНА

Територијалните промени на Балканот кои на Берлинскиот конгрес биле меѓународно санкционирани ги поткрепиле надежите на балканските држави за нивно територијално проширување за сметка на османлиските европски владенија. Како еден од начините за да го постигнат тоа тие во Македонија започнале со систематска пропаганда со цел да се обезбеди што повеќе грчки, бугарски и српски „национални" приврзаници. Во погоден момент тие требало да послужат како внатрешни сојузници за нивните аспираторски тенденции кон Македонија.[265] Пропагандното дејствување во Македонија силно влијаело врз младата македонска интелигенција. Така таа наоѓајќи се притисната од пропагандната активност на соседните балкански држави и угнетувањето на османлиската власт излезот го побарала во формирањето на Револуционерна организација каде антипропагандните определби нашле место во нејзините уставно – статутарни акти.[266]

Најстарата пропаганда во Македонија била грчката која првенствено била спроведувана од Цариградската Петријаршија, а по создавањето на грчката држава ја спроведувале атинските влади.[267] Спроведувањето на грчката пропаганда во Македонија грчката влада го правела преку своите конзулати во Македонија,

[265] Ванчо Георгиев, Op. cit, 93.

[266] Ibidem.

[267] Ристо Поплазаров, Пропагандната дејност на грчките друштва во Македонија во втората половина на XIX век, Гласник на ИНИ, бр. 2, година XII, Скопје 1968, 187.

друштвата (силогосите), финансирањето и сл. Од сите грчки друштва најактивно великогрчката пропаганда ја спроведувало „Друштвото за ширење на грчката писменост“ формирано во април 1869 година во Атина, во чие највисоко раководство членувале истакнати личности од редовите на грчките владеачки и научни кругови.[268]

Британските конзули во Македонија и во соседните земји освен политичката состојба во земјата меѓу другото во своите извештаи се осврнувале и на пропагандите кои оперирале на теренот. Во тој контекст тие известувале и за активностите на грчката пропаганда во Македонија. Така на пример, писмото на Хорас Рамболд, британскиот дипломатски претставникво Атина, испратено на 15 – ти април 1888 година до маркизот од солзбери, британскиот државен секретар за надворешни работи, зборувало за случајот на протерувањето на грчкиот архиепископ од Серез.[269] Протерувањето на грчкиот архиепископ било по директна наредба на султанот и тоа предизвикало голема загриженост кај грчката влада. Инцидентот бил сложен и поради обвиненијата кои ги изнел битолскиот валија против тамошниот грчки конзул Пануриа. Имено, по спроведената истрага во Битола во станот на еден агент од силогосот за ширење на грчката литература биле најдени околу 20 компромитирачки писма за кои се сметало дека биле напишани од грчкиот конзул. Компромитирачките писма содржеле информации во врска со османлиските воени движења.

Позициите на грчката на грчката пропаганда во Македонија биле загрозени по создавањето на Бугарската Егзархија во 1870 година. Почнувајќи од тогаш Патријаршијата и Егзархијата биле во постојан судир на теренот на Македонија и тоа особено околу правото за користење на црквите и гробиштата. Во 90-те години на XIX век бугарската пропаганда се здобила со многу бенефиции во Македонија благодарение на проосманлиската политика на тогашната бугарска влада на Стамболов. Така во 1890 година Егзархијата добила берати за егзархиски

---

[268] Ibidem, 189.

[269] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 162/122, ф.о. 287/13.

митрополити во Скопската и Охридската епархија, во 1894 година во Велешката и Неврокопската, а во 1897 година во Битолската, Дебарската и Струмичката.[270]

Ова предизвикало голем револт кај грчката заедница во Солун која на 22-ри мај 1894 година испратила петиција до британскиот генерален секретар во Солун, Џон Блант, против назначувањето на егзархиски владици во Велес и Неврокоп.[271] Во петицијата тие образложувале зошто не би требало султанот да го дозволи одобрувањето на бератите и на крајот барале од британскиот генерален конзул да ја проследи петицијата до султанот.

Писмото од 27-ми септември 1894 година кое Филип Кари, британскиот амбасадор во Цариград, го испратил до грофот Кимберли, британскиот државен секретар за надворешни работи, било за судирот меѓу Патријаршијата и Егзархијата.[272] Во врска со тоа британскиот амбасадор разговарал со бугарскиот егзарх кој му кажал дека неодамна бил посетен од еден член од руската амбасада кој го известил дека екуменскиот патријарх бил расположен да се помири со Егзархијата. Бугарскиот егзарх сметал дека ова е дело на Русија која се пласела дека доколку расправиите со Патријаршијата станале потешки тогаш бугарската црква можела да се приклучи на римската заедница. А, како втора причина за приближувањето на патријархот било тоа што не сакал да се дозволи да биде назначен српски владика во Македонија, па се надевал дека со приближувањето кон егзархот заедно ќе се бореле против новото зло.

Писмото на Џон Блант, кое тој го испратил до маркизот од Солзбери, на 18-ти август 1896 гидина содржело податоци за циркуларот на грчкиот митрополит од Солун до неговите верници во врска со немирите во Македонија.[273] Циркуларното писмо на грчкиот митрополит требало да биде прочитано во сите грчки цркви во неговата епархија и со него тој им наредувал да не учествуваат во обидите кои се правеле да се дигне востание во Македонија. Локалните весници објавувале дека на

[270] Ванчо Георгиев, Op. cit., 98.

[271] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, сн. 385 – 391.

[272] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, ф.о. 78/4542.

[273] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о. 78/4743.

грчките митрополити во Јанина, Верна, Гревена, Серфиџе, Кожани и Аргиро Кастро во Епир им било наредено да издадат сличен циркулар во нивните епархии.

Извештајот на Чарлс Хемпсон, британскиот вицеконзул во Битола, до Џон Блант, во Солун од 27-ми јануари 1898 година бил за ширењето на странските пропаганди во Македонија, а во тој контекст и за грчката пропаганда.[274] Во извештајот бил даден посебен осврт на образовните институции кои им припаѓале на секоја народност. Според бројките изнесени за нивните училишта изгледа дека го губела тлото и тоа се должело на успехот на Бугарите.во прилог на извештајот имало табела за бројот на грчките училишта и ученици за 1896 и 1897 година и притоа може са де забележи дека во 1896 година имало 382 училишта со 23.200 ученици, а веќе во 1897 година нивниот број се намалил на 373 училишта со 22.722 ученици.

Посмото на Ф.х.Е. Елиот, британскиот дипломатски претставник во Софија, испратено до маркизот од Солзбери, британскиот државен секретар за надворешни работи, било во врска со преместувањето на грчкиот владика од Скопје.[275] Преместувањето на грчкиот владика било направено по успехот што го постигнал српскиот дипломатски претставник во Цариград за добивањето ираде од султанот со кое на Србите им се дозволувало да отворат онолку училишта колку што сакаат во Солунскиот и Битолскиот вилает.

Малку помлада од грчката била српската пропаганда во Македонија за чија активност настојувала да добие поддршка од Цариградската Патријаршија и отстапки од Високата Порта. Главни организатори на српската пропаганда во Македонија биле српските конзули кои добивале инструкции од Министерството за надворешни работи на Србија.[276]

За српската образовна пропаганда во Македонија пишувал Џон Блант во писмото кое тој на 10-ти ноември 1889 година го испратил до маркизот од Солзбери.[277] Во тој контекст британскиот генерален конзул се осврнал на дејноста

---

[274] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 329, ф.о. 78/4936.

[275] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 329, ф.о. 78/4853.

[276] Љубиша Доклетиќ, Српско – македонските односи во XIX век, Скопје 1973, 259.

[277] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 161/402 - 404, ф.о. 78/4216.

на српските тајни агенти и со сигурност дознал дека некој си Томче Попов, родум од Охрид, бил ангажиран од српскиот генерален конзул во Солун да ги одвраќа „бугарските" младинци од училиштата во Солун, Воден и другите места во Македонија преку различни ветувања. Минатата година ова лице успеало да убеди 27 „Бугари', а оваа година шест да одат да учат во Белград и сите тие биле ученици од училиштата во Солун и Воден. Српскиот генерален конзул во Солун и конзулот во Битола на сличен начин ангажирале тајни агенти за оваа работа за што британскиот генерален конзул имал силна причина да верува дека било потпомогнато од Јастребов, рускиот генерален конзул во Солун. За школувањето на македонските студенти во Белград пишувал Ф.Ст.Џон, британскиот дипломатски претставник во Белград до маркизот од Солзбери, од 26-ти февруари 1890 година.[278] тој пишувал за незадоволството на студентите од Македонија кои биле со измама испратени во Белград да ги завршат студиите на српски државен трошок, а со цел да се „србинизираат". Тие испратиле молба до бугарскиот агент во Белград од кого барале финансиски средства и друг вид помош за да се вратат во нивните домови. Бугарската влада го овластила својот агент да обезбеди пари и погранични пропусници за македонските студенти кои сакале да ја напуштат Србија и да заминат за Бугарија.

Писмото на британскиот дипломатски претставник во Цариград, Николас О'Конор, кое го испратил до маркизот од Солзбери, на 27-ми февруари 1890 година се однесувало на македонските студенти кои се префрлиле од Белград во Софија.[279] Станувало збор за 32 македонски студенти кои пристигнале во Софија да ги комплетираат своите образовни студии на Софискиот универзитет. Бугарскиот премиер Стамболов во врска со ова изјавил дека српската влада водела активна пропаганда во соседството на Солун и другите македонски градови и успеала да наговори околу 200 Македонци да одат во Белград каде што требало да бидат примени на српскиот колеџ „Св.Сава" и да им бидат обезбедени средства за сето време на нивното школување. Кога пристигнале во Белград од нив се барало да

[278] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 162/166 - 169, ф.о. 287/18

[279] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 321, сн. 320.

дадат формална изјава дека и припаѓаат на српската нација како резултат на што дел од нив протестирале и барале да се вратат во Македонија. Српската влада одбила да им ги плати трошоците за враќањето назад, па тие побарале средства од бугарскиот вршител на должноста во Белград.

За ширењето на српската пропаганда во Македонија пишувал Џон Блант во писмото кое на 18-ти мај 1892 година го испратил до Клер Форд, британскиот амбасадор во Константинопол.[280] Српскиот конзул во Солун неодамна го информирал тамошниот грчки архиепископ за постата на Солун направена од 35 српски студенти заедно со неколку свештеници од Белград, кои побарале од него да им дозволи да одржат црковна служба на словенски јазик во една од грчките цркци.Архиепископот одговорил дека за тоа треба да побара упатства од патријархот во Константинопол, но тој одбил. Студентите требало да го посетат Солун и други места во Македонија, а нивното патување било организирано од друштвото „Св.Сава" од Белград со цел да ја шират српската пропаганда.

Писмото на Едмунд Фејн, британскиот дипломатски претставник во Белград, кое тој на 29-ти октомври 1896 година го испратил до маркизот од Солзбери, било во врска со реагирањето на Србите против назначувањето на грчкиот владика Амбросиус за скопски митрополит.[281] По овој повод Србите во Македонија одржале митинг и притоа биле донесени бројни резолуции во кои се осудувало однесувањето на Патријаршијата која очигледно ја штитела само грчката народност. За градот Скопје се велело дека бил древен српски град, а христијанското население во него скоро целосно српско. Србите одбиле да го прифатат владиката Амбросиус и затоа се обратиле до Високата Порта да се повлече неговиот берат, но не постигнале никаков успех во тоа.

Извештајот на Џарлс Хемпсон, британскиот вицеконзул во Битола, испратено до Џон Блант на 27-ми јануари 1898 година, а во врска со ширењето на странските пропаганди во Македонија, меѓу другото содржел податоци за ширењето на српската пропаганда.[282] Од приложената табела за бројот на српските

---

[280] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 164, ф.о. 287/20.

[281] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 327, ф.о. 105/113.

[282] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 329, ф.о. 78/4936.

училишта и ученици во Македонија за 1896 и 1897 година може да се види дека бројот на училиштата во 1896 година бил 6, а бројот на ученици 530, за да веќе во 1897 година се забележи зголемување на бројот на училишта на 18 и бројот на ученици на 1.500. Понатаму во извештајот, а во врска со српската пропаганда во Македонија, британскиот вицеконзул во Битола пишувал дека друштвото „Св.Сава" од Белград трошело големи финансиски средства за потребите на српската пропаганда. Често се користел и методот едно до две лица во некое село се наговарале на каков било начин да се нарекуваат себеси за Срби иеден од нив барал до владата да им дозволи да отворат училиште и ова барање најчесто им се одобрувало затоа што владата сакала да ги поттикнува Србите против Бугарите. Кога ќе се отворело училиштето, учениците биле привлекувани да го посетуваат со што им се ветувало бесплатно образование, книги, облека и храна.

Српската пропаганда не била сконцентрирана само на отварањето на училишта, туку тие се бореле да фатат корен и во црковниот проблем. Голем успех на тој план постигнале со назначувањето на српскиот „монсињор" Фирмилијан во октомври 1897 година да ја води Скопската епархија.

Од 8-ми април 1897 година датирало известувањето на британскиот амбасадор во Цариград, Филип Кари, до маркизот од Солзбери, за отворањето на српски училишта во Македонија.[283] Српски училишта биле отворени во: Битола, Солун, Воден и Еницe Вардар. За финансирањето на новоотворените училишта било главно друштвото „Св.Сава" од Белград, обезбедувајќи ги финансиските средства преку српските конзули.

Понова, но, најсилна, пропаганда во Македонија била бугарската и карактеристично за неа било тоа што нејзините носители својата активност ја започнале уште пред да успее бугарската држава да ја формира сопствената национална држава. На тој процес и претходело формирањето на Бугарската Егзархија во 1870 година која била пропагатор на бугарските национални аспирации во Македонија. По формирањето на бугарската национална држава во

[283] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о. 78/4800.

1878 година нејзината влада и државниот апарат ја презеле раководната улога и контрола на националната пропаганда во Македонија.[284]

За време на руско – османлиската војна во 1877-78 година егзархиските митрополити биле протерани од Македонија. Егзархијата без свои митрополити во Македонија останала сѐ до 1890 година кога по притисокот во Цариград, а благодарение на османофилската политика што ја водела владата на Стефан Стамболов во 1890 година таа се здобила со берати за егзархиски митрополити за Скопската и Охридската епархија. Во 1894 година тој успех се повторил за Велешката и Неврокопската епархија, во 1897 година за Битолската, Дебарската и Струмичката, а истата година добила дозвола за отворање на трговски агентства во Солун, Битола и Скопје, а во 1898 година и во Серес.[285]

За давањето берати за назначување бугарски владици во Македонија било писмото кое Вилијам Вајт, британскиот амбасадор во Цариград, го испратил до маркизот од Солзбери, британскиот државен секретар за надворешни работи, на 19-ти април 1890 година.[286] Пишувал дека големиот везир трогнат од постојаните интервенции на егзархот се согласил да му дозволи на бугарскиот егзарх да испрати архиепископ да го посети Скопје во Македонија и да освети цркви кои биле неодамна изградени.

Писмото од 28-ми април 1890 година на Џон Блант, британскиот генерален конзул во Солун, испратено до Вилијам Вајт, британскиот амбасадор во Цариград, било во врска со назначувањето на бугарскиот владика Теодосиј во Скопје.[287]

Меѓутоа за кратко време потоа бугарскиот владика Теодосиј бил протеран од Скопје за што сведочело писмото на Николас О‘Конор кое на 17-ти мај 1890 година го испратил до маркизот од Солзбери.[288]

Во наредното писмо од 8-ми јуни 1890 година Николас О‘Конор пишувал за причините за протерувањето на владиката Теодосиј од Скопје. Тоа се случило по

---

[284] Историја на македонскиот народ..., т. III, 108.

[285] Ванчо Ѓорѓиев, Op.cit., 99.

[286] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, сн. 162 – 172.

[287] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, сн. 325.

[288] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 161, сн. 3 – 7.

влијание на рускиот амбасадор Нелидов, бидејќи Русија како што пишувало во бугарскиот полуофицијален весник „Свобода" се прогласила за непријател на Бугарите, не само во Кнежевството туку и во Македонија. Во рускиот владин весник „Новое времја" пишувало дека Теодосиј не бил легален владика и не поседувал султански ферман со кој му се давал овој ранг. Пишувало дека тој во Скопје заминал како таен политички агент и дека меѓу неговите документи полицијата нашла многу компромитирачки писма упатени до некои бугарски службеници.



**слика 4**

**градот Солун**

Големите сили интервенирале кај Портата околу давањето берати за бугарски егзархиски владици во Македонија. Во писмото од 14-ти јули 1890 година кое Едмунд Фејн, тој пишувал за инструкциите кои ги добил од својата влада со задача да интервенира кај Портата да биде попустлива кон Бугарија во врска со македонското црковно прашање.[289] Во врска со тоа Едмунд Фејн се сретнал со османлискиот министер за надворешни работи и со големиот везир и им ги предал текстуално упатствата кои ги добил од британската влада. Притоа им објаснил дека ова барање на британската влада било со цел да се зачува мирот во Европа затоа

[289] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, сн. 340 – 342.

што во спротивно бугарската влада ќе предизвикала немири. Вакви упатсва од своите влади добиле и амбасадорите на Австро – Унгарија, Германија и Италија.

По сите овие интервенции ортата решила да попушти и да издаде берати за бугарските владици во Македонија и тоа за митрополитските седишта во Скопје и Охрид. Во Скопје требало да се врати протераниот Теодосиј, а во Охрид требало да биде префрлен тогашниот митрополит од Адрианопол.[290]

За негативните реакции на Грција во врска со бератите за владиците во Македонија известувал Вилијам Хегарт со писмото кое на 19-ти август 1890 година го испратилдо маркизот од Солзбери.[291]

Во извештајот на Ф.Х.Е. Елиот, британскиот дипломатски претставник во Софија, а по повод неговото патување низ Македонија во текот на 1894 година, меѓу другото, тој пишувал и за бугарската пропаганда.[292] Во тој контекст пишувал дека Бугарската Егзархија имала само четири владици во Македонија и тоа во Скопје, Охрид, Велес и Неврокоп. Бугарските училишта биле бројно посетени и бројот на образованите луѓе се зголемувал забрзано секоја година. Јазикот кој се користел во училиштата бил бугарскиот јазик од Софија, но иако селанството подобро го разбирало овој јазик од грчкиот, сепак, не му бил овој мајчин јазик и не го разбирало најдобро. Даноците кои ги собирала Егзархијата биле поголеми од оние кои ги собирала Патријаршијата.

Писмото на Џејмс Монахан, британскиот вицеконзул во битола, од 16-ти април 1895 година, испратено до британскиот генерален конзул во солун, било во врска со назначувањето на бугарски владика во Битола.[293] Имено тој пишувал за петицијата потпишана од сите позначајни „Бугари" од егзархистичката група во градот Битола која сакале да ја достават до султанот и до егзархот и да бараат именување на бугарски владика во Битола, а во таа епархија да биле вклучени и Прилеп и Костур. Британскиот амбасадор во Цариград во своето писмо од 1-ви април 1896 година испратено до маркизот од Солзбери пишувал историски осврт за

[290] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, сн. 344.

[291] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 162, сн. 207 – 209.

[292] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, сн. 115 – 119.

[293] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 328, ф.о. 78/4639.

бугарската црква и нејзината улога во Македонија.[294]Меѓу другото тој обратил големо внимание на односот кој го имала Русија кон бугарската црква во условите настанати по смирувањето на Русија и Бугарија по преобратувањето на принцот Борис. Имено сегашната улога на Русија била изнаоѓањето начини за да дојде до помирување меѓу Патријаршијата и бугарската влада.

За ставот на британската влада кон издавањето берати за бугарски владици во Македонија пишувал маркизот од Солзбери во писмото кое на 4-ти декември 1897 година го испратил до Филип Кари.[295] Маркизот од Солзбери бил посетен од бугарскиот дипломатски агент Гешов кој бил ополномоштен од бугарскиот принц Фердинанд и кој се жалел за недобриот однос на султанот кон издавањето на трите берати, за кои издал ираде, но го повлекол. Гешов кажал дека интересите на Бугарија не биле поддржани од ниту една од Големите сили и затоа барал помош од Велика Британија. Меѓутоа освен ветувањето дека за ова ќе го извести британскиот амбасадор во Цариград, маркизот од Солзбери не му ветил никаква друга помош во однос на тоа прашање.

Извештајот на Чарлс Хемпсон, британскиот вицеконзул во Битола кој на 27-ми јануари 1898 година го испратил до Џон Блант содржел податоци меѓу другите и за бугарската пропаганда.[296] Бугарската пропаганда во Битола имала постигнато значајни резултати. Имало едно трговско агентство во Битола кое поради практични намери се користело како конзулат и постоеле епархии во Битола и Дебар. Во 1897 година бил основан огранок на осигурителната компанија „Бугарија“, а требало да се отвори и огранок на бугарската национална банка.

Освен овие споменати пропаганди кои во Македонија биле најактивни постоеле и други пропаганди кои имале извесен успех. Во 60-те години на XIX век католичката пропаганда зела замав во Македонија, но по Берлинскиот конгрес од 1878 година почнала да опаѓа и покрај настојувањата на Австро – Унгарија да ја засили.

---

[294] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 326, ф.о. 78/4705.

[295] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 329, ф.о. 195/1960.

[296] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 329, ф.о. 78/4936.

Единствен британски извештај во врска со оваа пропаганда било писмото кое Џон Блант на 9-ти април 1891 година го испратил до Вилијам Вајт, британскиот амбасадор во Цариград, а било во врска со уривањето на католичката црква во Скопје.[297]тоа било дело на тамошните османлиски власти и покрај протестите на австро – унгарскиот конзул. Во Скопје и околината немало ниту еден жител припадник на Римо - католичката црква. Католичкиот бискуп бил османлиски поданик кој место за молење обезбедил во една просторија во приземјето на една муслиманска куќа. Но, незадоволен од ова еден римокатолички свештеник ја претворил куќата во католичка црква и ова ги разлутило локалните османлиски власти. Протестантската пропаганда во Македонија била послаба и била поприсутна во крајниот североисточен дел на Солунскиот вилает, особено во разлошката котлина, во Струмичко и главно била поддржувана од американски и британски мисионери. Британските конзули во Македонија не направиле никакво сведоштво во врска со оваа пропаганда и нејзините активности во Македонија, но тоа не значи дека не биле свесни за неа.

Напоредно со овие пропаганди во Македонија активно работела и романската пропаганда . Таа во 1889 година отворила средно трговско училиште во Солун со кое биле поврзани сите влашки трговци во Македонија. Во 1900/1901 година во Гевгелија со помош на македонското – романско друштво од Букурешт било отворено романско училиште, а учителите ги плаќала романската влада. Особено поволни услови за оваа пропаганда настапиле по издавањето на султанското ираде од 23-ти мај 1905 година со кое било признаено постоењето на романската (влашка) народност во Македонија.[298]

За барањето на Власите од Битола за назначување на нивни владика пишувал Филип Кари до грофот Кимберли, британскиот државен секретар за надворешни работи, на 7-ми септември 1894 година.[299] Писмото содржело препис од петицијата од Апостол Маргарити, инспектор во влашките училишта во Македонијаи еден од главните организатори на движењето за образование на

---

[297] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 31, сн. 375 - 376.

[298] Ванчо Ѓорѓиев, Op. cit., 102.

[299] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, сн. 86 – 87, ф.о. 78/4542.

Власите во Македонија. Британскиот амбасадор сметал дека доколку влашкото население успеало да формира одвоени црковни власти тогаш тие постепено ќе се оддалечеле од грчката кауза и себеси ќе се нарекувале Власи или Романци. Тој бил убеден дека откако романската влада отворела конзулат во Битола со намера да отвори уште еден во Јанина наменет за Власите од Пинд изгледа решиле сериозно да го земат влашкото движење во свои раце.

Писмото на Филип Кари од 10-ти ноември 1894 година кое го содржело извештајот на британскиот дипломатски претставник во софија, Ф.Х.Е. Елиот, содржело податоци меѓу другото и за водачот на влашкото движење во Македонија, Апостол Маргарит.[300]За Апостол Маргарит се велело дека бил опседнат со голема омраза против се́ што било грчко. Тој сакал да воспостави влашка епархија бидејќи тие имале доволен број училишта и цркви каде што се користел нивниот јазик. Но тоа наидувало на потешкотии заради каноните на Ортодоксната црква според кои еден владика можел да биде назначен во една провинција и за една одредена територија, не за посебно население. Егзархот на влашката депутација во Константинопол им дозволил влашки свештеници, користење на нивниот јазик во црквите и училиштата.

Во писмото од 7-ми декември 1895 година кое Филип Кари го испратил до маркизот од Солзбери се пишувало за црковното барање на Власите во Македонија.[301]

Шест делегати од разни влашки центри во Македонија се сретнале во Константинопол, под покровителство на романскиот дипломатски претставник, и го избрале монсињор Антиос за митрополит на Власите во Османлиската Империја. Доколку, Патријаршијата не го избрала тие се закaниле со одделување од православната Црква и основање на независно тело слично на Егзархијата.

---

[300] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 163, сн. 115 – 116, ф.о. 78/4543.

[301] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о. 78/4820.

# ГЛАВА VI
# ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ НА МАКЕДОНИЈА СО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 – 1903

## 1.Трговската политика на Велика Британија спрема Османлиската Империја со посебен осврт на Македонија

Од средината на XIX век, поточно после Кримската војна, Империјата сѐ поцврсто паднала во прегратките на европскиот капитализам. Уште за време на војната, а особено по неа таа била претворена во еден вид на полуколонија на западноевропските држави чија индустрија постојано имала потреба од суровини и пазари. Имено, уште со капитулациите империјалистичките држави создале елементи на зависност кај Империјата и го обезбедувале своето првенство во османлиските работи. Со овие капитулации капиталистите ги зацврстиле своите привилегии во врска со слободата на населувањето, на сопственоста, неповредливоста на живеалиштето, признавање на секаква дејност во границите на Империјата.[302] Економската страна на влијанието во Империјата се огледувала во сѐ посилното продирање на индустрискиот, трговскиот и финансискиот капитал. Тоа од своја страна имало реперкусии во реформирањето на државата. Тие реформи само моментално ги решавале критичките симптоми во османлиското општество и економиката. Европската капиталистичка индустрија имала голема потреба од османлиските суровини, а од друга страна од османлиските пазари за пласирање на своите индустриски стоки. Покрај ова, капиталистичките држави почнале да вршат и финансиски грабеж на Империјата со што таа сѐ повеќе

[302] Христо Андонов Полјански, Економските аспекти во односите на империјалистичките држави кон Македонија и македонското националноослободително движење од крајот на XIX веки почетокот на XX век, ГИНИ, бр. 2, год. XVII, Скопје 1973, 18.

запаѓала во долгови и банкротство. Дефинитивното претворање на Империјата во полуколонија на империјалистичките држави било после Берлинскиот конгрес (1878 година).[303] Имено, по руско – османлиската војна од 1877 – 1878 година Империјата се нашла на работ на потполн банкрот, па затоа на Берлинскиот конгрес било донесено решение да се обезбеди финансиска контрола над Империјата. Со цел да се обноват нејзините финансии и да се осигураат и регулираат платежите и заемите била создадена управа или уште наречена Совет на долговите. Актот кој ги регулирал овие односи е познат под името Мухаремски декрет донесен на 20-ти декември 1881 година.[304] Декретот всушност бил спогодба со странските кредитори на кои им биле отстапени разни приходи како на пример: монополот со сол, тутун, пијалоци, разни даноци и такси, за отплатување на долгот.

Заемите се јавувале како една форма за потчинување на Империјата на странскиот капитал, а сличен карактер имале и концесиите давани на странските капиталисти за јавни работи, акционерски друштва, банки и други установи.

Надворешната трговија во Империјата главно била сконцентрирана во поголемите градови и пристаништа и организирана од трговци кои воглавно биле странци: Германци, Австријци, Унгарци, Французи, Британци, Италијанци и друго. Раководна улога имале странските експортноимпортни компании кои се обидувале да го монополизираат пазарот.

Османлиските господаречки кругови настојувале да озаконат редица мерки за што поповолен развиток на внатрешната и надворешната трговија. Во таа смисла особено значаен бил трговскиот закон од 1849 година кој бил разделен на четири дела со 315 члена.[305] Во законот се говорело општо за трговијата, специјално за поморската трговија, банкротството и устројството на трговските судови.

---

[303] Ibidem, 18.

[304] Христо Андонов Полјански, Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век, Год. Зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, 15 (1963), 162.

[305] Христо Андонов Полјански, Условите и системот на трговската организација во трговскитеврски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век, Год. Зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, 16 (1964), 82.

Империјата во својата надворешна трговија со империјалистичките држави воглавно имала пасивен биланс како резултат на полуколонијалниот карактер на нејзиното стопанство. Империјалистичките интереси на Велика Британија и Германија особено се судирале на ова подрачје. Ако позициите на Велика Британија во Империјата по Берлинскиот конгрес биле особено влијателни, при крајот на XIX век тие ѝ го отстапиле местото на Германија.

Вклучувањето на Македонија во европскиот пазар се вршело преку пристаништата и поморските врски, а исто така и преку железниците. Особено истакната улога во надворешната трговија на Македонија имал градот Солун. За развојот на Солун влијаеле три фактори: 1) отворањето на Суецкиот канал со што светското значење на Солун пораснало; 2) поврзувањето со железнички линии на поважните центри во внатрешноста на Македонија; и 3) одвивањето на знатен поморски сообраќај преку него бидејќи бил поврзан со сите европски пристаништа.[306]

Основни производи кои служеле за извоз од Солун биле земјоделските производи и производите од индустриските култури. Најважни производи на извозот биле житата и тутунот, а главно се извезувало за Велика Британија, Франција, Италија, Грција Германија и Холандија. Во увозната трговија во Солун приматот го држеле Австро – Унгарија и Велика Британија, а главни увозни артикли биле мануфактурни производи, железарија, метали, кинкалерија, хартија, дрвенарија, бижутерија, облека, колонијални стоки.[307]

Во принцип поголемиот дел од македонскиот извоз и странскиот увоз се вршел преку солунското пристаниште, а помал дел преку пристаништето во Кавала од каде главно се извезувал македонскиот тутун.

Во периодот по Кримската војна па сѐ до 1912 година Солун, Битола, Серес, Скопје, Прилеп, Велес и Струмица биле значајни центри за снабдување на населението со увозни стоки. Солун ја развил трговијата на ангро и ги јакнел трговските врски со Битола и Скопје. Битола, пак, станал главен центар и ја развил

---

[306] Христо Андонов Полјански, Економските аспекти..., 24.

[307] Христо Андонов Полјански, Основите на трговските врски..., 169.

ангросистичката мрежа за подрачјето на Ресен, Охрид, Струга, Дебар и Драч во еден правец и Кичево и Прилеп во друг правец. Скопје исто така развивало ангросистичка и деталистичка трговска мрежа.[308] Во овој период Македонија била во деловни врски со следните европски земји: Франција го зазела првото место благодарение на развиениот паробродски трафик и директните врски; Велика Британија која господарела ма македонскиот пазар со памучни ткаенини, железо, железо во шипки и црн јаглен; Австро – Унгарија со ленени преработки, волнени призводи, фесови, челик, бруќе, српови и алкохолни пијалоци; Италија со мануфактурни производи од свила и памук, тестенини, масло и филцови производи; Германија внесувала ленени и волнени производи, железаријаи ширт; од Холандија се увезувало шеќер, од Белгија стаклени производи и бруќе, од Шведска и Норвешка железо во шипки, а од Русија јута и кавијар.[309]

Интензивниот развој на внатрешната и надворешната трговија, настојувањата на странскиот капитал да навлезе во Македонија, односно да ги експлоатира нејзините богатства и воедно да ги пласира своите индустриски производи, била една од причините кои ги принудиле османлиските власти да преземат поефикасни мерки за подобрување, обезбедување и модернизирање на сообраќајот. Големите потреби за транспорт на стока од Централна, Источна и Северна Македонија до Солун и оттука за странство довеле до претворање на реката Вардар од Велес до Егејското Море во значајна речна сообраќајница по која со сплавови биле пренесувани до нејзиното устие во Солунскиот залив големи количества на жито, волна, дрво и друго.[310]

Под притисок на Велика Британија, Франција, Австрија и Германија, османлиската влада пристапила кон изградба на железници затоа што тие во нив гледале важно средство за стопанско и територијално освојување на османлиската држава и за доминација на Медитеранот. Изградбата на првата железница во Македонија од Солун до Скопје имала мошне големо значење за стопанскиот

[308] Златко Билјановски, Некои податоци за надворешната трговија на Македонија во времето од Кримската до Балканските војни, ГИНИ, бр. 1 – 2, год. VI, Скопје 1962, 197

[309] Ibidem, 198.

[310] Ристо Поплазаров, Op. cit., 18.

развиток на земјата. Нејзините големи предности како брзината, редовноста, безбедноста, можноста за транспортирање на многу стока на прво место ги користела надворешната, а и внатрешната трговија од која најголеми печалби имале западноевропските трговци и индустријалци.

Создадените поволни можности за поефикасен сообраќај придонеле да се развие мошне поволна надворешно – трговска размена, а со тоа да има и засилен продор на странски капитал. До 80-те години на XIX век првенство во ова имал францускиот капитал, но при крајот на XIX век француското предимство било истиснато од британските капиталисти и британскиот капитал бил во значајна мерка ангажиран и во изградбата на меропретпријатијата кои служеле за поефикасно одвивање на трговската размена.[311] Увезената стока од Велика Британија била приближно 1/3 од вкупниот увоз во Македонија. Посебно тоа се одразило врз мануфактурата од британско потекло на која отпаѓало околу 60% од сето увезено количество на таа стока.

## 2. Увозот од Велика Британија во Македонија во периодот од 1875 – 1903 година

За надворешната трговија на Македонија во текот на целиот XIX век карактеристично било тоа што извозот бил поголем од увозот што значи дека таа имала позитивен биланс. Со други зборови кажано тоа значело дека побарувачката на западноевропските производи во Македонија сеуште била помала од побарувачката на македонските суровини на западноевропските пазари.

Во 70-те години на XIX век Велика Британија, Франција, Австро – Унгарија и Италија ги држеле првите четири места во македонската трговија увезувајќи и

[311] Христо Андонов Полјански, Економските аспекти..., 25.

извесувајќи разни количини на производи. Притоа Велика Британија го држела монополот во увоз на железо, бакар, преден памук и индијан.[312]

Странската стока била најмногу распродавана на панаѓурите од кои во Битолскиот вилает најзначајни биле оние во Прилеп, Лерин и Воден. Во Македонија претежно биле внесувани мануфактури од Велика Британија, Австрија, Унгарија, Швајцарија, Германија и Италија и тоа: индиски платна, шамивчиња, свилени, волнени и кашмирски ткаенини. Од Велика Британија се внесувале големи количини на разни предива, индиго, кошинела, стакларија, метали и тоа: челик, бакар, олово, калај, оловна сачма за лов, цинк, потоа големи количини на јаглен, ориз, кожи и разни аптекарски артикли.[313]

Во 1876 година Австрија сеуште го држела првото место во увозот во Македонија, а Велика британија била на второто место. Мануфактурите сеуште го држеле приматот во увозната трговија, а по нив доаѓале: металите, кафето, шеќерот, суровата и обработената кожа, книгите, хартијата. Забележано било намалување на увозот на следниве суровини: шеќер, свеќи, нафта, сапун, бруќа, свила, кожа, железарија, стакларија, машини, хартија, дрогерии, камен јаглен.[314]

Веќе во 1877 година било забележано поместување на местата на првите четири најголеми увознички во Македонија, односно Велика Британија паднала на третото место, а Франција се искачила на второто, додека Австрија сеуште го држела првото место. И оваа година мануфактурите го држеле приматот во увозот и забележано било зголемување на стапката на увоз на оние артикли кои минатата година послабо се увезувале и намалување на увозот на следниве артикли: свила, дрогерии, хемиси производи, бижутерија, часовници, калај, бронза, цинк и олово.

Во 1879 година немало промени во распоредот на земјите кои ги држеле првите места по увоз во Македонија. Оваа година особено бил зголемен увозот на кафе, свеќи, нафта, сапун, бруќа, свила, сирова и обработена кожа, железо,

---

[312] А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 – 1881 година, ГИНИ, бр. 2, год. XVIII, Скопје 1974, 212.

[313] Ibidem, 226.

[314] А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1877 – 1883 година, ГИНИ, бр.1, год. XVI, Скопје 1972, 211 – 212.

железарија, стакларија, книги и хартија, дрогерија, хемиски производи, ткаенини, кошинела[315], ориз, додека дошло до намалување на увозот на: шеќер, шпиритус, јаглен, индиго и метали.[316]

Извештајот на британскиот генерален конзул во Солун, Чарлс Блант, од 30-ти ноември 1882 година содржел значајни податоци за македонската трговија преку солунското пристаниште за периодот од 1879 – 1881 година.[317] Конзулот констатирал пад на британскиот увоз во 1879 година кој се задржал до есента 1880 година кога бил забележан постепен подем, за да веќе во 1881 година увозот на британскиот јаглен особено се зголемил не само во Солун туку и во внатрешноста на Македонија како резултат на зголемената употреба на машините кои работеле на пареа во разни гранки од индустријата. Во прилог конзулот дал листа со најразлични производи од британско или колонијално потекло кои биле увезувани во Македонија преку солунското пристаниште. Од списокот може да се види дека најчесто увезувани артикли биле: кафето, оризот, четките, индустриските производи, крзно, рум, сода, масло, чај, бои, свеќи, бакарен сулфат, железни цефки, тули, индиго, мажини, стакларија, разни ситници, железо, јаглен, бакар, коне, бруќа, црвен графит итн.[318]

Со општото подобрување на сообраќајните врски преку воспоставување на редовни поморски врски на македонските пристаништа со европските и со изградба на железници се создале погодни услови за масовен прилив на европски индустриски стоки во Македонија. Индустриските производи од Европа благодарение на ниските цени и на царинските олеснувања од страна на османлиската држава мошне брзо ги преплавувале македонските пазари. Тие олеснувања кои им ги давала Османлиската Империја, а кои сведочеле за нејзината економска потчинетост на европските земји, јасно се гледале во царинските тарифи и тоа 5% на увезената стока и 12% на стапката на извоз.

---

[315] Кошинела – материјал за бојадисување.

[316] Ibidem, 222.

[317] Британски документи..., т. IV, 560.

[318] Ibidem, 588 – 590.

Така во 80-те години забележително било зголемување на увозот на странските стоки во Македонија за разлика од извозот.

Од извештајот на францускиот конзул во Солун за економската положба на Македонија од 1883 – 1885 година може да се види кои биле артиклите кои ги сочинувале британскиот увоз за овие години. Притоа може да се забележи дека Велика Британија партиципирала во македонскиот увоз со следниве артикли: кашмир, кошинела, мануфактурен памук, бакар во листови, калај, железо и железарија, жица, разни конци, индиго, парни машини, киниеларија (лажици, ножеви, тенџериња, табакери и др.), ткаенини, метали, кожа, разни дрогерии, камен јаглен кој исклучиво се увезувал од Велика Британија, кафе.[319]

Извештаите на француските конзули од Солун за 1887 – 1889 година даваат значајни податоци и за британскиот увоз во овој период. Од нив може да се забележи дека немало промени во британскиот увоз од минатите години кој се состоел претежно од: мануфактурни производи: алишта, басма, лесни ткаенини, кашмир, свила, платно, дрогерии, камен јаглен, индиго, кошинела, метали, кожи.[320]

Во увозната и извозната трговија на Македонија покрај солунското пристаниште од средината на XIX век важна улога играло и пристаништето во Кавала. Преку ова пристаниште југоисточниот дел на Македонија се снабдувал со странски стоки особено од Франција, Велика Британија, Австрија, Грција и малоазиските области на Империјата.

Обемот на надворешната трговија и нејзиното значење за стопанскиот живот на Македонија постојано се зголемувал во последната четвртина на XIX век. Во таа смисла улогата на Солун била значително голема и сите делови на Македонија се снабдувале со странска стока главно преку овој македонски град. Во последните децении на XIX век Велика Британија со своето учество во македонскиот увоз значително ги надминала другите европски земји. Вредноста на внесената стока во Македонија од Велика Британија изнесувала приближно околу

---

319 А.Матковски и П.Ангелакова, Извештајот на францускиот конзул од Солун за економската положба на Македонија од 1883 – 1885 година, ГИНИ, бр. 2, год. XVI, Скопје 1972, 211 – 216.

320 А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун од 1887 – 1889 година, ГИНИ, бр. 3, год. XVI, Скопје 1972, 173 – 191.

една третина од вредноста на вкупниот увоз во Македонија, а мануфактурата од британско потекло заземала околу 60% од сето внесено количество на таква стока.[321]

Мошне интересни податоци за трговијата во Македонија односно во Битолскиот вилает за 1893/1894 година содржи извештајот на Џон Блант, доставен до маркизот од Солзбери, државен секретар за надворешни работи на Велика Британија, на 7-ми јануари 1896 година.[322]

Во склоп на овој извештај следел прилог извештај подготвен од солунскиот конзуларен помошник Фримен за трговијата и трговскиот сообраќај во 1893 и 1894 година. Особено се значајни податоците за извозот од Велика Британија и нивниот увоз во Македонија. Општо речено Велика Британија сеуште била во предност со извозната трговија во однос на другите земји. Околу пет шестини од памучните производи се извезувале од Манчестер и британските производители успешно ги копирале пругастите памучни и во боја шамивчиња кои сé до 1890 година се набавувале од Швајцарија и од другите земји на континентот. Од Велика Британија и од Швајцарија се увезувале и следниве артикли, артиклот „алајас" и памучен штоф за пантолони. Велика Британија сеуште го држела првото место во снабдувањето со памучен конец иако била притисната од силната италијанска конкуренција. Но, Велика Британија го губела водството во извоз на волнени производи, но сеуште постоел надеж за развојот на британската трговија со волнени ткаенини бидејќи побарувачката во Македонија се зголемувала. Извозот на шапки од Велика Британија бил во постојан пораст и покрај поефтините австриски и италијански артикли со послаб квалитет.

Процентот на извезено железо и железни стоки од Велика Британија продолжил да опаѓа и изнесувал нешто повеќе од пет проценти од вкупниот извоз, додека ¾ се увезувале од Белгија.

Поголемиот дел од кафето во Македонија се увезувало од Турција, но поскапиот и подобар производ што се увезувал од Велика Британија ја држел

---

[321] Данчо Зографски, Op. cit., 366.

[322] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о.78/4820.

својата позиција. Забележано било зголемување на потрошувачката на британскиот рум.

Намалениот увоз на некои британски стоки се должело на конкуренцијата на поефтините континентални стоки.[323] Извештајот на Џон Блант во прилог содржел уште еден извештај и тоа на британскиот вицеконзул во Битола, Монахан, со податоци за трговијата во Битола. Во врска со увозот тој информирал дека скоро сите памучни производи освен сученото платно продолжиле да се увезуваат од Велика Британија, а само мали количини од памучни штампани производи се набавувале од Австрија и Швајцарија. И најубавиот и најлошиот вид штоф се увезувале од Велика Британија и тоа вкупниот годишен извоз од британскиот штоф за битолскиот пазар изнесувал околу 500 фунти. Надежите за развојот на британската трговија со штоф во Битола не се оствариле. Белгискиот штоф бил повеќе баран затоа што имал посебен изглед кој не можел да се најде сред британските артикли. Британските железни шипки и британскиот бакар продолжиле да го држат монополот на битолскиот пазар. Големи количини на бруќа се увезувале од Велика Британија и тоа годишниот увоз во 1893 и 1894 година изнесувал околу 300 фунти.[324]

Во поглед на годишниот увоз на железарија од Велика Британија дошло до намалување околу четвртина во 1893 и 1894 година и во меѓувреме ефтините австриски и германски артикли го освоиле пазарот. Британското кафе и хемикалии сеуште предничеле пред австриската, германската и француската конкуренцијаи тоа околу 1/6 од хемикалиите и околу една половина од кафето во 1894 година се набавувале од Велика Британија.

Конзулот информирал дека во тој период немало изгледи за основање на царинарница во Битола и дека трговците почнувале да стапуваат во директна врска со фирмите во Велика Британија и на други места во поголем размер отколку дотогаш. Така на пример памучните производи неодамна биле директно увезени од Манчестер од трговците кои порано ги увезувале преку солунските фирми.

---

[323] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о.78/4820.

[324] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о.78/4820.

Новата железничка линија Солун – Битола која почнала со работа на 15-ти јуни 1894 година[325] ја олеснувала посетата на трговските патници и британските трговци со штоф и железарија кои сега увиделе дека вреди да се посети битолскиот пазар. И покрај очекувањата, Битола не станала главно трговско седиште за сите други центри од вилаетот како што биле Дебар и Прилеп и покрај тоа што дел од увозот што се донесувал до овие места почнал да се добива од Битола наместо од Скопје или директно од солунските фирми како порано.

## 3. Извозот од Македонија во Велика Британија преку солунското пристаниште во периодот од 1875 – 1903 година

Во процесот на претворањето на Османлиската Империја во суровинска база на капиталистичките држави, Македонија стоела на челното место. Земјоделските производи од плодородните македонски полиња биле многу барани од западноевропските трговци и капиталисти затоа што им носеле големи печалби. Од Македонија тие пред сѐ увезувале: волна, памук, тутун, жито, афион, кожи, восок, дрво, олово и железо.[326] Поголемиот дел од македонскиот извоз и увоз се вршел преку солунското пристаниште, а помал дел преку пристаништето во Кавала од каде главно се изнесувал македонскиот тутун и некои други производи. За време на Кримската војна и по неа, македонскиот извоз во странство пред сѐ во Велика Британија, Франција и Австрија растел и сѐ повеќе се одвивал преку Солун кој станал главен стопански центар на Македонија.

Надворешната трговија на Македонија била во рацете на Евреите, Грците, Власите и странските поданици. Во извозот на домашните производи преку солунското пристаниште во 70-те години на XIX век најмногу биле застапени:

---

[325] Изградбата на железничката линија Солун – Битола започнала по 1878 година, а во нејзината изградба големи вложувања внесла германската банка. (Христо андонов Полјански, Економските аспекти..., 26)

[326] А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на италијанските конзули..., 212.

памукот, житото, кожурците, свилата, шајакот, тутунот, пијавиците, вреќите и свиленото семе.[327] Притоа на првото место во извозот на стоки преку солунското пристаниште стоела Велика Британија која од Македонија изнесувала значителни количества на жито, памук, волна, кожи, коски и др.

Османлискиот тутун кој заслужено добил реноме дека поседува најдобар мирис и најсладок вкус всушност бил култивиран во Македонија и Тесалија. Притоа во Македонија бил култивиран во следниве подрачја: Еницe, Драма, Сари Шабан, Правишта.

Во 1878 година Австро – Унгарија консумирала значителен дел од тутунот од Драма и Еницe, а транспортни пратки од извесна важност сепак биле направени и за Русија, Германија, Романија, Велика Британија, Италија, Франција и Египет. Истата оваа година значителни количини на опиум биле изнесени за Велика Британија, Холандија и Франција.[328]

Во 1879 година артикли чиј извоз од Македонија бил зголемен биле: кожурци, маслодајни семиња, копар, овес, кожи, стока, а артикли чиј извоз бил намален биле: волна, сусам, жито, пченка, јачмен, 'рж, пијавици, тутун, памук, крпи и свила. Наредната 1880 година состојбата била следна: артикли чиј извоз се зголемил биле волна, семиња од лен, афион и памук, сусам, пијавици, разноврсни кожи, тутун, а артикли чиј извоз се намалил: жито, јачмен, 'рж, овес, копар, кожурци, стоки.[329]

Извештајот на Чарлс Блант од 30-ти ноември 1882 година за македонската трговија преку солунското пристаниште за периодот од 1879 – 1881 година содржи податоци и за македонскиот извоз. Големи количини на жито, јачмен, пченка, 'рж и овес се извезувале за Велика Британија.

Велика Британија била најголемиот увозник на македонскиот опиум, тутун и афионското семе. Во увозот на кожи од јагниња, овци, кози и јариња, Велика Британија го држела четвртото место после Австрија, Франција и Германија. Во

---

[327] Данчо Зографски, Op. cit., 364 – 365.

[328] А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на италијанските конзули..., 224.

[329] А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун (1877 – 1883)..., 223 – 229.

Македонија во Велика Британија се извезувале големи количини на суви сливи, лешници, орви, бадеми, коски, дрвени кутии, абат и хром.[330]

Извозот во 1883 година од Македонија за Велика Британија го карактеризирале следниве артикли житарици: јачмен, овес, пченка, 'рж, жито, тутун и опиум, а иста била состојбата и за наредните две години.

Според едни податоци за извозот на македонски суровини преку солунското пристаниште за 1888 година може да се забележи дека немало некои значителни промени односно како значајни извозни суровини сеуште биле тутунот, кожите, кожурците, дрвениот јаглен, пченицата, брашното. Притоа најголем извоз на пченица бил направен за Велика Британија, а тоа било случај и со царевката, јачменот и афионот. Во увозот на мануфактурна стока и тутун за оваа година Велика Британија стоела на последното место.[331]

Ако во почетокот и средината на XIX век македонската надворешна трговија ја карактеризирал позитивен биланс, односно извозот бил поголем од увозот, тоа не било случај и за последните децении на XIX век. Поради ниските цени и царинските олеснувања од страна на османлиската држава западноевропските индустриски стоки брзо навлегувале на македонскиот пазар. Од друга страна тоа било придружено со стагнација на земјоделското производство и неговата неспособност да оствари поголеми стокови вишоци или да ја издржи конкуренцијата на странските пазари. Како врв на сето тоа биле и слабите жетви поради периодичните суши кои зачестиле повеќе години по ред.

Веќе споменатиот извештај на Џон Блант испратен до маркизот од Солзбери содржи податоци и за извозната трговија од Битолскиот вилает.[332] Поточно прилогот на солунскиот конзуларен помошник дава податоци за извозот во Солунскиот вилает и тоа за основните извозни артикли. Така на пример, за извозот на тутун тој соопштува дека големите издатоци од капиталот што се среќавале во купопродажбата на тутуновите лисја, трошоците за нивната обработка и ризикот што се сретнувал при купувањето на вредносни хартии кои можеле да бидат

---

[330] Британски документи..., т. IV, 573.

[331] Данчо Зографски, Op. cit., 328.

[332] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о.78/4820.

ставени на располагање во наредната година, биле сериозна пречка во бизнисот со тутун што ја воделе некои големи фирми.

На тој начин две третини од извозната трговија во Македонија бил во рацете на италијанските фирми на браќата Алатини, османлиската Regie Company и унгарската Herzog & Company. Останатата третина била во рацете на многубројните трговци или посредници кои често за да ги извршат нарачките што ги добиле често морале да купуваат од трите гореспоменати фирми.

Жетвата на житариците во 1893 година била доста обилна во споредба со претходната година. Жетвата во 1894 година, пак, била многу побогата, но и покрај успешната жетва во овие две години било забележано опаѓање на извозот на жито и воедно паѓање на цените.

Студеното време на почетокот на 1893 година влијаело врз општиот квалитет на кожите, но и покрај тоа бизнисот бил прилично добар, а цените од претходните години биле задржани. Производството на свилени кожурци било пообилно во 1893/1894 година, но во секоја од овие години само половина од нив се извесувале, а остатокот се чувал како резерва од шпедитерите надевајќи се на идниот пораст на цените. Афионот од Македонија најмногу се извезувал во САД, потоа на пазарот во Лондон и на пазарите во Германија и Франција, но со помала побарувачка. Слабата берба на сено во Велика Британија и во другите места како последица на сушата пролетта и летото придонела за зголемување на побарувачката на овој производ на пазарот во 1893 година.

Од минералите на британскиот пазар имало голема побарувачка на антимон и арсен, а од металите: хром и манган.[333]

[333] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о.78/4820.

## 4. Движењето во пловидбата на британските бродови во солунското пристаниште во периодот од 1875 – 1903 година

Во Османлискиот поморски сообраќај значајна улога играло солунското пристаниште иако сé до последните децении на XIX век тоа не било модерно пристаниште. Дури во 1888 година била дадена концесија за негова изградба која завршила дури во 1901 година.

Во поморскиот сообраќај Солун располагал најпрво со голем број кораби на платно, а по 40-те години на XIX век се зголемила употребата на парабродови. Во втората половина на XIX век Солун се поврзал со сите европски пристаништа, а пловидбата била раководена од странски пловидбени компании, како парабродските друштва на европските земји меѓу кои и британското парабродско друштво „Jonson Line" кое со своите бродови на секои четиринаесет дена се обраќало помеѓу Ливерпул, Пиреј, Солун, Варна, Сулино, Галац и Браила.[334]

Што се однесува до учеството на поморскиот сообраќај во увозната и извозната трговија на Македонија тој станувал позначаен и поголем доколку повеќе се развивала надворешната трговија на Македонија. Ширењето на поморскиот сообраќај се огледало во постојаното зголемување на бројот на бродовите кои ги посетувале македонските пристаништа, а во прв ред солунското пристаниште.

Пловидбата на пристаништето во Солун, вклучувајќи ги пристигнувањата и заминувањата во 1877 година броела 1988 брода чие заедничко пренесување изнесувало 753.551 тон, што во споредба со минатата година дало зголемување од 419 брода и 229.454 тони.[335] Франција не само што го задржала првото место во пловидбата на ова пристаниште туку таа ги надминала и другите флоти и тоа во многу поголеми размери од претходните години. Франција располагала со 293 брода со 162.846 тона, Австрија со 261 брод со 138.116 тони и Велика Британија со 160 брода со 128.206 тони.[336]

---

[334] Данчо Зографски, Op. cit., 316.

[335] А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун (1877 – 1883)..., 218.

[336] Ibidem.

Средна тонажа на бродовите кои го посетувале пристаништето во Солун во 1877 година достигнала 379 тони и во споредба со минатата година достигнала зголемување од 65 тони.

Во 1879 година пловидбата на пристаништето Солун ја достигнало во 1879 година бројката од 2.413 бродови со заеднички превоз од 953.119 тони, што во споредба со минатата година бележело намалување од 413 бродови и 78.274 тони. Средната тонажа на бродовите оваа година била 394 тони и бележела намалување од 28 тони во однос на минатата година. Средната тонажа на бродовите кои доаѓале од Велика Британија во 1878 година била 642 тони, а наредната година 920 тони.[337]

За бројот и тонажата на едрениците и парабродите влезени и излезени од солунското пристаниште за 1879, 1880 и 1881 година податоци содржи извештајот на Џон Блант. Од приложената табела во извештајот може да се види дека вкупната тонажа на британската трговија во солунското пристаниште во 1879 година била 90.782 тони, во 1880 – 98.464 тони, а во 1881 година- 189.758 тони.[338] Меѓу другото тој информирал дека бродовите кои доаѓале во солунското пристаниште од Ливерпул биле сопственост на Wiliam Jonson & Co и дека тие доаѓале сé почесто и според квантитетот на стоката што ја носеле тие работеле добро.

Британските и колонијалните артикли најчесто во Солун биле увезувани со британски бродови, но не исклучиво со нив. Имено, значителни количини на британски производи и стока биле носени до Константинопол, а оттука до Солун биле пренесувани со француски или австро – унгарски параброди. Британските трговски врски со Солун особено биле зголемени во последната декада од XIX век, но сепак останала старата кочница – подиректна и редовна врска со паробродската навигација меѓу Велика Британија и солунското пристаниште. Ниту еден британски трговски брод не доаѓал во солунското пристаниште во потрага по товар за дома, освен оние што биле специјално наменети за трговија со житарици и освен со некои исклучоци сите други продукти како што биле опиумот, волната, кожите, оревите, бадемите, лешниците, сувите сливи, дрвените кутии, абата и др. кои во

---

[337] Ibid., 225 – 226.

[338] Британски документи..., т. IV, 561.

Велика Британија се носеле со странски бродови по заобиколни патишта што пак предизвикало зголемување на давачките и другите трошоци за претоварот.[339] Според тоа воспоставувањето на редовна линија на параброди што би сообраќале еднаш месечно меѓу Лондон, Пиреја, Волос, Солун, Измир и Александрија според мислењето на конзулот би била голема предност за британските трговски интереси во солунското пристаниште.

Понатаму во извештајот конзулот приложил табели со податоци за бројот на влезени и излезени трговски бродови преку солунското пристаниште за 1879, 1880 и 1881 година. Притоа може да се види дека во 1879 година влегле и излегле 12 британски едреници, во 1880 година – 6, а во 1881 година – 4.

Во 1885 година во солунското пристаниште пристигнале 89 брода со вкупна тонажа од 123.749 тони, а во 1886 година влегле 175 брода со вкупна тонажа од 171.260 тони.[340]

Во 1889 година во солунското пристаниште влегле 236 британски брода со тонажа од 252.712 тони.

Во склоп на водечката економска улога на Велика Британија во капиталистичкиот свет, во текот на последната четвртина на XIX век, и со оглед на нејзините можности како најсилна тровско – поморска земја се зголемувал уделот на Велика Британија во поморската трафика на солунското пристаниште.

Веќе при крајот на XIX век започнало опаѓање на поморскиот сообраќај на солунското и на другите македонски пристаништа главно поради тоа што изградените железнички линии во сé поголема мерка партиципирале во стоковниот и патничкиот промет на Македонија.[341] Меѓу факторите кои на еден или друг начин имале негативни последици за развитокот на поморскиот сообраќај спаѓала недоволната техничка опременост на македонските пристаништа, а за илустрација е и фактот што и најголемото македонско пристаниште (солунското) добило свои модерно докови дури по 1902 година кои биле изградени од „Друштвото за експлоатација на солунското пристаниште" кое било формирано во 1897 година врз

[339]Ibidem, 577.

[340] А.Матковски и П.Ангелакова, Извештаи на француските конзули од Солун (1887 – 1889)..., 176.

[341] Данчо Зографски, Op. cit., 322.

основа на концесијата на султанската цивилна листа која подоцна била пренесена на претприемачот Едмонд Бартисол за време од 24 години, а во 1904 година било продолжено траењето на концесијата за 40 години.[342]

Веќе споменатиот прилог извештај на конзуларниот помошник во Солун, Фримен, за трговијата и трговскиот сообраќај во Солунскиот вилает за периодот 1893/1894 година содржи податоци и за бродарството. Имено, вкупната тонажа на бродовите кои од разни земји влегувале во солунското пристаниште, а која се зголемувала од година во година, и во 1892 година достигнала вкупно 943.153 тони, за да во 1893 година доживее намалување на 813.488 тони и 858.161 тон во 1894 година. Дваесет и четири проценти од вкупната тонажа за период од десет години од 1883 до 1892 година и припаѓале на Велика Британија и тоа 22% во 1891 година, 23% во 1892, 25% во 1893 и 26% во 1894 година.

Главниот производ кој се увезувал во Солун со британски параброди бил јагленот чија побарувачка се зголемила од неодамна како последица на развојот на индустриските фирми, особено водоводот и пиварницата, како и на честата и продолжена посета на бродовите на Велика Британија. Големи количества на материјал за железници бил увезен со британски бродови во 1894 година наменети за изградба на новиот железнички јазол кој водел кон Константинопол. Главен извозен артикал со кој се тргувало, а бил транспортиран со британските параброди, била зрнестата храна.

Британското бродарство ја повратило изгубената позиција во 1889 година со прекинувањето на неделните посети на паработродите од Bellcompany од Мала Азија и сега водело примат над францускиот бодарство.[343]

---

[342] Ibidem, 323.

[343] ДАРМ, Фонд Foreign Office, м.ф. – 330, ф.о.78/4820.

# ЗАКЛУЧОК

Добрата местоположба и природните богатства на Македонија го привлекле вниманието на Велика Британија уште од дамнешни времиња. Од првичните хронолошки споменувања и првите контакти на Британците со македонското тло постепено интересот на Велика Британија за ова подрачје сé повеќе се зголемувал.

Значајноста од македонските суровини за нејзината економија била една од главните причини за отворањето на британските конзулати во позначајните македонски центри како Солун, Скопје и Битола. Фактички една од задачите на британските конзули во Македонија била следење на стопанскиот живот во земјата и подобрување и зацврстување на трговските врски меѓу Македонија и Велика Британија. Но, британските конзули во Македонија го следеле и политичкиот живот и реагирале соодветно на политиката на својата земја.

Во текот на целиот XIX век Велика Британија во поглед на надворешната политика водела политика на „сјајна изолација“ и немешање во работите на европскиот континент сé додека не биле директно засегнати нејзините интереси. Во поглед на политиката спрема Османлиската Империја и воопшто на Балканскиот Полуостров водела политика на статус – кво и зачувување на интегритетот на Империјата. Во постоењето на иако слаба Осланлиска Империја таа гледала бариера против рускиот продор на овие простори и нејзино евентуално излегување на „топлите“ мориња (Средоземното и Егејското Море). Тоа би претставувало сериозна закана за британската колонијална експанзија на Блискиот Исток и што било од особено значење за неа осигурувањето на копнените и морските патишта за Индија. Согласно на политиката на зачувување на статус – квото на Балканот, Велика Британија била против националноослободителните движења на поробените балкански народи. Бидејќи во овој период Македонија сеуште била дел од Османлиската Империја и воедно една од најзначајните султански провинции, Велика Британија била и против ослободителните борби на македонскиот народ. Извештаите на британските конзули во Македонија содржеле детални податоци за двете најзначајни појави на националноослободителни движења во Македонија во 70-те години на XIX век, а тоа биле Разловечкото и Кресненското востание. Во

коментарите по повод овие востанија кои ги пишувале британските конзули до својата влада во Лондон тие гледале руска поддршка на македонскиот народ затоа што Русија во овој период била сметана за заштитничка на словенските народи.

На конгресите одржувани во текот на Големата источна криза од 70-те години на XIX век кога се решавало Источното прашање јасна била британската позиција на зачувување на интегритетот на Османлиската Империја.Така на пример по кризата која настанала после бунтот во Босна и Херцеговина во 1875 и османлиско-српската и османлиско- црногорската војна по која дошло и до делумна руска мобилизација британската влада на 4 ноември 1876 година предложила да се соберат делегати на Големите сили во Цариград со цел да се најде излез од кризата.Делегатите се собрале во Цариград и уште истиот ден британскиот министер за надворешни работи Дерби испратил циркуларна нота со која ги определил основите врз кои требало да се водат преговорите а тие биле: независност и територијална целост на Османлиската Империја, статус-кво за Србија и Црна Гора и локална административна автономија за Босна и Херцеговина и Бугарија. Во текот на самата конференција британската влада цврсто стоела на позицијата мисијата на Големите сили да биде само посредничка и дека Велика Британија нема да преземе и да одобри присилни мерки против Портата. Имајќи ја поддршката од Велика Британија, Империјата одбивала да спроведе соодветни реформи и да ја подобри положбата на поробените народи.Британската поддршка ја охрабрувала Портата да ги одбие предлозите и проектите на конференцијата со што конференцијата завршила неславно.

Исто така на Берлинскиот конгрес летото 1878 година со кој се ставил крај на руско-османлиската војна во која руската армија имала победоносен од ,британската дипломатија имала за цел на конференцијата да се намалат колку што е можно повеќе придобивките на Русија стекнати во текот на војната , да се осуети обединувањето на бугарскиот народ и да се ограничи проширувањето на националноослободителното движење и во другите балкански земји.Европскиот дел на Османлиската Империја требало да биде

зачуван и да бидат заштитени британските империјалистички интереси во Босфорот и Дарданелите и во источниот дел на Средоземното Море и

Извештаите на британските конзули во Македонија даваат јасна слика за животот на македонското население и неговата неподнослива состојба под османлиски јарем. Македонскиот народ особено страдал од зулумите на разбојничките претежно албански банди кои често пати освен што го ограбувале и го малтретирале незаштитеното селско население. Тие банди биле резултат на анархијата што ја зафатила Империјата кога централната власт не била доволно моќна да се справи со локалните тирани. Често пати населението се обраќало до британските конзули во Македонија барајќи од нив заштита и интервенција кај локалните османлиски власти. Не често британските конзули ја прифаќале таа улога на заштитници и реагирале кај властите, но се било залудно.

Во своите извештаи британските конзули во Македонија со особено внимание ја следеле состојбата во Македонија на полето на пропагандите на соседните балкански држави. Од извештаите на своите колеги во соседните балкански центри тие дознавале и за тоа каква била политиката на соседните балкански држави спрема Македонија.

Создавањето на Македонската револуционерна организација и нејзините активности не наишле на некое поголемо забележување во извештаите на британските конзули во Македонија поради конспиративноста и тајноста на делото. Но, затоа, пак, британските конзули во соседна Бугарија детално известувале за активностите на тамошната македонска емиграција и за нејзините планови за ослободување на Македонија. Често пати британските конзули во Бугарија биле поврзувани со овие активности и планови, но тие категорично ги демантирале овие клевети пред османлиските власти.

Во услови кога било сѐ поизвесно дека во соседна Бугарија се кроеле планови за вооружено востание во Македонија, британските конзули биле живо заинтересирани за тие планови. Преку доверливи лица тие доаѓале до детални информации за планот и подготовките на престојното востание. За тие сознанија тие алармирале до својата влада во Лондон, а често пати реагирале и кај бугарските власти барајќи од нив да не ги влошува односите со османлиските власти. Сите тие

активности на британската влада биле во согласност со нејзината политика за статус кво и недозволување да дојде до распаѓање на Османлиската Империја и зацврстување на руското влијание на овие простори.

Но, постепено при крајот на XIX век, а особено на почетокот на XX век ќе дојде до промена на оваа британска политика и до нејзино постепено излегување од „сјајната изолација“.

Исплашена од германскиот империјализам и зголемувањето на германското влијание во Османлиската Империја, Велика Британија почнала да прифаќа распаѓање на Османлиската Империја и постоење на самостојни национални држави на Балканот на нејзино место. Така постепено, а и под притисок на британската јавност, Велика Британија почнала да гледа со симпатии кон поробеното население на Балканот, а во тој контекст и кон македонското население.

Во голем дел, сепак, извештаите на британските конзули во Македонија содржеле податоци за економската состојба и тоа особено за состојбата во трговијата. Познато е дека во текот на целиот XIX век и тоа особено по втората половина на XIX век Велика Британија била една од водечките земји која имала голем удел во увозната и извозната трговија во Македонија. Така извештаите на британските конзули во Македонија изобилувале со податоци за увозот на Велика Британија во Македонија, за извозот од Македонија во Велика Британија и за движењето на пловидбата на британските бродови во особено значајното солунско пристаниште. На крајот скоро на секоја година тие пишувале детални извештаи за состојбата во трговијата во Македонија кои ги испраќале до својата влада во Лондон. Дека трговските врски во Македонија биле особено значајни за британските власти сведочело тоа дека заради проширувањето и зацврстувањето на трговските врски меѓу двете земји резултирало со отворање на британски конзуларни претставништва во Македонија на места каде што претходно не постоеле.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## А. НЕОБЈАВЕН АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

1. Државен Архив на Република Македонија, Фонд Министерство за надворешни работи на Велика Британија (Foreign Office), Микрофилмуван архивски материјал: Foreign Office: мф – 4, мф – 26, мф – 28, мф – 30, мф – 31, мф – 155, мф – 159, мф – 160, мф – 161, мф – 162, мф – 165, мф – 166.

## Б. ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

1. Британски документи за историјата на македонскиот народ, том III, Скопје 1982.
2. Британски документи за историјата на македонскиот народ, том IV, Скопје 2003.
3. Британските конзули во Македонија, 1797 – 1915, Документи, Скопје 2002.
4. Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859 – 1918), Скопје 2004.

# В. ЛИТЕРАТУРА


1. Биљановски Златко, Некои податоци за надворешната трговија на Македонија во времето од Кримската војна до Балканските војни, ГИНИ, бр. 1-2, год. VI, Скопје 1960.
2. Виноградов В., Revolxcii politiki status kvo i nacionalnoosloboditelnoe dviжenie na Balkanah v XIX vek, Prъvi meждunaroden kongres po b#lgaristika, Sofi| 23 maj – 9 xni 1981, Dokladi, B#lgarskata dr`ava prez vekovete, t. II, B#lgarия в международните отношения след 1878 г., БАН, София 1982.
3. Геновъ, Г.П., Бъгария и Европа, Санъ – Стефано и Берлинъ 1878, София 1940.
4. Геновъ, Г.П., Международни актови и договори засѣгащи България, София 1940.
5. Гуч, Џ.П. –Јовановић, Ј.М., Дипломатска историја модерне Европе 1878 – 1919, Београд 1933.
6. Димески Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893 – 1903), Скопје 1982.
7. Димитров, С., Манчев, К., История на балканските народи (1879 – 1918), София 1975.
8. Доклетиќ Љубиша, Српско – македонските односи во 19 век, Скопје 1973.
9. Ѓорѓиев Ванчо, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893 – 1903), Скопје 2003.
10. Зографски Данчо, Равитокот на капиталистичките елементи во Македонија, Скопје 1967.
11. История Европы, том V, Москва 2000.
12. Историја на македонскиот народ, том II, Скопје 1969.
13. Историја на македонскиот народ, том III, Скопје 2003.
14. Катарџиев Иван, Кресненското востание 1878, Скопје 1978.
15. Ковачевић Џуровић Иванка, Историја Енглеске, Београд 1979.

16. Лапе Љубен, Друштвено – економске прилике у Македонији у доба босанско – херцеговачког устанка и личност Димитрија Поп Георгиева – Беровског, посебно издање, Сарајево 1977.
17. Матковски, А., Ангелакова, П., Извештаи на италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 – 1881, ГИНИ, бр.2, год. XVIII, Скопје 1974.
18. Матковски, А., Ангелакова, П., Извештаи на француските конзули од Солун и Кавала од 1877 – 1883, ГИНИ, бр.1, год. XVI, Скопје 1972.
19. Матковски, А., Ангелакова, П., Извештајот на францускиот конзул од Солун за економската положба во Македонија од 1883 - 1885, ГИНИ, бр.2, год. XVI, Скопје 1972.
20. Матковски, А., Ангелакова, П., Извештаи на француските конзули од Солун од 1883 - 1889, ГИНИ, бр.3, год. XVI, Скопје 1972.
21. Андонов Полјански Христо, Британски сведоштва за дипломатскиот спор околу прашањето за престојот на Даме Груев и другите македонски младинци во Белград, сп. Историја, Скопје 1981.
22. Андонов Полјански Христо, Економските аспекти во односите на империјалистичките држави кон Македонија и македонското националноослободително движење од крајот на XIX век и почетокот на XX век, ГИНИ, бр.2, год.XVII, Скопје 1973.
23. Андонов Полјански Христо, Кон историјата на трговијата на Битола и Битолско во 1856 година, ГИНИ, бр. 3, год. XVI, Скопје 1972.
24. Андонов Полјански Христо, Македонското прашање, Скопје 1990.
25. Андонов Полјански Христо, Одбрани дела, Мисијата на Вилијам Мартин Лик во Македонија, т. III, Скопје 1981.
26. Андонов Полјански Христо, Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот во Скопје, 15 (1963).
27. Андонов Полјански Христо, Условите и системот на трговската организација во трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на универзитетот во Скопје, 16 (1964).

28. Поплазаров Ристо, Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот (1850 – 1878), Скопје 1978.
29. Поплазаров Ристо, Пропагандната дејност на грчките друштва во Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, бр.2, год. XII, Скопје 1968.
30. Растович Александар, Велика Британија и Србија (1878 – 1889), Београд 2000.
31. Семов Минчо, Великите сили и българската национална драма, София 1991.
32. Силјанов Христо, Ослободителните борби на Македонија, Илинденско востание, том I, Скопје 2003.
33. Стателова Елена, Попов Радослав, Танкова Василка, История на българската дипломация (1879 – 1913), София 1994.
34. Tejlor A.D`. P., Borba za prevlast u Europi (1848 – 1918), Sarajevo 1968.
35. Тодоровски Глигор, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје 1989.
36. Hammer Joseph Von, Historija Turskog (Osmanskog) carstva, tom I, Zagreb 1979.
37. Христов Христо, Освобождението на България и политиката на западните държави (1876 – 1878), София 1968.

# СПИСОК НА ИЛУСТРАЦИИ

**слика 1: Бенџамин Дизраели..............................................................30**

**слика 2: Вилијам Гледстон................................................................45**

**слика 3: Дедо Ињо Малешевски........................................................65**

**слика 4: градот Солун......................................................................125**

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР**.....1

**ВОВЕД**.....3

**ГЛАВА I: ГЕНЕЗА НА БРИТАНСКИОТ ИНТЕРЕС КОН МАКЕДОНИЈА**.....9

**1. Најстарите британско – македонски врски до 1875 година**.....9

***1.1.Политички односи***.....9

***2.2. Економски односи***.....13

**2. Развивање на интересот на Велика Британија кон Македонија**.....17

***2.1. Различни аспекти од интересот на Велика Британија кон Македонија***.....17

***2.2. Отварањето на британски конзулати во Македонија и нивната дејност***.....21

***2.3. Осврт на извештаите на британските конзули во Македонија***.....25

**3. Дипломатските односи на Велика Британија и Османлиската Империја со посебен осврт за Македонија**.....28

***3.1. Британската надворешна политика од 1875 – 1903***.....28

***3.2. Односите на Велика британија со Османлиската Империја во периодот од 1875 – 1903***.....32

**3.2.1.***Односите во текот на Источната криза од 1875 – 1878 година*.....32

3.2.2. *Односите на Велика Британија со Османлиската Империја од завршувањето на Берлинскиот конгрес до крајот на британската „сјајна изолација“*......42

**ГЛАВА II: МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ИСТОЧНАТА КРИЗА(1875 – 1878)**......47

**1. Македонија во политиката на Велика Британија во периодот од Кримската војна (1853 – 1856) до 1875 година**......47

**2. Македонија во политиката на Велика Британија за време на Големата источна криза (1875 – 1878)**......55

**ГЛАВА III: МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ОД ЗАВРШУВАЊЕТО НА БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС ДО СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (1878 – 1893)**......69

**ГЛАВА IV: МАКЕДОНИЈА ВО ПОЛИТИКАТА НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 1893 – 1903 ГОДИНА**......96

**ГЛАВА V: ОДНОСОТ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА СПРЕМА АКТИВНОСТА НА СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 – 1903 ГОДИНА**......117

**ГЛАВА VI: ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ НА МАКЕДОНИЈА СО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 – 1903**......130

**1.Трговската политика на Велика Британија спрема Османлиската Империја со посебен осврт на Македонија**......130

**2. Увозот од Велика Британија во Македонија во периодот од 1875 – 1903 година**......134

**3. Извозот од Македонија во Велика Британија преку солунското пристаниште во периодот од 1875 – 1903 година**......140

**4. Движењето во пловидбата на британските бродови во солунското пристаниште во периодот од 1875 – 1903 година**......144

**ЗАКЛУЧОК**......148

**КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА**......151

**СПИСОК НА ИЛУСТРАЦИИ**......155